**Нашето училиште организира воспитно-образовен процес во кој се испреплетуваат современоста и традицијата,давајќи еднакви можности на сите ученици успешно да зачекорат во мултикултурно и информатичко општество каде ќе дејствуваат како одговорни еко граѓани со високо развиена свест за средината во која живеат!**

***ВИЗИЈА:***

**Работата и организацијата на нашето училиште се темели на мултикултурна соработка и инклузија на сите ученици со цел да создадеме квалитетна и пријатна клима за работа,здрава и чиста средина и континуиран напредок на училиштето!**

## 6. Веќе научено/стекнати искуства

Квалитетот на работата на нашето училиште се темели на стекнатите искуствата од изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. За успешно постигнување на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од следниве релевантни извори:

- Анализи и заклучоци од извештајот од спроведената Самоевалуација за работа на училиштето;
- Развојна програма на училиштето;
- Извештајот од интегралната евалуација на училиштето 2024 година;
- Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;
- Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи;
- Извештаи од реализација на наставните планови и програми; Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници; Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи;
- Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците;
- Примена на ИКТ во наставата;
- Реализација на воннаставни активности, секции и слободни ученички активности преку: програма за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем, проекти за меѓуетничка интеграција во образованието.

Претходните две години стекнавме добри искуства во меѓународна соработка, учествувајќи воЕразмус+ проектшто ќе ни користи за зголемување на учеството на повеќе такви проекти.

Од досегашното искуство, увидите направени во минатогодишниот Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на училиштето (2024/2025) , Самоевалуацијата(2022-2024) и План за развој на училиштето(2023-2027) можат да се истакнат следните поуки:

**Позитивни искуства:**

- Навремено изготвување и донесување на Годишната програма со која се планира целокупната дејност на училиштето;
- Навремено изготвување на годишни, глобални и тематски планирања на наставниците;
- Континуирано изготвување насценарија за работа/оперативни планови;
- Водење педагошка документација во Е-дневник;
- Активно учество на учениците во воннаставни активности;
- Вклученост на сите ученици од различен пол и националност;
- Вклученоста и изработката на проекти води кон добри резултати;
- Тимска работа на наставниците;
- Редовно информирање на родителите за напредокот на учениците и соработка со нив;
- Целосна реализација на дополнителната и додатната настава;

- Изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците;
- Следење на современи текови во образованието;
- Редовно посетување на семинари и други форми на стручно усовршување;
- Добра соработка и вклученост на Советот на родители е предуслов за успешна и квалитетна работа;
- Учество на регионални и државни натпревари на кои учениците имаат освоено бројни награди и солидни резултати;
- Промоција на училиштето преку WEB страна придонесува да се промовира училиштето пред јавноста.

**Негативни искуства:**

- Одреден број на ученици нередовно го посетуваат училиштето и најчесто истите покажуваат послаб успех во учењето;
- Послаба соработка со одреден број на родители ( пред се на ученици кои нередовно доаѓање на училиште и ученици со послаб успех) и покрај тоа што училиштето презема низа на активности со цел подобрување на соработката ( писмени покани до родители, телефонски повици, посета на домот).

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Во утврдувањето на подрачјата на промени и приоритети во предвид се земаат резултатите и сознанијата од програмата за развој на училиштето и самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО и МОН, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи. Констатирана е потребата од промени во следните области вонасоканаподобрувањеиусовршување:

- Поголемавклученостнародителитевоживототиработатанаучилиштето;
- Зајакнувањенакапацитетотнаученичкатазаедница;
- Индивидуалнаработасодецатасо посебни образовни потреби иинклузиранитеуцленицикоиимаатнаодимислењеодстручентим;
- Збогатувањенаучилишнитебиблиотекисолектириистручналитература;
- Набавканановинагледнисредствапотребнизауспешнореализирањенанаставата;
- Подобрувањенаматеријално-техничкитеусловивоучилиштетоиестетскоуредување;
- Справување со сајбер и врсничко насилство.
- Професионален развој и усовршување на наставниот кадар

## Акционен план за учебната 2025/2026 година

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ БР.1 Подобрување на просторно-техничките услови за работа | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗАДАЧА | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕНСКА | НОСИТЕЛИ | НАЧИН НА | ИНСТРУМЕНТИ | ОЧЕКУВАНИ | СЛЕДЕЊЕ |

**Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, Свети Николе, учебна 2025/2026**

| | | РАМКА(МЕСЕЦ) | | СПРОВЕДУВАЊЕ (РЕСУРСИ) | | РЕЗУЛТАТИ | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ | ПОТРЕБЕН БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Реновирање на спортските терени во централното училиште** | Проценка на спортските терените во централното училиште | Септември 2025 | Директор<br>Наставници<br>Активи<br>Комисија за јавни набавки<br>Тим<br>Стручен надзор при градење | Пописни листи<br>Каталози<br>Предлози и идејни решенија<br>Градежна работа; | Пописна листи,<br>ценовници<br>формулари од тимот за проценка<br>Градежни материјали | Увид во расположливите средства и постоечката состојба | Директор,<br>Тим Комисија за јавни набавки | Согласно планот за јавни набавки |
| | Изработка на предлог проект за реновирање на спортските терени | Декември 2025 | | | | Изготвен предлог проект | | |
| | Реализација на проектот | Јуни/јули 2026 | | | | Подобрени просторни услови (модерен терен за ФЗО) | | |
| **2. Набавка на клупи и столови заучениците, замена на застарена дограма(врати)** | Изработка на план за набавки; | Октомври /Ноември 2025 | Директор<br>Наставници Активи<br>Комисија за јавни набавки<br>Тим | Пописни листи<br>Каталози<br>Предлози и идејни решенија | Ценовници<br>Формулари од тимот за проценка | Нови и обновени простории | Директор, Тим Комисија за јавни набавки | Согласно планот за јавни набавки |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ БР 2. Професионален развој на наставниот кадар согласно законските промени** | | | | | | | | |
| **1.Подобрување на квалитетот на наставата со осовременување на нагледните средства и збогатување на училишната библиотека со лектирни изданија за учениците** | Изработка на Годишна програма за професионален развој<br>Набавка на нагледни и едукативнидидактички средства, стручна литератураприрачници | Септември /јуни<br>2025 | Директор<br>Библиотекар<br>Наставници<br>Ученици | Постоечки нагледни средства ,<br>Книжарници Тримакс,<br>Просветно дело, | Листи за следење на воспитно образовниот процес од страна на директор стручна служба и наставници | Зголемена мотивација за учење кај учениците<br>Реализација на квалитетна настава со примена на современи методи и техники<br>Повисок успех кај учениците | Директор,<br>Библиотекар<br>Наставници | Согласно планот за јавни набавки |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.Професионален развој и усовршување на наставниот кадар** | Следење на обуки идентификувани во годишниот план за проф.развој на наставниците и стручната служба<br>Организирање на интерни обуки и нагледни часови | Во текот на целата учебна година | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници | Човечки ресурси,<br>LCD-проектор | Анкетен прашалник<br>Личен план за професионален развој<br>Стручни материјали, презентација | Оспособени наставници со нови знаења и вештини<br>Подобрен квалитет на настава | Директор Стручна служба Тим на наставници | Согласно планот за јавни набавки |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ БР.3 Вклучување на ученички  парламент во креирањето на училиштните политики** | | | | | | | | |
| **1. Формирање на ученички парламент** | Избор на ученички парламент и негови тела<br>Изготвување на програмски активности | Септември 2025 | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Предлози<br>Прашалници<br>Дебати<br>белешки | Хартија<br>Принтер<br>презентација | Развивање на свеста на учениците за демократско учество и право<br>Поголема вклученост на ученичкиот парламент во работатана училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници Ученици | / |
| **2.Учество на ученички парламент во воннаставни активности и преземање на иницијативи за одредени проблематики на учениците** | -Присусутво на состаноците на Наставнички совет, Совет на родители иУчилишен одбор<br>-Вклучување на ученици во одредени комисии<br>-Иницирање на активностии решенија за одредени проблематики | Во текот на целата учебна година | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Библиотекар<br>Родители<br>Ученици<br>Наставници | Разговор со членови на Наставнички совет,Училиштен одбор,Совет на родители,<br>Учество во комисии како што се:<br>-комисии за екскурзија<br>-патронат на училиште,<br>-еко одбор, | Анкета<br>Записници<br>извештаи | Поттикнување на иницијативност кај учениците<br>Промовирање на граѓанските вредности | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Родители<br>Ученици<br>Наставници | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Развивање на свеста за сопствен став и мислење | | | -полуматурска прослава,<br>-ГП на училиштето | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ БР.4 Зајакнување на соработката на училиштето со родителите** | | | | | | | | |
| **1.Зголемено учеството на родителите во воспитно образовниот процес** | Зачестени средби со родители во присуство на ученици<br>Иницирање на поголемо присуство на родители на отворен ден на училиштето | Септември 2025<br>Јуни 2026 | Раководители на паралелките и стручната служба | Советодавно консултативн и разговори,<br>Работни средби | Евидентен лист за остварена средба со родителот | Подобрува ње на успехот и поведението кај учениците<br>Зголемена соработка наставник-родител | Директор Раководители на паралелките и стручната служба | / |
| **2.Вклучување народители Во одбележување на значајни настани** | Директно учество на родителите во организација и реализација на настани | Септември 2025<br>-јуни 2026 | Тим одговорен за одбележување на настанот | Анегдотски белешки<br>Записници | Планирања на активности<br>Записници од состаноци<br>извештаи | Подобрена соработка сп рпдители | Тим одговорен за одбележување на настанот | / |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ БР.4 Поддршка на учениците** | | | | | | | | |
| **1. Унапредување работата на наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби, надарени ученици и ученици со потешкотии во учењето и** | соработка со социјално – загрозени и нефункционални семејства , вклучување на учениците со ПОП и со потешкотии во воннаставни активности,<br>мотивирање на надарените учениците преку промоција на | Септември 2025-јуни 2026 | Директор Педагог Психолог<br>Библиотекар<br>Наставници<br>Тим за инклузија | -Утврдување на досегашниот начин на препознавање ученици со посебни образовни потреби , надарени ученици и ученици со потешкотии во учењето како и талентирани | -Извештаи -Листи за евалуација на обуките -Инструменти за следење на часови -Анализи и евалуација | -Подобрени се компетенциите во работата на наставниците и струните соработници за работа со учениците со посебни образовни потреби, надарени ученици и ученици со потешкотии во учењето и развојот | директор<br>Училишен тим | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **развојот** | резултатите | | | ученици<br>-реализирање на обуки<br>Реализирани воннаставни активности предвидени со програма за работа, солидни резултати од натпревари | | | | |
| **2.Справување со врсничко со акцент на сајбер насилство** | Спроведување на активности, едукативни работилници и дебати за зголемување на свеста за врсничко насилство со акцент на сајбер насилство | Септември 2025-јуни 2026 | Директор, педагог, психолог, родители, ученици, наставници, НВО сектор, Општина Свети Николе,<br>ЦСР - Свети Николе | Анкети<br>Записници<br>Прашалници<br>Анегдотски белешки | флаери, брошури, видео материјали<br>Планирања на активности<br>Записници од состаноци | Подигната свест за насилство, препознавање на насилство, успешно справување со врсничко и сајбер насилство | директор<br>Училишен тим | / |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

Со следењето или формативната евалуација се проверува и утврдува дали акциониот план се остварува и се проценува колку добро се остварува, за да може да се преземат корективни активности штом ќе биде неопходно. Процедурите за следењето вклучуваат: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумите на успех, се нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање проблеми;се дискутира на неформални дискусии или формални разговори со учесниците од училиштето за да се добијат повратни информации за активностите, доцнењата, одложувањата, потребните ресурси, почитувањето на роковите и сл.

**Акционен план за учебната 2025/2026**

| ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритети** | **Критериумизауспех** | **Инструменти** | **Индикаторизауспешност** | **Одговорни за следење** | **Повратна информација** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реновирање на спортските терени во централното училиште** | Подобрување на условите за работа. | Пописна листи;<br>Ценовници ;<br>Формулари од тимот за проценка;<br>Градежни материјали | Подобрени услови за работа;<br>Зголемување на безбедноста на учениците и вработените. | Директор;<br>Тим Комисија за јавни набавки. | Подобрени услови за работа |
| **Набавка на клупи и столови заучениците,замена на застарена дограма(врати)** | Поквалитетна настава, мотивирани наставници и ученици, подобри резултати | Ценовници ;<br>Формулари од тимот за проценка | Поквалитетна настава подобри резултати | Директор;<br>Библиотекар;<br>Педагог ;<br>Психолог;<br>Наставници | Осовременување на наставата во чекор со иновативните промени во наставниот процес |
| **Подобрување на квалитетот на наставата со осовременување на нагледните средства и збогатување на училишната библиотека со лектирни изданија за учениците** | Подобрување на квалитетот на наставата со примена на современи нагледни средства, дидактички материјали, технички помагала;<br><br>Зголемување на интересот кај учениците за користење на лектирни изданија Зголемување на интересот кај наставниците за користење на стручна литература | Инструменти за следење на наставни часови;<br><br>Списоци за потребна литература;<br><br>Список од приоритети и од лектирните и од стручните изданија;<br><br>Евиденција за набавките на лектирни | Мотивирани наставници за примена на нагледни помагала во настава ;<br><br>Зголемување на интересот кај учениците за следење на наставните часови<br><br>Зголемен интерес од страна на учениците за користење на лектирни изданија Зголемен интерес кај наставниците за користење на стручна литература | Директор;<br>Библиотекар;<br>Педагог ;<br>Психолог ;Наставни ци | Осовременување на наставата во чекор со иновативните промени во наставниот процес;<br><br>Бројот на ученици кои користат лектирни изданија е зголемен ;<br><br>Бројот на наставници кои користат стручна литература е зголемен |
| **Професионален развој и усовршување на наставниот кадар** | Зголемена мотивација за учење кај учениците;<br>Реализација на квалитетна настава со примена на современи методи и техники;<br>Подобрување на успехот кај учениците | Листи за следење на воспитно – образовниот процес од страна на директор, стручна служба и наставници | Зголемен број на заинтересирани наставници за професионално усовршување;<br>Имплементирање на стекнатите знаења ;<br>Континуирана анализа и следење на постигнувањата од применетите иновации во воспитно-образовниот процес; | Директор;<br>Стручна служба ;<br>Сите наставници; | Записници од стручни активи;<br>Извештаи;<br>Анализи за успехот и поведението на учениците |
| **Формирање на ученички парламент и изработка на годишна програма за работа** | Формирање на ученичкипарламент;<br><br>Изготвена Програма за работа на ученичкиот парламент | Годишна програма;<br><br>Записници;<br><br>Извештаи | Успешно функционирање на ученичкиот парламент;<br><br>Активно учество на учениците во креирањето на училиштната политика | Директор | Успешно формиран ученички парламент и неговите тела |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество на ученички парламент во воннаставни активности и преземање на иницијативи за одредени проблематики на учениците** | Ангажирани ученици ;<br><br>Поттикнување на иницијативноста и развивање на граѓанската свест | Записници;<br>Извештаи;<br>Листинаучество;<br>Фотографии;<br>Прашалници;<br>Анкети | Поголема вклученост на учениците преку своите претставници во ученичкиот парламент во работата на училиштето;<br><br>Учениците, ги утврдуваат потребите на нивното училиште или заедница и придонесуваат во нивна реализација | Директор | Вклученост на учениците во училиштниот живот |
| **Зголемено учеството на родителите во воспитнообразовниотпроцес** | Директно учество на родителите во воспитно-образовниот процес | Анкети;<br><br>Анализи;<br><br>Извештаи; | Зголемена е присутноста на родителите на родителски средби;Родителите се навреме информирани за постигањата на своите деца, | Директор | Подобрување на соработката со родителите |
| **Вклучување на родителите во одбележување на значајни настани** | Подобрување на  соработката со родители | Анкети;<br><br>Анализи;<br><br>Договор за соработка | Подигната е свеста на родителите за вклучување во училишниот живот, | Директор | Подобрување на соработката со родителите |
| **Унапредување работата на наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби, надарени ученици и ученици со потешкотии во учењето и развојот** | Излегување во пресрет и на различните потреби на учениците преку зголемување на учеството во учењето и во училиштето ;<br><br>Модифицирање на образовните содржини, приоди, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите ученици;<br><br>Рано откривање и мотивирање на надарените и талентирани ученици | - Годишна програма за работа и акционен план на инклузивниот тим ;<br><br>- Протокол за приспособување на наставните програми на децата со ПОП;<br>-Протокол за следење на учеството на учениците со ПОП во наставата;<br>-Процедура за изработка и следење на ИОП;<br>-Листи за опсервација на ученикот на час;<br>-Листи за проценка ученикот на час;<br>-Инструменти за идентификација на надарени и | -Подобрени професионални компетенции кај наставниците за образовна и социјална инклузија;<br><br>поголемо учество во воннаставни активности;<br><br>Развивање на натпреварувачки дух;<br><br>Мотивирани ученици | Директор<br><br>Стручна служба | Подобрување на компетенциите на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;<br><br>Поголеми постигнување и моитвирање на надарените и талентирани ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | талентирани ученици | | | |
| **Справување со врсничко насилство со акцент на сајбер насилство** | Зголемување на свеста за врсничко насилство и справување со насилни ситуации | Бележење, протоколи за набљудување и опсервации;<br>- програма за справување со насилство;<br>Протоколи за спревување со насилство | Зголемена свест за врсничко насилство,справување со него и сајбер насилството. | Директор;<br><br>Стручна служба | Намалено врсничкото насилство |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

Согласно новата Концепција за основно образование, донесена во март 2021 година, беа донесени и нови наставни програми по кои ќе учат учениците во прво и седмо одд. Новиот концепт за основно образование нуди промени во повеќе сфери што се однесуваат на интегрирање на наставата и наставните предмети, на избор на предмети од интерес на ученикот, на учење преку истражување и проекти, намалување на оптовареноста на наставните материјали со фактографски податоци, на прилагодување на наставата кон потребите на сите ученици, на користење на разновидни наставни материјали, на активно учество на учениците во животот на училиштето, на соработка и професионален развој на наставниците и нивно мотивирање со кариерен развој, овозможувајќи на тој начин можност за градење на училиште по мерка на децата.

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.Наставната година ја сочинуваат две полугодија: I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 годинаи завршува на 30декември2025 година. Второто полугодие започнува на 20јануари 2026 година и завршува на10 јуни 2026 година.
Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на31декември 2025година и завршува на 19јануари 2026 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026година. Основните училишта од 11јуни до 19јуни 2026

година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до21август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови. На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите.Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.Во прилог бр. 2на оваа програма се наоѓа календарот за учебната 2025/2026 год.

| **Месеци** | **Неработни денови** |
|---|---|
| **Септември** | 8 Септември - Ден на самостојноста |
| **Октомври** | 11 Октомври - Ден на народното востание<br>23 Октомври - Ден на Македонската револуционерна борба |
| **Декември** | 8 Декември - Св. Климент Охридски |
| **Јануари** | 19 Јануари - Богојавление |
| **Март** | 30 Март - Рамазан Бајрам |
| **Април** | 18 Април– Велики Петок, Петок пред Велигден<br>21 Април– Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар |
| **Мај** | 1 Мај - Ден на трудот<br>4 Мај –Ден на училиштето<br>24 Мај - Св. Свети Кирил и Методиј |
| **Јуни** | 8 Јуни - Духовден |
| **Август** | 2 август- Илинден<br>28 Август- Успение на Пресвета Богородица |

## Еколошки календар

| **I ПОЛУГОДИЕ ,УЧЕБНА 2025/2026** | **II ПОЛУГОДИЕ ,УЧЕБНА 2025/2026** |
|---|---|
| 16 септемвриМеѓународен ден за заштита на озонската обвивка<br>22 септемвриМеѓународен ден без возила<br>04 октомвриСветски ден за заштита на животните<br>08 октомвриМеѓународен ден за намалување на уништувањето на природата<br>15 октомвриСветски ден на пешаците<br>16 октомвриСветски ден на храната<br>08 ноемвриМеѓународен ден на урбаните животни средини<br>29 декемвриМеѓународен ден на биодиверзитетот | 05 мартСветски ден за заштеда на енергија<br>21 мартДен на пролетта кога започнуваат активностите за заштита на околината<br>21-28 мартДенови на пролетта за заштита на околината<br>22 мартСветски ден за заштита на водите<br>17 априлСветски ден на здравјето<br>22 априлСветски ден на планетата Земја<br>15 мајМеѓународен ден за заштита на климата<br>24 мајСветски ден против пушењето<br>05 јуниСветски ден за заштита на околината |

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Реализацијата на наставата е основна форма на воспитно-образовната работа во училиштето. Таа ги опфаќа:

- Настава по задолжителните предмети;
- Настава по изборни предмети;
- Други видови на настава со разновидна дидактичка функција.

Наставата по задолжителните предмети се изведува за сите ученици од I – IX одд. и истата опфаќа содржини од:

- јазикот и литературата;
- математика;
- природните науки;
- општествените науки;
- информатиката и техниката;
- физичкото и здравственото образование;
- уметничкото образование.

Застапеноста на наставните предмети по одделенија и нивните квантитативни износи изразени во седмичен и годишен фонд на часови произлегува од Наставниот план, а целите и содржините од Наставните програмиПоделбата на одделенското раководство и на часовите на наставниот кадар го прави директорот, а мислење дава Наставничкиот совет во училиштето. Оваа распределба се прави пред почетокот на учебната година, во август.
Поделбата на одделенско раководство и на часови на наставниот кадар се дадени како прилог бр.3 на оваа програма.
Распоредот на часовите се изработува од наставници кои се одредени од директорот. Во распоредот се вклучени задолжителните часови, хор и оркестар, дополнителната и додатната настава, секциите, како и распоред за дежурни наставници. Распоредот се истакнува на првиот училишен ден, а до 15.09.2025 година станува официјален и се доставува до ДПИ и е дел од оваа програма како прилог. Распоредот на часовите ќе биде дел од оваа програма како посебен прилог бр.3.1.

## 8.3. Работа во смени

Централното училиште ООУ „Гоце Делчев“, работи во две смени.Еден наставен час трае 40 минути. Часовите за прва смена почнуваат во 7:30 часот и завршуваат најкасно до 13:00 часот, додека часовите на втора смена зпочнуваат во 13:30 часот, а најкасно завршуваат до 18:10 часот. Во подрачните училишта во село Горобинци и село Црнилиште наставата се изведува во една смена. Започнува во 7:30 часот, а завршува најкасно во 13:00 часот, во Горобинци и во Црнилиштево 13:00 часот .

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јаз | Албанскијаз | Турскијаз | Српскијаз | Босанскијаз |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на паралелки | 37 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 450 | / | / | / | / |
| Бр. на наставници | 60 | / | / | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и вонаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација, во согласност со родителот, односно старателот, по добиена согласност од Министерството.Училиштето има ангажирано наставник за реализација на проширената програма.Прилог бр 4.програма за работа на продолжен престој,проширена програма.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Комбинирани паралелки има во подрачното училиште во село Црнилиште, и тоа две паралеки( второ и трето, четврто и петто) кои ги водат наставниците: Адријана Блажевска и Ивана Стојановска. Бројот на учениците кои следат комбинирана настава е 15, од кои во второ и трето се 6 ученици, а во четврто и петто се 9 ученици.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во нашето училиште се изучуваат три странски јазици и тоа: англиски јазик како прв странски јазик, италијански јазик и француски јазик како втори странски јазици.

| | Англиски Јазик | Францускијазик | Италијанскијазик |
|---|---|---|---|
| Бр. на паралелки | 37 | 5 | 11 |
| Број на ученици | 450 | 71 | 137 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Тандем настава по физичко и здравствено образование оваа учебна година ќе реализираат наставниците кои предаваат од прво до петто одделение, заедно со наставници по ФЗО кои што ќе биде дополнително ангажирани во училиштето.

| Тандем наставници при реализација на наставата по физичко и здравствено образование | | |
|---|---|---|
| **Училиште** | **Наставник по ФЗО/одделение** | **Наставници од одделенска настава** |
| Централно училиште | Милан Јорданов(I-1,I-2одделение) | Валентина Ѓорѓиева,Доцка Златева |
| Централно училиште | Милан Јордановски (II-2,3одделение)<br>Викторија Димчева II-1 | Златко Златев,Василка Николова,Ирена К.Богатинова |
| Централно училиште | Викторија Димчева<br>(III-1,2,3одделение) | Весна Јосифова,Дејана Пантазиева,Силвана Доневска |
| Централно училиште | Милан Јордановски ( IV-1,2одделение) | Марија З.Стојчева,Слаѓана Спасова |
| Централно училиште | Викторија Димчева<br>(V-1,2,3одделение) | Емилија Смилкова,Татјана С.Трајчева, Анета Колева |
| ПОУ Горобинци | Милан Јорданов( I одделение)<br>Јорданче Спасов ( II одделение)<br>Јорданчо Трендафилов(III,IV,V одделение) | Катерина Манева,Билјана Мишева,Лилјана Ристовска,Кристина Јовева,Тина Панева |
| ПОУ Црнилиште | Јорданче Спасов | Атанас Саздов,Ивана Стојановска,Адријана Блажева |

## 8.9. Изборна настава

Изборната настава ќе се изведува според наставниот план и програма донесен од МОН. Ваквата настава се организира според резултатите добиени од анкетните листови на учениците, со согласност на родителите кои од предложените изборни предмети сметаат дека се најсоодветни да ги изучуваат наредната учебна година како изборен предмет. Училиштето согласно изјаснувањата на ученците ги организира групите за реализација на изборните програми грижејки се за образовниот минимум при формирање на групите. Оваа настава е задолжителна, а учениците избираат да изучуваат различен изборен предмет.

Подготовкатазаизборнаизборенпредметсеодвива во повеќе етапи односноспоред однапред подготвена процедура:

- изготвувањенаанкетнилистовизаученициродителисопонуденинајмалкутриизборнипредмети,соодветнизаодделението.
- презентирањенапрограмитезапонудените изборнипредметипредродителитенародителскитесредби.
- обработканаподатоцитеодспроведенатаанкетананивонапаралелка
- изготвувањенаизвештајнанивонаучилиштеодстрананастручнитесоработнициинеговопрезентирањена наставничкисовет
- формирањенагрупиоднајмалку15ученициодедноилиповеќеодделенијазаследењенанастава
- информирањенародителитеиучениците заизборнитепредметикоиќебидатзастапени
- изборотнанаставницикоиќеизведуваатнаставапоизборнитепредметисеправивосогласностсонормативитезанаставенкадардаденивонаставните програмиодМОНиБРО.

| Процедуразаизборнаизборнипредметизаучебната2025/2026 година | Времена реализација |
|---|---|
| Прибирање податоци за понудени изборни предмети од наставните планови ипрограмизадеветгодишно основнообразование | април,2025год. |
| Подготвувањенаанкетниливчињазаученициродители | април,2025год. |
| Одржанародителскисредбинакоисепрезентиранипрограми запонудените изборнипредмети | мај,2025год. |

| | |
|---|---|
| Спроведувањеи обработканаанкетаспроведенасоученици,авосогласностсородителизаопределбанаизборенпредмет | јуни,2025год. |
| ПрезентирањенадобиениподатоциоданкетатапредНаставничкисовет | август,2025год. |
| Информирањенаученици родителизарезултати добиениодспроведенаанкетазаизбранитеизборнипредмети | септември,2025год. |

| Изборни предмети за учебната 2025/2026: | | | |
|---|---|---|---|
| **Наставник** | **Предмет** | **Време на реализација** | **Одделение** |
| **Маја Темелкова** | Воспитувањето преку параболите,мудрите изреки и приказните | I полугодие | 7-1,7-2 |
| | Етика во религии | II полугодие | 6-1,6-2 |
| | Готвење | I полугодие | 8-2 |
| | | II полугодие | 8-1 |
| | | II полугодие | 8-3 |
| **Анета Јованчева** | Театар,уметност и емоции | I полугодие | 6-1 |
| | Извидништво | II полугодие | 7-1 |
| **Фросина Ѓорѓиева** | Театар,уметност и емоции | I полугодие | 6-2 |
| | Извидништво | II полугодие | 7-3 |
| **Венцо Димчев** | Спорт | Учебна 2025/2026 | 8-1,8-2 |
| **Тања А.Манева** | Спорт | Учебна 2025/2026 | 7-2,8-3 |
| **Дарко Ефтимовски** | Програмирање | Учебна 2025/2026 | 9-1,9-2,9-3 |
| **Љупче Златев** | Танци и народни ора | Учебна 2025/2026 | 9-г |
| **Кирил Трајчев** | Етика и морал | II полугодие | 6-3,6-г |
| | Етика и морал | I полугодие | 7-3,8-г |
| | Извидништво | II полугодие | 7-г |
| | Театарот, уметност на емоции | I полугодие | 6-3,6-г |
| | Готвење | I полугодие | 7-г |
| | | II полугодие | 8-г |
| **Марија З.Стојчева<br>Слаѓана Спасова<br>Катерина Манева** | Кошарка I полугодие | Математичко- логичко резонирање II полугодие | 4 одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Анета Колева**<br>**Татјана Сетинова Трајчева**<br>**Емилија Смилкова**<br>**Тина Панева** | Театарски работилници I полугодие | Ракомет II полугодие | 5 одделение |
| **Адријана Блажева** | Шах  I полугодие | Ликовно образованиеII полугодие | 4 одделение<br>5 одделение |

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава во нашето училиште ќе се организира според член 31 став (1) за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот. Според истиот член став (2) наставниците ја планира дополнителната настава уште пред почетокот, во август, изготвуваат Годишна програма за дополнителна, а по потреба ја усогласуваат и прилагодуваат согласно со потребите на учениците.

Според член 31 став (3) за потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата. Реализација на дополнителна настава според член 33 став (1) нашето училиште ќе ја реализира и на месечна основа ќе изготвува распоред за дополнителна за секој наставен предмет. Истиот ќе го објави на огласна табла и на својата интернет страница. Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Програма за реализација на дополнителна програма е дадена во прилог бр. 5

**Процедура за реализација на дополнителна настава на ООУ„Гоце Делчев “ – Свети Николе**

| |
|---|
| **1. Наставниците ја планираат дополнителната настава во август,пред поќетоот на новата учебна година( изготвуваат Годишна програма за дополнителна настава по наставни предмети);**<br>**2. Во септември се определуваат ученици за дополнителна настава на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот по секој наставен предмет според член 31 став (1);**<br>**3. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник уредно води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата според член 31 став(3)**<br>**4. Училиштето на месечна основа изготвува распоред за дополнителна за секој наставен предмет според член 33 став (1):** |

**5. Истиот ќе го објави на огласна табла и на својата интернет страница;**
**6. Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот;**
**7. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.**

## 8.11. Додатна настава

Според Законот за основно образование член 32 став (1) додатната настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Според став (2) додатната настава за учениците, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Затоа на почетокот на годината кога ќе се детектираат и идентификуваат учениците кои постигнуваат натпросечни резултати и освен тоа, пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Иднетификација на учениците кои покажуваат зголемен интерес по одделни наставни предмети врши предметниот наставник, училишниот педагог, психолог и другите наставници кои имаат можности да го согледаат интересот на ученик.Според член 33 од законот став 1 училиштето организира на месечна основа распоред и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Програма за реализација на додатна програма е дадена во прилог бр. 5

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Промените во образованието ја нагласуваат работата со талентирани ученици. Категоријата на надарени и талентирани ученици бара повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини и способности.Токму затоа на ваквите ученици според Законот, им се нудат некои од повеќе образовни опции, како што се:порано запишување во училиште, прескокнување на учебни години, работа по напредни наставни програми, овозможен континуиран напредок во нивните редовни паралелки.

Идентификацијата на овие ученици најчесто го прават наставниците, но и родителите и врсниците, а понекогаш се користи и самопроценувањето на учениците. Во нашето училиште се користи Методот на проценување на развиеноста на релевантните особини и тоа најчесто од страна на наставниците. Успехот постигнат во совладувањето на наставниот материјал, креативноста и мотивираноста на часот, се едни од главните критериуми во препознавањето на надарените ученици. Тие се истакнуваат со своите квалитети во однос на другите ученици и со нив наставниците работат на часовите по додатна настава каде ги развиваат нивните потенцијали и ги задоволуваат нивните потреби за интелектуална надоградба. Овие ученици учествуваат на разни конкурси, натпревари и меѓународни олимпијади.

Секое дете заслужува грижа од општеството, па така и надареното, кое се смета за дете со посебни потреби заради своите натпросечни способности и специфичните воспитно-образовни и сите други потреби. Врз основа на идентификација на надарените ученици, училиштето ќе изготви Индивидуализирани програми за надарени и талентирани ученици и истите ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручните соработници. И оваа учебна година целиот овој процес полесно ќе се реализира бидејќи училиштето има вработено стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор, кој најдобро ја познава областа за работа со оваа категорија на ученици.

Програма за активности за унапредување на работата со надарени и талентирани ученици е даденаво прилог бр.7од оваа програма.

| Акциски план за работа со надарени и талентирани ученици за учебна 2025/2026 год | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **активности** | **Време** | **носители** | **инструменти** | **очекувани резултати** | **Одговорни** |
| Идентификација на талентирани и надарени ученици | Евидентирање на надарените ученици преку прашалници , разговори и тестови | Септември 2025 | Избрани ученици | Евидентирање на надарените ученици преку прашалници , разговори и тестови | Правилен избор на надарени и талентирани ученици | Наставниц ите по наставните предмети и психологот |
| Вклучување на талентирани те и надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности | Примена на современи наставни методи и форми-избор на задачи, материјали, дополнителн а литература за развивање на интересите и талентирано станадареноста на овие ученици | Во текот на целата учебна година | Избрани ученици | Примена на современи наставни методи и форми-избор на задачи, материјали, дополнителн а литература за развивање на интересите и талентирано станадареноста на овие ученици | Надарените и талентиранит е ученици се вклучени во додатна настава и воннаставни активности | Наставниц ите по наставните предмети |
| Следење на индивидуалн ите постигања на талентирани те и надарените учениците | Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето<br><br>Анализа на постигањата на талентиранит е и надарените ученици од работата во воннаставнит е ученички активности и додатна настава | Во текот на целата учебна година | Избрани те ученици | Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето. Анализа на постигањата на талентиранит е и надарените ученици од работата во воннаставнит е ученички активности и додатна настава | Се следи континуиран иот напредок на талентиранит е и надарените учениците и се даваат насоки за понатамошен напредок | Наставниц ите по наставните предмети |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со талентирани и надарените ученици | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијат а на програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Мај 2026 | Избрани ученици | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијат а на програмата за работа со талентирани и надарени ученици. Изготвување на стратегија за понатамошна работа | Се очекува талентиранит е и надарените учениците да постигнат одлични резултати на соодветните натпревари | Наставници по наставните предмети и психологот |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Директорот на училиштето со одлука има формирано Училишниот инклузивен тим според член 16 од Законот и се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Формиран е инклузивен тим за ученици, којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот

текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од овој закон. Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа:

***1.Драгана Монева–специјален едукатор и рехабилитатор-дефектолог***
***2.Олгица Стојкова – психолог***
***3.Гордана Панева – наставник од предметна настава***
***4.Весна Јосифова– наставник од одделенска настава***
***5.Анѓела Димитриевска – родител***
***6.Марија Лазарова – родител***
***7.Сузана Дерменџиева – директор***

Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.За учениците со посебни образовни потреби за кои родителите донеле соодветна потврда од соодветна институција за нивната попреченост,на почетокот од учебната година тимски се изработуваат индивидуализирани образовни програми. Во изработката на истите учествуваат стручните соработници заедно со наставниците кои работат со тие ученици (инклузивен тим за ученикот). Овие програми се реализираат истовремено со редовните програми и во дополнителната настава, а воглавно ги реализираат наставниците со консултации со стручната служба. Со дел од учениците во текот на учебната година може да работат и образовни асистенти доколку општината го овозможи тоа. Во нашето училиште оваа учебна година иматројца ученици со кои ќе се работи по индивидуализиран образовен план.Со останатите ученици кои немаат таков документ, а кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава. Со овие ученици работи индивидуализирандефектолог, со поддршка на педагогот и психологот. Дел од активностите за работа со овие ученици се во програмите за работа на стручните соработници. Програмата за работа на инклузивниот тим во училиштето е дел од оваа програма како прилог бр1.12и програма за откривање и грижа на ученици со потешкотии , прилог бр.1.12.1.

**Акциски план за работа на инклузивниот тим за учебната 2025/2026**

| Задача | Активност | Време на реализација | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Операционализација на политикатаза работа со ученици со посебни образовни потреби и емоционални потешкотии** | Изработка на годишна програма за работа и акционен план | Август | УИТ | Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето | формулар за ИОП | Во програмите за работа се вклучени активности за инклузивно образование | Член од УИТ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на ученици со ПОП** | Разговори со наставници и раководител, идентификување на учениците со ПОП | Септември | Наставници УИТ | Дијалог, процедура за следење и изработка на ИОП, упатување на учениците во соодветни институции. | формулар за ИОП | Евиденција на ученици со посебни образовни потреби и изградена соодветна стратегија за работа со нив | УИТ |
| **Изготвување на индивидуален образовен план** | *Ревидирање на ИОП (форма, содржина...)<br>*Изготвување на ИОП (долгорочен, среднорочен, дневно планирање на диференцирани цели) | Континуирано | Наставници, стручни соработници родители | *Годишна програма за соодветното одделение Инклузивен тим на ученикот | формулар за ИОП | Успешно прилагодена наставната програма за учениците со ПП. | УИТ |
| **Континуирана поддршка на учениците со ПОП** | *Консултативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители<br>*Советодавноконсултативна работа со учениците со емоционални потешкотии и посебни потреби | Во тек на учебната година | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители , родители, ученици | Консултативносоветодавна работа, социјални работници, ЦСР | Досие на ученик со ПП | *Подобрување на постигањата<br>*Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br>*Зајакнување на родителските вештини и капацитети | УИТ |
| **Следење на активностите и постигањата на учениците со ПОП** | *Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците со ПОП<br>*Ревидирање на ИОП | Полугодие Крај на учебна година | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители | Евидентни листови за оценување | евидентен лист за следење на учениците сред. ИОП | *Процена на постигањата<br>*Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности | УИТ |
| **Обезбедување поддршка од соучениците** | Советодавно-консултативни разговори со одделенските наставници и раководители со одделението, родителите | Во тек на учебната година | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители предметни наставници, родители, ученици | Консултативносоветодавна работа. | Досие на ученик со ПП | Подобрување на постигањата и на социјализацијата на ученици со ПОП | УИТ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП** | *Разговори со учениците<br>*Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | ноември | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители , предметни наставници, родители | Консултативносоветодавна работа | | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици | УИТ |
| **Подобрување на инклузивната практика** | Инструктивна работа со наставници | Во тек на учебната година | Стручни соработници наставници | Консултативносоветодавна работа | | Постигање на планираните цели во воспитно образовниот процес на децата со посебни потреби. | УИТ |
| **Поттикнување на свеста на учениците и наставниците за лицата со попреченост.** | *Одбележување на 3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потрени<br>*Одбележување на 26 март – Меѓународен ден на лицата со епилепсија<br>* Одбележување на 21 март – ден на лицата со даунов синдром | Декември 2025<br><br>Март 2026 | Тимот за инклузија, наставници, родители, ученици | | Работилници Културни активности. | Подобрување на прифатеноста на лицата со попреченост во секојдневниот живот. | УИТ |

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето нема обезбедено туторска поддршка за ученици по одделни предмети, од страна на Министерствотоза образование, а која би ја извршувале студенти или волонтери.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во училиштето нема обезбедено образовен медијатор за учениците- Роми од страна на Министерството

# 9. Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштата се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Изборот на воннаставните активности во коишто ученикот самостојно ќе се вклучи надвор од редовната настава, нему му нуди можност за развивање интереси што редовната настава не ги опфаќа или само делумно ги опфаќа. Особено е значајно воннаставните активности да ги развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или, само делумно се покриени со наставните програми, а се во согласност со Националните стандарди кои треба да ги постигнат учениците до крајот на основното образование.
Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се организираат согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование. Согласно Програмата на училиштето, а во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности. Тие се прилагодени на индивидуалните потреби на ученици и со разлики меѓу секој ученик, со цел секој да има можност да ги пронајде и развива своите потенцијали, знаења и способности. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.Училиштето реализираа воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

**1.Краткотрајни воннаставни активности :**

- излети и екскурзии ,
- еднократни работилници ,
- акции во училиштето или во заедницата
- 

**2. Подолготрајни воннаставни активности :**

- секции/клубови

## Акциски план закраткотрајни воннаставни активностиза учебната 2025 /2026

| Задачи | содржини и активности | реализатор | време | очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Креирање на политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето** | Формирање на тим за општествено-хуманитарна работа<br>-Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Стручни соработници<br>Наставници<br>Одд.раководители | Август 2025 | Успешна реализација на планираните активности |
| **Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства** | Соработка со релевантни институции (Центар за Социјални работи, , Црвениот Крст -Свети Николе, Организација на жени -Свети Николе | Стручни соработници<br>Наставници<br>Одд.раководители | Септември 2025 | Преглед и евиденција на учениците од соц. загрозените семејства |
| **Поддршка на учениците од социјално загрозените семејства** | -Организирање хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства | Директор<br>Наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | тековно | Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вклучување на вработените и учениците во активностите за одржување и уредување на училиштето и училишниот двор** | -Садење садници и цвеќиња<br>-Отстранување на сметот<br>-Собирање стара хартија, пластика. | Директор<br>Наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | тековно | Развивање на еколошката свест и чувство на одговорност |
| **Вклучување на локалната заедница,стопанските и производствени субјекти и родителите на учениците** | Учество на локалната заедница, бизнис секторот и родителите во активностите од оштествен и хуманитарен карактер | Директор<br>Наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | тековно | Развиено чувство за одговорност и солидарност<br>Почитување на општ.сопственост |
| **Одбележување на значајни настани, празници и јубилеи и организирање хуманитарни акции** | Организирање манифестации , хепенинзи, базари,едукативни работилници, трибини, дебати и сл. | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>Ученици | тековно | Развиена свест за значењето на општествено хуманитарната работа |

## 9.1. Училиштен спортски клуб

Училиштниот спортски клуб „Млади Овчеполци“е основан на 27.01.2015 година во Свети Николе од страна на предметните наставници по ФЗО,согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт со цел развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на сите учениците во училиштето.
Одговорни за неговото функционирање се предметните наставници по ФЗО:Венцо Димчев,Тања Манева Ангеловска и Јорданчо Трендафилов.Претседател на Спортскиот клуб „Млади Овчеполци“ при ООУ „Гоце Делчев“-Свети Николе е наставникот по физичко образование Венцо Димчев.

**Целите на Училишниот спортски клуб се :**

1.Развивање насекојдневните навики за спортска активност кај учениците.
2. Развивање накондиционите и кординационите способности.
3.Негување на хигиенски навики
4. Напредување на спортскиот талент нанадарените ученици.
5. Развивање на хумани меѓучовечки односи и натпреварувачки дух.

Во нашето училиште во рамките на Училилишниот спортски клуб се застапени следниве спортови:футсал,фудбал,одбојка,кошарка,ракомет и шах (женски и машки).Директорот на училиштето и Општина Свети Николеја следи работата на клубот и постојано се набавуваат нови спортски реквизити и опрема за учениците која им е потребна за вежбање и турнири кои се организираат согласно Програмата за натпревари за 2025/26 год.

### Програма за работа на СК Млади Овчеполци-Свети Николе

| Планирани активности | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1.Изработка на Програма и план за работа на Училиштниот спортски клуб** | Август 2025 | Наставници по ФЗО |
| **2.Состаноци со одговорните за водење на клубот** | Во текот на учебната 2025/26 год. | Наставници по ФЗО |
| **3.Изработка на анкетни листови за ученици ,нивно доставување и изработка на списоци на ученици членови на спортскиот клуб** | Август 2025 | Наставници по ФЗО |
| **4.Промоција на Програмата на работата на Училишниот клуб пред учениците,договор на термините зработа,Правилникот за однесување во спортската сала.** | Септември 2025 | Наставници по ФЗО |
| **5.Формирање на Тимови на ученици-футсал,одбојка и др.** | Септември 2025 | Наставници по ФЗО |
| **6.Одржување на редовни тренинзи согласно утврдената динамика на работа<br>Следење на работата на клубот** | Во текот на учебната 2025/26 год. | Наставници по ФЗО |
| **7.Одржување и Учество на училишни,општински,регионални натпревари,хуманитарни турнири согласно Програмата за натпревари ,по повод Денот на училиштето и др.поводи.** | Во текот на учебната 2025/26год. | Наставници по ФЗО |
| **8.Соработка со др.институции и<br>училишта во Општина Свети Николе ,ФФМ и др.** | Во текот на учебната 2025/26год. | Преставници на институциите;<br>Наставници по ФЗО |
| **9.Учество и реализција на проекти –Фудбал во училиште.** | Во текот на учебната 2025/26год. | Преставници на институциите;<br>Наставници по ФЗО |
| **10.Организирање на спортски хуманитарни натпревари – собирање на донации .** | Во текот на учебната 2025/26год. | Директор;<br>Соработници од училиштата;<br>Преставници на институциите;<br>Наставници по ФЗО |
| **11.Организирање на работилници,дискусии на теми:<br>-дискусии за здрава храна и здрав начин на живот преку спортски активности.<br>-развивање на култура за ненасилно однесување во спортот и др.** | Во текот на учебната 2025/26год. | Директор;<br>Родители ;<br>Преставници на институциите;<br>Наставници по ФЗО |
| **12.Набавка и прибирање на донација од Општина Свети Николе,проекти и др.** | Во текот на учебната2025/26 год. | Преставници на општината;<br>Донатори;<br>Наставници по ФЗО |
| **13.Посета на зимско рекреативен центар,базен,лизгалиште** | За време на зимски распуст | Наставници по ФЗО |
| **14.Евалуација на реализацијата на активностите и изработка на Годишен извештај за работата на клубот.** | Јуни 2026 год. | Наставници по ФЗО |

## 9.2. Секции/Клубови

Секциите формирани во нашето училиште реализираат подолготрајни вонnаставни активности еднаш неделно, во текот на едно полугодие или на цела учебна година. Секцијата се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка , во различни паралелки од иста година, или во различни години во рамки на ист возрасен циклус. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.Во училиштето работат:

1.Секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети,

2. Секции за поддршка на други вонnаставни интереси на учениците

3. Секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците

4. Спортско-рекреативни секции

Училиштето, преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале во следната учебна година. Анкетата е наменета за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. Анкетата вклучува понуда од која треба да се врши изборот.Врз основа на резултатите од анкетата училиштето ги определува наставниците кои ќе бидат одговорни за реализација на избраните секции. Изборот на наставниците се прави преку активите на наставниците и на Наставничкиот совет, врз основа на распоредот на агажираноста на секој одделен наставник во наставните активности .Одговорните наставници се самостојни реализатори на вонnаставната активност или истата ја реализираат тимски со свои колеги или со родители волонтери.

Програмите за секциите кои работат во училиштето се во прилог бр.8

## А.Секции за проширување-продлабочување на наставните предмети/области

| Секции/ Клубови | Општи цели | Одговорен наставник | Временска рамка | Опфатеност на ученици | Потребни ресурси | Процедура | надворешни соработници и претставник од Советот на родители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Литературна** | Учениците да се стекнат со продлабочени знаења од областа на литературата, стекнување вештини за самостојно пишување литературни творби | Ивана Јордановска<br>Елена Иванова | 36 часа | 6-9 одд | Збирка поезија, сите литературни изданија што се во училишната библиотека и литература понудена од наставникот. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Учество на литературни кункурси по повод Патрониот празник и други поводи,пишување на творби,месец на книгата. | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |
| **Рецитаторска** | Учениците да се стекнат со продлабочени знаења од областа на литературата,да развиваат ораторски вештини и правилен изговор | Гордана Панева<br>Симона Сандева | 36 часа | 6-9 одд | Збирка поезија, сите литературни изданија што се во училишната библиотека и литература понудена од наставникот. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Учество на литературни кункурси по повод Патрониот празник и други поводи. | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Библиотекарска** | Да се развива, да се насочува кон истражувачка активност во рамките на литертурата и други области | Биљана Санева | 36 часа | 6-9 одд | Збирка поезија, сите литературни изданија што се во училишната библиотека и литература понудена од наставникот. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Учество на литературни кункурси по повод Патрониот празник и други поводи,драмско читање. | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |
| **Новинарска** | Да се развива, да се насочува кон истражувачка активност во рамките на новинарството и други области | Биљана Санева Симона Сандева | 36 часа | 8-9 | интернет,лаптоп,весник,списание | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Издавање на училишен весник ,,Виножито,,посета на телевизија,интервју,колумна,статија. | Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“,печатница,книжара,тв Свет |
| **Математичка** | Развивање на математичко-логички способности кај учениците кои покажуваат интерес за решавање на математички проблеми | Билјана Лазарова Марија Димова | 36 часа | 4-9 | Дополнителна литература:нумерус,вежбанки,прирачници,интернет вежби | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма.Математички квиз,изработка на постери,одбележување на Пи денот,подготовки за натпревари. | Математички сојуз |
| **Географска** | Да се усвојуваат содржини преку истражување и да се применат истите при изработка на презентации, плакати, квизови | Валентина Ѓорѓиева Благој Јаначков | 36 часа | 4-9 | Интернет,текстови слики, дополнителна литература, содветни институции,постери | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма.Посета на планетариум,метеоролошка станица. | Сојуз на географичари |
| **Историска** | Учениците да се стекнат со знаења , вештини и ставови/вредности определени со националните стандарди за основно образование | Даниела Манева Зорица Коцева | 36 часа | 6-9 | Интернет,текстови слики, дополнителна литература, содветни институции:музеј, цркви. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма.Посета на локалитети,музеи. | Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети Николе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ Била зора,Музеј на град Свети Николе |
| **Млади физичари** | Да се прошират знаењата од областа на физиката, да се стекнува знаење преку истражувачка и проектна работа | Елеонора Арсевска | 36 часа | 8-9 | Дополнителна литература по физика,соодветни нагледни средства,смарт табли. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Подговтовка за натпревари,продлабочување на знаење преку експерименти | Сојуз на физичари |
| **Биолошко-** | Развивање љубов кон | Татјана К.Панева | 36 часа | 1-9 | Пластични садови, | Запознавање со програмата и реализација | Сојуз на биолози |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **еколошка** | природата и развивање свест за чување и истражување на животната средина | Светлана Алексовска | | | семиња,млади садници и расади и Еко списанија . | на содржините според дадената програма. Реализација на еко активности,обележување на Ден на пролетта и Денот на екологијата | |
| **Секција за странски јазици** | Да се научат јазичните концепти и појави, да се подигне свеста за разноликоста на културите, толеранцијата, отвореноста, љубопитноста, хуманите вредности во писмена и усна смисла | Фросина Ѓорѓиева Анета Јованчева Деспина Гаврилова Маја Илкова Слаѓана Лазарова Дијана Тосева | 36 часа | 4-9 | Збирка поезија, сите литературни изданија што се во училишната библиотека и литература понудена од наставникот,филмови ,песни | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Учество на литературни конкурси по повод Патрониот празник и други поводи,клуб на читачи-reading club,подготовка за натпревари | Француски институт Британски центар |
| **Млади хемичари** | Да се  прошират знаењата од областа на физиката, да се поврзе теоријата со природните реалните појави и да се стекнува знаење преку истражувачка и проектна работа | Катерина Величкова | 36 часа | 8-9 | Дополнителна литература по хемија,соодветни нагледни средства,смарт табли | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. | Сојуз на хемичари |

Б.**Секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците**

| **Секции/ клубови** | **Општи цели** | **Одговорен наставник** | **Временска рамка** | **Опфатеност на ученици** | **Потребни ресурси** | **Процедура** | **надворешни соработници и претставник од Советот на родители** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Драмска секција** | Да се развиваат дикциски способности,збогат ување на лексичкиот фонд на зборови, збогатување на авторски дела. | Група наставници од одделенска и предметна настава | 36 часа | 1-9 одд | Литературни изданија од македонски автори, литература од библиотека, драмски текстови | Запознавање со програмата и реализација на содржините според програма. Учество на приредби, новогодишни претстави, настапи на тв медиуми по повод Патрониот празник и други поводи. | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |
| **Танцување** | Да се продлабочат знаењата и вештините од областа натанцот, да се развие кај учениците | Тања М. Ангеловска Група наставници од | 36 часа | 1-9 | Цд плеер,интернет,лапто п,костимографија,рек визити | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Учество на приредби и други поводи. | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети НИколе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | љубов и талент за сценската уметност, движењата, импровизацијата | одделенска и предметна настава | | | | | |

## В.Секции за поддршка на личниот и на социјалниот и насоцијалниот развој на учениците

| Секции/ клубови | Општи цели | Одговорен наставник | Временска рамка | Опфатеност на ученици | Потребни ресурси | Процедура | надворешни соработници и претставник од Советот на родители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мултикултура** | Да се развиваат дикциски способности,збогат ување на културни знаење,истражувања,пату вање | Зорица Коцева Маја Темелкова | 36 часа | 2-9 одд | Списанија,весници,ел ектронски содржини-текстови,видео содржини | Запознавање со програмата и реализација на содржините според програма. Учество на видео разговори,учество во работилници,собирање податоци за др. култури | МТВ,Градска библиотека „Гоце Делчев“-Свети Николе.Дом на култура „Крсте Мисирков“ |
| **Разрешување конфликти** | Да се развива, да се насочува кон разрешување на конфликти и справување со истите. | Олгица Стојкова Зорица Ефремова | 36 часа | 1-9 | интернет,лаптоп,през ентации,флаери,виде о содржини. | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Симулација на конфликтна ситуација и наоѓање начини за справување,работилница. | печатница,книжара,тв Свет,полициска станица-МВР ,Свети Николе,невладини организации-ОЖВ-Свети Николе |

## Г.Спортско рекреативни секции

| Секции/ клубови | Општи цели | Одговорен наставник | Временска рамка | Опфатеност на ученици | Потребни ресурси | Процедура | надворешни соработници и претставник од Советот на родители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Фудбал** | Развој на: мускулната и манипулативната моторика, на прецизност | Венцо Димчев | 36 часа | 4-9 | топки, игралиште,спортска сала | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Организирање на турнир,тренинзи. | Федерација за млади и спорт,ТВ Свет |
| **Велосипед-изам** | Развој на: мускулната и манипулативната моторика, на прецизност | Јорданчо Трендафилов | 36 часа | 5-9 | Велосипед,кацига, штитници, чунови | Запознавање со програмата и реализација на содржините според дадената програма. Одбележување на Светскиот ден на велосипедот,трка,спортски игри | Федерација за млади и спорт,ТВ Свет |

## 9.3 Акции

Акциите се вонннаставни активности кои можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Тие се организираат во самото училиште (во една паралелка, група ученици од една година/одделение или учествуваат ученици од целото училиште). Некои акции се насочени и кон заедницата и опфаќаат активности што се реализираат надвор од училиштето, а во некои акции се вклучуваат и други надворешни лица.
Нашето училиште организира општествено значајни и хуманитарни акции во кои активно учество земаат учениците, наставниците, Еко одборот, родителите и пошироката заедница. Општествено хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато. Училиштето планира реализација на хуманитарни собирни акции,уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) ,пошумување на голи места во околината,прослави и одбележувања на значајни датуми, историски часови.Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани и во соработка со ученичкиот парламент , Црвен крст, Училишен одбор и Совет на родители,општина Свети Николе, како и Славјански универзитет,Дом на култура „Крсте Мисирков“,надворешни организации и .т.н.
Прилог бр.9Програма за воннаставни активности а во прилог бр.10 програма за општествено хуманитарни активности

### План за реализација на акции во учебната 2025/2026

| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | АКТИВНОСТ-РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|
| **Септември** | ➢ Приредбапоповодпрвиот училишен ден: актив од 5одд<br>➢ 14 септември-Ден на ослободување на Свети Николе(ликовен конкурс) :библиотекар<br>➢ 16 септември –Ден на заштита на озонската обвивка-Валентина Ѓорѓиева,Светлана Алексовска и Татијана П.Крстева<br>➢ 21 септември-Ден на европските јазици:Наставници по странски јазици и по македонски јазик<br>➢ 22 септември ден без автомобили и шаховски турнир :наставници по ФЗО,Стручна служба,училиштен парламент |
| **Октомври** | ➢ 5 октомври-ден на учителот:библиотекар,училиштен парламент<br>➢ 7-11 октомври активностипоповодприемотнапрвачињатавоДетскатасветскаОрганизација :работилници,куклена претстава, хуманитарна акција на облека и ученички прибор:одделнска настава и наставници по македонски јазик<br>➢ 15 октомври-симулација за спасување при природни непогоди(одбележување на денот на пешаците)<br>➢ 16 октомври-светски ден нахраната :наставници,стручна служба,ученици,родители<br>➢ 20 октомври-светски ден против пушењето :стручна служба |
| **Ноември** | ➢ Активностинатема,,Борбапротивболестиназависност“: стручна служба<br>➢ 1-15 ноември активности по повод Месец на книгата :библиотекар ,наставници по македонски јазик<br>➢ 20 Ноември- одбележување на Светскиот ден на детето : одделенска настава |
| **Декември** | ➢ 3 декември-одбележување на меѓународен ден на лица со посебни потреби :стручна служба<br>➢ Активности по повод Св.Никола :хуманитарна акција во храна и облека<br>➢ ПриредбапоповодНовагодина:актив на 3 одд,4 одд,7 одд,наставници по музичко образование и ликовно образование. |
| **Јануари** | ➢ 31 јануари- светски ден без тутун(пушење):стручна служба |

| | |
|---|---|
| **Февруари** | ➢ 4 февруари-одбележување на роденденот на Гоце Делчев :Зорица Коцева<br>➢ 21 февруари-одбележување на светстки ден на мајчиниот јазик :библиотекар |
| **Март** | ➢ 5 март-Активности по повод ден на заштеда на енергија:наставник по физика<br>➢ 8 март Активностипоповодмеѓународен ден на жената-работилници :одделенска настава<br>➢ 21 март-активности по повод ден на екологија и пролетта :хортикултурно уредување<br>➢ 22 март- активности по повод ден на заштеда на вода :наставник по хемија |
| **Април** | ➢ 1 април-активностипоповододбележувањетона ден на шегата :наставници од одделенска настава во соработка со локална самоуправа<br>➢ 7 април-одбележување на светски ден на здравјето с:тручна служба<br>➢ 22 април-активности по повод ден на планетата Земја :еко одбор<br>➢ Активности по повод христијанскиот празник Велигден:наставник по етика во религиите |
| **Мај** | ➢ 4 Мај - Патронен празник на училиштето, свечена академија, приредба за учениците, спортскиактивности:2 одд,5 одд,6 одд, 7 одд, 8 одд,9 одд.,наставници по музичко и ликовно образование и наставник по информатика,библиотекар<br>➢ 8 мај- Светски ден на црвениот крст- хуманитарни активности во соработка со црвен крст:ученици и наставници од 1-9 одделение<br>➢ 15 мај-меѓународен ден на семејството:стручна служба,одделенска настава |
| **Јуни** | ➢ 1 јуни-активности по повод светски ден на детето<br>➢ 10јуни-Хепенингпововодкрајнаучебнатагодина |

| **Тимови** | **Реализатори** |
|---|---|
| Тим за организирање на ученички екскурзии | Анета Јованчева,Слаѓана Спасова,Валентина Ѓорѓиева |
| Тим за подобрување на следењето на планирањето на наставата и наставниот процес | Сузана Дерменџиева,Драгана Монева,Олгица Стојкова,Зорица Ефремова |
| Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето | Сузана Дерменџиева,Драгана Монева,Олгица Стојкова,Зорица Ефремова |
| Тим за увид во педагошка евиденција и документација | Маја Темелкова,Симона Сандева,Ивана Јордановска,Зорица Коцева, стручна служба |
| Тим за естетско уредување на училиштето и училиштниот двор | Биљана Санева,Биљана Трајанова,Маја Илкова,Даниела Манева-централно<br>Симона Сандева, Катерина Манева, Билјана Мишева – ПУ Горобинци<br>Адријана Блежевска, Ивана Стојановска, Светлана Алексовска |
| Тим за самоевалуација и развојна програма | Елеонора Арсевска,Лилјана Ристовска,Василка Николова,Марија Димова,Слаѓана Лазарова,Слаѓана Спасова,Зорица Ефремова,Ивана Стојановска,Весна Јосифова,Златко Златев,Дејана Пантазиева,Мирјана Василева,Олгица Стојкова,Венцо Димчев,Марија З.Стојчева,Даниела Манева,Елена Иванова,Ирена Кировска Богатинова,Драгана Монева,Татјана СетиноваТрајчева,Емилија Смилкова,Валентина Ѓоргиева,Јорданчо Трендафилов,Татјана М.Анѓеловска,Валентина З.Ѓоргиева,Катерина Манева,Доцка Златева ,Фросина Ѓоргиева,Емилија Смилкова,Гордана Панева,Силвана Доневска |

| | |
|---|---|
| Тим за професионалниот развој на наставниците | Сузана Дерменџиева, Драгана Монева, Фросина Ѓорѓиева, Доцка Златева, Билјана Лазарова, Викторија Димчева. |
| Тим за организирање на училишни натпревари | Елеонора Арсевска,Катерина Величкова,Марија Димова,Елена Иванова |
| Тим за следење на можности за аплицирање на проекти | Дејана Пантазиева, Ирена К.Богатинова, Слаѓана Лазарова, Тина Панева, Кристина Јовева, Лилјана Ристова |
| Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | Драгана Монева–специјален едукатор и рехабилитатор-дефектолог,Олгица Стојкова – психолог,Гордана Панева – наставник од предметна настава,Весна Јосифова– наставник од одделенска настава,Анѓела Димитриевска – родител,Марија Лазарова – родител,Сузана Дерменџиева – Директор |
| Тим за спортски настани и натпревари | Тања М. Анѓеловска, Венцо Димчев, Јорданчо Трендафилов,Јорданче Спасов, Викторија Димчева. |
| Тим за активности по повод патронен празник | Сузана Дерменџиева, Елена Иванова,Симона Сандева,Ивана Јордановска,Биљана Санева,Дејана Пантазиева,Татјана С.Трајчева,Биљана Трајанова, Ивица Јанев, Лилјана Ристовска. |
| Тим за Меѓуетничка едукација на младите во образованието | Сузана Дерменџиева,Слаѓана Лазарова,Ирена К.Богатинова,Биљана Санева |
| Училишна заедница | Сузана Дерменџиева, Олгица Стојкова, Петар Гигов, Нина Јосева |
| Еко тим | Лилјана Ристовска, Татјана Крстева Панева, Светлана Алексовска |
| Програма за работа со надарени и талентирани ученици | Олгица Стојкова, Драгана Монева, Зорица Ефремова |
| Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава | Анета Колева, Ивана Стојановска, Деспина Гавролова, Јованка Ефтомова |
| Тим за соработката со родителите и локала | Василка Николова, Весна Јосифова, Елена Иванова, Фросина Ѓорѓиева. |
| Тим за превенција од насилното однесување во училиштето | Родител Сузана Дерменџиева, Венцо Димчев, Олгица Стојкова, Зорица Ефремова. |
| Тим за следење на акциите | Совет на родители,Биљана Санева,Весна Јосифова,ученичка заедница |

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество за застапување и промовирање на ученичките права и интереси,преку демократско учество во донесување одлуки во училиштето што се од нивен непосреден интерес,а поврзани со наставата,вонаставните активности,односите меѓу учениците,односите со возрасните,физичките услови во училиштето.Нивното организирање се остварува преку формирање на тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште.За организирано остварување на интересите учениците се организираат во :
**Заедница на паралелката (од прво до деветто одделение):** ја сочинуваат сите ученици на паралелката.Задачите на заедницата на паралелката се да одлучува за прашања поврзани со учењето,престој во училиштето,меѓусебните односи како и односите со возрасните во училиштето.Секоја заедница избира претседател,заменик и постојани и привремени тела и своја програма за работа (прилог бр. 1.15.1)

**Ученички парламент**:го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.Неговите задачи се:
-учество во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
-промовира ученички активизам;
-дава подршка на ученици со ПОП;
-учествува во подготовка на Годишната програма за работа;
-дава предлози за вонnаставни активности;
-дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;
-учествува во евалуацијата на работата на училиштето;
-Преку свои претстваници учествува во работата на Наставничкиот совет,Советот на родители;
-учествува во организирањето на хуманитарни активности,еколошки активности и општествено-корисна работа;
Ученичкиот парламент избира свој претеседател,негов заменик и серетар и работат според однапред изготвена програма(прилог бр.1.15. 2).

**Ученички правобранител**:се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците.Тој се избира од учениците од седмо до деветто одделение.Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибирапоплаки од учениците и доставува приговори до директорот и училишниот одбор според пропишана процедура.Тој сеизбира со мандат по можност од 2 години.Програмаза работа (прилог бр.1.15. 3).

**Ученички организации** :Преку активностите на Детската организација ќе се одвиваат јавните и културните активности во училиштето каде членуваат сите ученици . Детската организација, раководена од потребите и интересите на децата, го помага детското здружување и работи на осовременување на нејзината програмска основа со цел успешно да се влијае врз правилен раст и развој на децата. Затоа се организираат културни, забавни, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, еколошки и други активности и манифестации посветени на децата.Програмаза работа (прилог бр.1.15. 4).
Работата на Детската организација ќе се одвива според следните цели и принципи:
• Учениците да се организираат во спроведување на најразлични активности ,во и вон училиштето;
• Да се организираат посети и дружења од најразличен карактер со што ќе се социјализираат учениците и ќе ги прошират своите знаења;
• Да се организираат приредби и забави за учениците со што ќе се развие другарството;
• Учениците да се запознаат со содржините кои ги одбележува Детската организација за да можат да дадат свои предлози и идеи;
• Преку одбележување на културни манифестации,учениците да се воведат во културниот живот;
• Преку организирање на хуманитарни акции кај учениците да се развие хуманиот дух;

**Акциски план на активностите за демократска партиципација на учениците во ООУ „Гоце Делчев“ за учебната 2025/2026 г.**

| **Задачи** | **Активност** | **Начин на спроведување** | **Време на реализација** | **Носители/ одговорни** | **ресурси** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Демократски избори за одделенска заедница** | Конституирање на тела на одделенската заедница | Објаснување, самокандидирање/ кандидирање, презентација на кандидати, демократски избори | Септември 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето Одделенски раководители | Записник, | Демократски избрани претставници на одделенска заедница |
| **Развивање чувство на припадност, колективност, мотивираност** | Конституирање и избор нараководство на ученичкиот парламент | Дискусии Објаснување Излагање гласање | Септември 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Градење организациски и комуникациски способности |
| **Стекнување на одговорност и доследност во превземањето на обврски** | Информирање за улогата наУченичкиот парламент и ученикот правобранител на останатитесубјекти во училиштето | Читање Објаснување дискусии | Септември 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | записник | Градење организациски и комуникациски способности |
| **Конкретни насоки за работата на ученикот правобранител и неговите заменици (објаснување на процедурата** | Презентација на искуства и модели за работа на ученик правобранител | Презентација на потребните содржини од Водич за ученичко учество,ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта | Октомври 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник Водич за ученичко учество, организирање и заштита на детските права во основните училишта | Точни,доследни активности на ученикот правобранител |
| **Развивање на Критичност и само-критичност** | Разговор за тековни проблеми | Разговори Дискусии излагања | Октомври 2025 Мај 2026 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Културно и уметничко изградување на учениците, развиени способности за превземање на иницијативи и одговорности |
| **Запознавање на учениците со Правилникот за педагошки мерки и Куќниот ред на училиштето** | Разгледување и дискусија за правилникот за педагошки мерки и Куќниот ред на училиштето | Читање на правилникот на педагошки мерки и Куќниот ред на училиштето | Октомври 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Почитување на правилникот на однесување во училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Зајакнување на соработката меѓу учениците, јакнење на пријателството** | Едукација и работилници за меѓуврсничко почитување и комуникација -Информации за планирањето и организирањето на Отворениот ден по граѓанско образование | Работилници<br>Разговори<br>Излагања | Ноември 2025 | координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Подобрување на меѓусебната комуникација на ученицити на ниво на училиште и воопшто |
| **Согледување на состојбата и случувањата во училиштето и стекнување на одговорност** | Разговор за проблеми од секаков тип со кои се сретнуваат учениците и давање нивни предлози за постапување | Објаснување<br>Презентирање Советодавни разговори | Декември 2025<br>(по потреба и во текот на целата наставна година) | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник, прашалник, анализа, извештај, истражување | Придонес на учениците во објективноста на оценувањето |
| **Согледување на состојбата во училиштето во поглед на реализацијата на наставниот план и програма и стекнување на одговорност** | Разговори и предлози за организација и спроведување на дополнителната и додатната настава, како и идеи за реализација на слободните активности | Комуникација<br>Излагања<br>Дискусија | Декември 2025 | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Придонес на учениците во унапредување и подобрување на реализацијата на наставни и воннаставни активности. |
| **Зајакнување на учеството на учениците во работата на училиштето** | Учество во работата на наставничкиот совет, советот на родители, училишниот одбор | Излагања презентации | Во тек на учебна година | Тим за координирање на активностите за демократска партиципација на учениците во училиштето | Записник | Демократска партиципација |
| **Развивање граѓански компетенции** | Организација и реализација на Отворен ден по граѓанско образование | Активности според изработен дополнителен акциски план | Септември декември 2025 | Ученици, наставници, локална заедница | дополнителен акцискиот план | Развиени граѓански компетенции и вредности |

## 11. Вонучилишни активности
### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во Годишната програма за работа на училиштето,за учебната 2025/2026 година е регулирана активноста „организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер“, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата, проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-

образовни подрачја и наставни предмети.Согласно Правилникот за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности научениците од основните училишта донесен од БРО на 11.11.2019 година и концепцијата за вонnаставни активности од 05.03.2020 година,во текот на учебната 2025/2026 година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и со учениците од IX одделение.

Постапката за избор на релација за  екскурзија ја спроведува Комисија формирана со одлука на Училишниот одбор. Комисијата е составена од пет членови и тоа три члена од редот на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците. Претседател на комисијата е еден од членовите на комисијата од Советот на родители. Комисијата го подготвува огласот во вид на покана за доставување понуди, наведувајќи ги особено, описот на услуга, минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот и документите кои треба да ги достави понудувачот.Комисијата ќе се формира  откако ќе се утврдат крајните дестинации и се даде согласност од страна на совет на родителите на првата родителска средба.Тимовите за изработка на посебните програми за екскурзиите се составени од наставниците кои ќе ја водат истата екскурзија и овие програми дополнително ќе се изработат и приложат за усвојување согласно процедурите од Правилникот за организирање на овие активности.Програми за екскурзии во прилог бр. 11.

## План за екскурзии и излети

| Екскурзии / Излети | Време на изведување | Релација | Одделение | Цели на излетот/екскурзијата |
|---|---|---|---|---|
| **Еднодневен есенски излет** | септември/ октомври | Во реонот на Општина Свети Николе | I-IX одд. | спортување, рекреација и дружење |
| **Еднодневен пролетен излет** | мај / јуни | Во реонот на Општина Свети Николе | I-IX одд. | спортување, рекреација и дружење |
| **Еднодневна научна –рекреативна екскурзија** | мај / јуни | Дојран-Струмица | III одд. | Дружење, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата, проширување и продлабочување на знаењата на учениците |
| **Дводневна екскурзија низ Западниот дел на Р.С. Македонија** | мај / јуни | Прилеп, Крушево | VI одд | Дружење, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата, проширување и продлабочување на знаењата на учениците |
| **Дводневна екскурзија низ Западниот дел на Р.С. Македонија** | мај / јуни | Охрид | IX одд. | Дружење, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата, проширување и продлабочување на знаењата на учениците |

## Акциски план на активностите за реализација на екскурзии и излети во ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе 2025/2026 год.

| Задачи | Активност | Начин на спроведување | Време на реализација | Носители/ одговорни | инструменти/ ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истражување појави во природата, развивање интерес за природата; Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навика за здраво живеењедружење, социјализација.** | Еднодневен излет | Заедничко пешачење насите ученици од училиштето доодредена локација Спортски активности, рекреација и друштвениигри | Есен (септември октомври) 2025 | Наставници Директор Стручни соработници | Финансиски средства за храна и вода, топки, јажиња, спортски обувки (патики), комотна облека (тренерки), друштвени игри: не лути се човече, шах, карти. | интерес за природата, зачувувана природа - уживање во спортски активности - рекреација и друштвени игри дружељубивост |
| **Истражување појави во природата, развивање интерес за природата; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навика за здраво живеењедружење, социјализација.** | Еднодневен излет | Заедничко пешачење насите ученици од училиштето до одредената локација Спортски активности, рекреација и друштвениигри | Пролет (април/мај) 2026 | Наставници Директор Стручни соработници | Финансиски средства за храна и вода, топки, јажиња, спортски обувки (патики), комотна облека (тренерки), друштвени игри: не лути се човече, шах, карти. | интерес за природата, зачувуванаприрода - уживање во спортски активности, рекреација идруштвени игридружељубвост |
| **Истражување на објекти и локалитети од култирно историско и друго значење како и односите во општественеиот живот; - запознавање на културата и начин на живеење на луѓето во одделни краеви во државата; Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, соживот, толеранција; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопственеиот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;** | Еднодневна екскурзија III одделение | Учениците од III одделение со организиран превоз (автобуси) се носат до планираните места, објекти и локалитети. | Пролет (април/мај) 2026 | Наставници Директор Стручни соработници | Финансиски средства од страна на родителите и/или средства обезбедени од донации | интерес за убавините на земјата патриотизам осамостоеност дружељубивост |
| **Истражување на објекти и локалитети од култирно историско и друго значење како и односите во општественеиот живот; - запознавање на културата и начин на живеење на луѓето во одделни краеви во државата; Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, соживот, толеранција;** | Дводневна екскурзија VI одделение | Учениците од VI одделение со организиран превоз (автобуси) се носат до планираните места, објекти и локалитети. | пролет (април/ мај) 2026 | Одделенски раководители од шесто одделение | Финансиски средства од страна на родителите и/или средства обезбедени од донации | интерес за убавините на земјата патриотизам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;** | | | | | | осамостоеност<br>дружељубивост |
| **Истражување на објекти и локалитети од културно историско и друго значење како и односите во општествениот живот; - запознавање на културата и начин на живеење на луѓето во одделни краеви во државата;<br>Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, соживот, толеранција;<br>Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата; - дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.** | Дводневна екскурзија<br>IX одделение | Учениците од IX одделение со организиран превоз (автобуси) се носат до планираните места, објекти и локалитети. | Пролет<br>(април/ мај)<br>2026 | Одделенските раководители од деветто одделение | Финансиски средства од страна на родителите и/или средства обезбедени од донации | интерес<br>за убавините<br>на земјата<br>патриотизам<br>осамостоеност<br>дружељубвост |

## Акциски план за посети поврзани со наставните и вонаставните активности за учебната 2025/2026 година

| **Планиранаактивност** | **Цели** | **Реализатор** | **Временареализа ција** | **ученици/ паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| **Интегрирана активност по предметот ликовно образование и историја<br>Посета на Била Зора** | Да се запознаат со архитектурата на Рим држава на балканот начин на живеење и уметности, сликање и вајање на познати градби | Наставниците по ликовно образование и историја | Учебна 2025-2026 | V.VI одд |
| **Посета на противпожарно друштво** | Да се запознат со задачите на ППД | Одделенски наставници | | I-VII одд |
| **Посета на библиотека** | Развивање на љубов кон пишаниот збор | Библиотекар, наставници | | I- IX одд |
| **Посета на продавница** | Стекнување на културни навики | Одделенски наставници | | I-V одд |
| **Посета на полициска станица** | Да се запознат со сообраќајните правила и прописи разгледување на полициската станица | Одделенски наставници | | V одд |
| **Посета на стоматолошка амбуланта** | Грижа за здравјето | Одделенски наставници | | I-V одд |
| **Посета на саем на книгата** | Негување на навиките за читање | Библиотекар, наставници | | VI-IX одд |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Посета на печатница** | Едукација на учениците | Библиотекар | | VI-IX одд |
| **Посета на Собрание на РСМ** | Едукација на учениците | Наставник по граѓанско образование | | IX одд |
| **Посета на природно-научен музеј – Скопје** | Едукација на учениците | Одделенски наставници | | VIII одд |
| **Посета на планетариум** | Едукација на учениците | Одделенски наставници | | VI одд |

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Некои од учениците од ООУ „ Гоце Делчев“, покрај задолжителното образование, се вклучуваат и во одделни вонучилишни активности во градот (основно музичко училиште, спортски клуб, училиште за странски јазик и сл. ) На почетокот на школската година училиштето ќе изврши идентификација на овие ученици, (број, паралелка и вид на активност).

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите претставуваат мотив за стекнување на нови,поголеми и продлабочени знаења на учениците.Тие влијаат врз зголемување на интересот на учениците кон слободните активности и придонесуваат да се развива натпреварувачки дух. Учениците од нашето училиште ќе учествуваат на натпреварите кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Учеството на натпреварите е според  афинитетот и способностите на ученикот.. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења.

Учениците имаат можност да учествуваат на:
а) Училиштни натпревари - Овие натпревари се наменети за учениците од IV - IX одделение по сите наставни предмети.
б) Општински или регионални натпревари - Училиштето ќе учествува на сите натпревари кои ќе бидат организирани од страна на акредитираните здруженија на професори. На овие натпревари ќе земат учество учениците кои покажале подобри резултати на училишните натпревари.
в) Државни натпревари - Учеството на учениците на државните натпревари зависи од резултатите постигнати на регионалните натпревари.
г) Ликовни, литературни и други конкурси–Наставниците и учениците ќе учествуваат на разни конкурси кои ќе бидат објавувани во текот на учебната година.
д) Спортски натпревари – Училишните спортски тимови ќе учествуваат на спортските натпреварувања што се организираат секоја година на ниво на општина,зонски и државни натпревари.
ѓ) Меѓународни натпревари – Учеството на учениците на меѓународните натпревари зависи од резултатите постигнати на државните натпревари.
Со цел да се поттикне интересот на учениците за учество на ученичките натпревари планираме:

- Осмислена организација и коректна реализација на училишните натпревари.

- Определување на квалитетни наставници за ментори.
- Давање на соодветна стручна помош или друга помош.
- Доследно спроведување на критериумите за наградување на ученик или група ученици.

Учениците за своите постигнувања се мотивираат преку Правилник за вреднување на постигањата на учениците од страна на општина Свети Николе во вид на стипендии/парични средства за освоени награди на државно ниво. Исто така МОН ги мотивира наставниците и учениците да постигнуваат поголеми резултати со доделување на еднократна награда/ парични средства за освоено прво место на државен натпревар.Во прилог бр.12.1 е дадена програмата за реализација на ученичките натпревари учебната2024/2025година, а во прилог 12 .2 е претставен планот за динамиката за натпревари а во прилог 27.4 е даден правилникот за реализација на натпреварите.

## Процедура за реализација на училишни натпревари во ООУ Гоце Делчев-Свети Николе

| |
|---|
| **1.ПЛАН**<br>-Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од 4 до 9 одд.<br>-Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.<br>-Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија.<br>-Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување.<br>-Спроведување на натпреварите.<br>-Истакнување на резултатите.<br>-Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг. |
| **2.ПРОПОЗИЦИИ**<br>-Ученикот има право да се пријави најмногу на пет училишни натпревари, односно само на пет наставни предмета.<br>-Ученикот во согласно со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество.<br>-Наставникот-ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење |
| **3.НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ**<br>-Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.<br>-Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците.<br>-Навремено истакнување на резултатите (5 дена по одржаниот натпревар).<br>-Усна информација за резулатите пред сите учесници во натпреварот.<br>-Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник .<br>-Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар. |
| **4.СПРОВЕДУВАЊЕ**<br>-Да се изготви спиосок кои ученици ќе учествуваат на натпреварот.<br>-Да се избере комисија од соодветни предметни одделенски наставници.<br>-Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар.<br>-Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците. |

| |
|---|
| -Присуство на комисијата на самиот натпревар |
| **5.АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ**<br>-Наставникот-ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот.<br>-Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности.<br>-Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг. |

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Членовите на формираниот тим за училишна интеграцијасе:
Сузана Дерменџиева – директор
Драгана Монева - училиштен дефектолог
Зорица Ефремова– училиштен педагог
Слаѓана Лазарова –наставник во одделенска настава
Ирена Богатинова – наставник во одделенска настава
Биљана Санева- училиштен библиотекар
-Претставник од ученички парламент
- училштен првобранител

Во нашето училиште мултикултурализмот е застапен во наставните содржини во редовна настава, во содржините од програмата „Животни вештини“ како и во програмата за Час на одделенска заедница. И покрај тоа што во нашето училиште учат многу мал процент на ученици од други етникуми, наставниот кадар ќе ги спроведува содржините во потребниот обем и во сите видови настава и воннаставни содржини и во сите сфери на работата на училиштето. Активностите за меѓуетничка интеграција на младите во образованието како трајни вредности ќе се реализираат самостојно и со партнерското училиште ООУ „Кочо Рацин“Дојран., како и содржини на таа тема ќе бидат застапени при реализација на наставните предмети во учебната 2025/2026 година. Училиштниот тим одговорен за оваа компонента, изготви Програма за реализација на меѓуетничка интеграција на младите во образованието во редовната, воннаставните и вонучилишните активности, со цел меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите.

Во прилог бр 14.1 на оваа програма е даден акциониот план за активностите за оваа учебна година за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО).

**ГОДИШНА ПРОГРАМАЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОД.**

| Глобални активности | очекуван резултат | (пред)услови | реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на Годишната програма** | -Изготвена Годишна програма<br>Годишната програма содржи план за акција кој посочува на самостојни активности на училиштето и | -констатирана состојба во училиштето во поглед на реализираните активности од претходната учебна година<br>-подготвена листа на потенцијални самостојни активности | Тим за училишна интеграција | 08.2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на заедничките активности со партнер училиштето | на училиштето<br>-подготвена листа на потенцијални заеднички активности со партнер училиштето | | |
| **Дефинирање на улога на членовите на СИТ-от** | доделени одговорности на членовите на тимот според МИМО активностите за новата учебна година | -договорна средба на членовите на СИТ-от<br>-усогласена стратегија за дејствување на СИТ-от | Тим за училишна интеграција | 09.2025 |
| **Активности со партнер училиштето** | продолжување на соработката со избраното партнер училиште | -контактирање со партнер училиштето (онлајн или со физичко присуство ) | Директор и тим за интеграција | 10.2025 - 06.2026 |
| **Планирање на конкретните активности** | подготвени акциони планови за секоја предвидена конкретна активност | -формирани тимови -реализатори за планираните активности<br>-одржани работни средби за планирање со тимовите реализатори од партнер училиштето (онлајн или со физичко присуство ) | Тим за училишна интеграција | 09.2025 |
| **Реализација на планираните активности** | -подготвени акциони планови за секоја предвидена конкретна активност ( секој тим реализатор го има приложено до СИТ-от својот акционен план | -наставниците водат портфолио во кое собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа од спроведените активности | Тимови реализатори на активности | 10.2025 - 06.2026 |
| **Следење на реализацијата на активностите** | -извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до СИТ-от<br>-континуирано истакнување информации на огласна табла за реализацијата на активностите | подготвени инструменти за мониторинг на реализацијата на активностите на наставниците<br>континуирани средби на тимовите на кои се дискутира за реализацијата на активностите<br>комуникација со СИТ-от од партнер училиштето | Тим за училишна интеграција | 10.2025 - 06.2026 |
| **Промоција на реализираните активности** | -најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата , наставниците, учениците , родителите и други институции | -подготвени промотивен материјал (постери, брошури и /или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности<br>поканети гости на настанот<br>ажурирање на МИМО на порталот на веб страница на училиштето | Тим за училишна интеграција и тимови реализатори на активности | 09.2025 - 06.2026 |
| **Тековно учество на обуки ,работни средби за ПМИО и МИМО** | запознавање со тековните активности за проектот, усовршување и пренесување искуства во нашето училиште | обезбедување услови и средства за одржување на активностите онлајн или со физичко присуство | СИТ МИО и МИМО | Во текот на учебната 2024/2025 година |
| **Тековно учество, аплицирање на Конкурси од МОН,УСАИД ...** | месечни (периодични ) извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на | Изготвување Апликации | СИТ МИО и МИМО | Во текот на учебната 2025/26 година |

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште „Гоце Делчев“, Свети Николе

- ***ПРОЕКТ Меѓуетничка интеграција на младите во образованието***

  **Имплементатор** на овој проект е  Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО) во партнерство на Министерство за образование и наука (МОН), клучни образовни институции, сите општини и училишта во Северна Македонија

  **Целта на проектот** е да се подобри меѓуетничката интеграција преку позитивни интеракции помеѓу етнички мешана младина на ниво на училиштата и на ниво на заедницата и подобрување на содржините по граѓанско образование, вештини и однесувања и пракси на волонтирање кај младитеа целна група се  сите основни и средни училишта и општини.Проектот опфаќа 3 компоненти:

  **Компонента 1**: Јакнење на меѓуетничката кохезија во образовниот систем.Преку постојана соработка со Министерството за образование и наука, клучните образовни институции и општините, проектот создава можности за интеракција помеѓу училиштатата од различни заедници и создавање на подобра етничка кохезија помеѓу младите.

  **Компонента 2**: Јакнење на демократската култура и граѓанското однесување меѓу младите.Во партнерство со Министерството за образование и наука, проектот ги поддржува промените во содржините на граѓанското образование и воведува методи за унапредување на активното вклучување на учениците во училиштата и процесите на носење одлуки за заедницата.

  **Компонента 3:** Стимул на училиштата/реновирање.Како стимул за училиштата да учествуваат во проектни активности за подобрување на меѓуетничката кохезија и развивање на демократските и граѓанските вредности помеѓу младите, проектот реновира училишта и ги подобрува условите за учење. Во прилог бр 13.1на оваа програма се даден е акциониот план на проектот.

- ***ПРОЕКТИнтеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем***

  Програмата на МОН ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ се спроведува со цел да се подигне свеста за заштита на животната средина кај учениците од основните училишта. ООУ ,,Гоце Делчев“-Свети Николе е активно вклучено во програмата на МОН ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Училиштето стана „Еко – училиште“ со сребрено ниво. Во училиштето има формирано Еко – одбор, кој е движечка сила на програмата. Во него членуваат ученици, наставници, родители, претставници од техничкиот персонал, од локалната заедница и од медиумите. Оваа програма се реализира преку интегрирање на еколошките содржини преку постоечките предмети во сите развојни периоди, како и преку ангажирање на сите чинители, наставници, педагошко-психолошките служби, локалните власти во насока на проекти за зачувување на животната средина.Во прилог бр 13.2на оваа програма се дадени годишната програма за работа на еко одборот кои работат на проектот.

- ***ПРОЕКТИнформационен систем за Управување сообразованието*** (ЕМИС/ЕСАРУ И Е-дневник)

  ЕМИС е систем за управување со информации од областа на образованието кој се користи за собирање, интеграција, обработка, одржување и дисеминација на податоци и информации за поддршка при донесувањето одлуки, анализа на политиките и формулациите, планирањето, мониторингот и управувањето на сите нивоа во образовниот систем.

  ЕМИС обезбедува сигурни, релевантни и точни податоци кои се веднаш достапни на сите корисници (школи, општински образовни директорати, акционери, едукатори, партнери) за идентификување на новите барања во образовниот сектор каде е потребно определување на главните образовни индикатори, за да се развие сет на главни образовни индикатори за подобрување на способноста

за планирање, мониторинг и евалуација на образовниот истем во согласност со образовните стратегии и цели, за поддршка на децентрализацијата на образовниот систем.Планот е во прилог на оваа програма како прилог бр. 13.3.

- ***ПРОЕКТАнтикорупциска едукација на учениците***

  Како дел од истоимениот проект кој има за цел да се изработи антикорупциска програма за да се афирмира потребата од воведување на овие програми во редовната настава во образованието како фундаментален чекор кон градење активно граѓанство меѓу младите луѓе и системско менување на сегашната култура на прифаќање на корупцијата. Планот е во прилог на оваа програма какоприлог бр.13. 4.

## 15.Поддршка на учениците
## 15.1. Постигнување на учениците за учебната 2025-2026

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот по предмети и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати и се организира дополнителна настава. Исто така особено внимание се посветува на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои подолго отсуствуваат од настава, надарените и учениците со потешкотии во учењето на кои континуирана поддршка им обезбедуваат наставниците и стручните соработници.
Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех.  Специјалниот едукатор и рехабилитатор ги детектира учениците со потешкотии и со посебни потреби, со нив реализира индивидуални вежби поддршка и дава допринос за постигнување на целите на секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширката општествена јавност како на пример: драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и слично. Училиштето има формирано тим за следење и евалуација на постигањата на учениците.
СогласноЗаконотзаосновнообразованиеинтерниотПравилникзанаградувањеипофалувањенаучениците даден воприлог бр.27.2,училиштетоимаразвиеносистемзанаградувањеипофалбанаучениците инивнитементоризапостигнатиотуспех.Истотакавосоработкасолокалнатас амоуправапоповодПатрониотпразникнанашиотград,,СветиНиколај“иДенотнаослободувањето на општина Свети Николе -14 Септември овие ученици и нивните ментори се наградуваат со ваучер ипофалница. Училиштето планира и реализира активности за професионална ориентација на учениците. Овие активности се со целнавремено и правилна професионална ориентација на учениците, учениците да се запознаат со видовите занимања да сеинформираатзаусловитеикритериумитезауписвосредните училишта,откривањенаинтереситеиможностите на учениците иправиленизборзапродолжувањенаобразованието.

**Споредбен успех по одделенија на ниво на училиште**

| Одделение | 2022/23 | 2023/24 | 2024/25 |
|---|---|---|---|
| IV | 4,27 | 4,39 | 4.26 |
| V | 4,35 | 4,32 | 4.2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **VI** | **4,02** | **4,16** | **3.87** |
| **VII** | **3,87** | **4,26** | **4.19** |
| **VIII** | **3,82** | **3,58** | **4.09** |
| **IX** | **4,11** | **3,70** | **3.75** |
| **IV– IX** | **4,14** | **4,06** | **4.06** |

## Акциски план за поддршка, следење на постигањата на учениците и подобрување на резултатите за учебната 2025/2026 година

| Цел | Активност | Начин на спроведување | Време на реализација | Носители/ одговорни | инструменти/ ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на надарени ученици, ученици со пречки во развој и ученици со потешкотии во учењето и нивниот емоционален развој | Идентификување на когнитивни способности на учениците | Разговори<br>Средби<br>Набљудување<br>Посети на часови | Во тек на учебната година | Тим за следење<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>Родители | Евиденција<br>Записници<br>Извештаи | Да се спроведе соодветна настава според можностите на учениците,поттикнува ње за подобри успеси |
| Идентификување на постигнатите резултати од учениците | Анализа на постигнатите резултати по класификациони периоди | Статистичка обработка Средби | Четири пати во годината | Стручни соработници, одделенски раководители, наставници | Извештаи, записници | Забележани слаби страни и надминување на истите |
| Идентификување на постигнатите резултати од учениците | Анализа на постигнатите резултати по години | Статистичка обработка Средби | На крајот од учебната година | Стручни соработници, одделенски раководители, наставници | Извештаи, записници | Забележани слаби страни и надминување на истите |
| Поддршка и развој на силни страни на ученици кои имаат потешкотии со учењето, несоодветно однесување и слаб училишен успех | Идентификување на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или пројавуваат  несоодветно однесување и давање на поддршка на овие ученици | Разговор<br>Тестови<br>Набљудување<br>Работа со ученици<br>Посета на часови | Во тек на учебна година | Тим за следење<br>Наставници<br>Инклузивен тим<br>Стручни соработници | Извештаи од спроведени активности со учениците | Откривање на причините за состојбата и да им се помогне на учениците според можностите |
| Идентификување на потешкотиите со кои се сретнуваат учениците за време на часот | Посета на часови – анализа на вклученост на учениците во активностите на часот и ефекти од применети методи врз напредок на поедини ученици | Разговор<br>Набљудување<br>Работа со ученици<br>Посета на часови<br>консултации | Во тек на учебна година | Тим за следење<br>Наставници<br>Инклузивен тим<br>Стручни соработници | Извештаи од посети на часови<br>Записници | Подобрување на успехот на учениците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на ученици во учење и подобрување на училишниот успех | Утврдување на причини за слаб успех и напредок на ученици со потешкотии во учење, советувања на учениците | Советодавни разговори Средби | Во тек на учебна година | Тим за следење Наставници Стручни соработници Инклузивен тим Родители | Записници Извештаи | Подобрување на успехот на учениците |
| Подршка во прилагодувањето на новите ученици во наставниот процес | Откривање ученици од I одд со потешкотии во напредокот, консултации со дефектолог, родители и надлежни институции | Разговори Консултации Посета на часови | Во тек на учебна година | Стручни соработници Родители Наставници, Директор Инклузивен тим | Записници Евиденција од разговори | Успешно прилагодување во новата средина и наставниот процес |
| Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби и индивидуална работа со учениците | Поддршка на учениците со посебни образовни потреби и помош во подобрување на постигнувањата | Разговори Консултации Посета на часови | Во тек на учебна година | Стручни соработници Родители Наставници, Инклузивен тим | Записници евиденција од разговори | Подобрување на успехот на учениците |
| Поддршка во надминување на проблемот. Поддршка на учениците за нивен хармоничен развој | Интервенции и советодавно – консултативна работа со ученици кои имаат кризни ситуации, емоционални проблеми, несоодветно однесување | Разговори Консултации Дискусии Работилници | Во тек на учебна година | Тим за следење , Наставници Родители,Директо р, Стручни соработници, Надворешни институции | Записници Евиденција од разговори | Задоволни ученици |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација, за еден ученик, претставува многу значајна и општествено одговорна задача од причина што правилната професионална насоченост придонесува за вистинскиот избор на неговото натамошно образование,неговото занимање и задоволството од работата. Училиштето зазема важна улога во реализирањето на целите на образовниот процес во рамките на современиот концепт, заснован на новите теории за професионалната ориентација, техничко технолошките промени и различните сфаќања на односите кои постојат меѓу образованието, вработувањето и работата. Според чл. 47 од Законот за основно образование, стручната служба односно тимот за професионална ориентација на учениците кој е одговорен за планирање, организација и реализација на активностите ќе користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците.

Програма за професионална ориентација е дел од оваа програма како прилог бр. 14а во прилог бр 14.1 е дадена програмата за професионален развој за учениците од 8 одделение.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Според законот за основно образование се забранува секаков вид на дискриминација како и секој вид насилство во основното образование и воспитание. За успешно спроведување на законските одредби во нашето училиште се предвидуваат активности за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, кои во текот на учебната 2024/25 година ќе резултираат со формирање Тим за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација. Задачи на Тимот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе бидат:

-Подготовка на Програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

- Информирање на учениците, вработените и родителите за планираните активности;
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство и спречување дискриминација;
- Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство, злоставување и злоупотреба;
- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и зктивности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

Програмата за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе се однесува на превентивни и интервентни активности. Активности кои се превземаат за реализација на промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација најнапред се однесуваат на превентивни активности , односно запознавање на сите засегнати страни цо целите, задачите и предвидените активности, и тоа: запознавање на учениците преку активности на одделенските часови, одделенската заедница, заедницата на учениците, запознавање на наставниците на Наставнички совет со активностите кои ќе бидат реализирани како и со начинот на нивната вклученост во реализирање на истите, информирање на родителите на родителски средби, Совет на родители со активностите кои ќе се реализираат и нивната цел, како и вклученоста на стручната служба на училиштето во промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.Интервентни активности кои ќе се превземаат за реализација на промоција на добросостојба на учениците, заштита насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација започнуваат со :

- активности превземени од одделенскиот раководител, наставникот во соработка со родителот, со група ученици или индивидуално.

- активности превземени од одделенскиот раководител во соработка со педагогот и со Директорот, со задолжително учество на родителите. Доколку ова недава резултати, Директорот иницира воспитно – дисциплински постапки и се изрекуваат педагошки мерки, согласно Законот и Интерниот акт за изрекување педагошки мерки на Училиштето.
- активности од страна на Директорот со задолжително ангажирање на родителите и доколку е потребно вклучување на надлежните органи (Центри за социјална работа, локална самоуправа, медицински установи, полиција.)

Училиштето има изработено програма за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација (прилог бр.15)и акциски план за превенција од насилно однесување во ООУ „ Гоце Делчев“ (прилог бр.15.1) и акциски план за унапредување на менталното здравје и унапредување на учениците со емоционални потешкотии (прилог бр. 15.2 ). Училиштето има изготвено и Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Наставниците користат различни методи,техники и инструменти за следење на постигањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка.Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците(чек листи,аналитички листи,увид во портфолио и др.)Со однапред дефинирана динамика,наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

1. Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето, на крајот на учебната година добиваат свидетелства со описни оценки .
2. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тримесечје и на крајот на првото полугодие добиваат описни оценки, ана крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.
3. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Оценувањето ќе се изведува формативно и сумативно при што ќе се применува Етичкиот кодекс што подразбира дека учесниците кои ќе учествуваат во оценувањето ќе се раководат од следните лични вредности: почитување, праведност, демократичност, интегритет, чесност и храброст. Наставниците ќе бидат непристрасни, објективни, позитивни, отворени и подготвени да им дадт поддршка и помош на учениците во процесот на оценувањето, ќе промовираат високи морални вредности и ќе бидат пример за учениците, нема да прават дискриминација по било која основа и ќе соработуваат со колегите со цел да се подобри оценувањето. Ќе се формираат комисии од ученици во паралелките кои ќе го следат оценувањето и ќе даваат свое мислење. Се прави план за писмено оценување согласно законските ограничувања-дневно по едно, а седмично најмногу по две писмени

работи.Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во пофесионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и вонннаставните активности.

Училиштето ќе ги идентификува учениците со посебни образовни потреби кои не се категоризирани од надлежна институција (завод за ментално здравје) и имаат големи потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралеката. Овие ученици ќе бидат вклучени во редовна настава, а за нив секој наставник посебно ќе изготви ИОП и критериуми за оценување се со цел тие ученици да напредуваат со сопствено темпо и согласно своите можности. Се прави прилагодување на методите спрема наставните содржини и задачите спрема можностите на учениците, се прави и вклучување на учениците во активности во кои ќе може да се компензираат недостатоците, а да ги покажат способностите според кои наставниците ќе ги оценуваат. Учениците ќе имаат и лични или образовни асистенти.

Родителите ќе бидат известени за постигањата на учениците согласно законските прописи со организирање на родителски средби на крајот на секој период од учебната година кога добиваат евидентни листи за постигањата или по потреба на индивидуални средби со наставниците. Доколку родителот/старателот е нездоволен од годишната оценка има право во рок од три дена од денот на соопштување на успехот да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.Според последните измени во Законот за основно образование за ученикот кој што на крајот од наставната година во шесто,седмо,осмо и деветто одделение има негативна оценка по два предмета се упатува на поправен испит. За ученик од шесто,  седмо, осмо и девето одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки,основното училиште во јуни организира  продолжителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставната програма. Ученикот кој по одржаната продолжителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка,се упатува на поправен испит.Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Доколку ученикот нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение. За ученикот кој што на крајот на наставната година во шесто,  седмо,осмо и девето одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во исто одделение. Во училиштето ќе се формираат комисии за оценување и повторна проверка на знаењето на учениците, како и испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување кои се составени од претседателите на стручните активи и двајца членови од наставниците кои предаваат соодветен наставен предмет по кој ученикот се оценува. Комисијата ја формира директорот на училиштето. Училиштето има изготвено и етички кодекс на оценување кој е ставен како прилог на оваа програма.

**Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците од ООУ "Гоце Делчев" – Свети Николе**

Оценувањето претставува процес на собирање, бележење, интерпретирање, користење на информации и известување за напредокот и постигањата на учениците во стекнување на знаења, способности, вештини и ставови.

Преку оценувањето, наставникот ја гради сликата за напредувањето на секое дете и воедно добива информации како да го насочи процесот на учењето.

Заради важноста и значењето на оценувањето, неопходно е целосно етичко однесување на сите субјекти кои се вклучени во овој процес.

Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме затоа што веруваме дека така треба и затоа што мислиме дека таквото однесување е правилно. Тргнувајќи од фактот дека оценувањето е хумана и морална активност со огромно влијание врз сите субјекти вклучени во овој процес, училиштето во соработка со учениците, наставниците и родителите, изготви Етички кодекс кој ќе се

применува при проверката на ученичките знаења. При изготвување на овој кодекс, како појдовни вредности земени се следниве: почитување, демократичност,чесност, праведност, интегритет и храброст.

**Етичкиот кодекс на училиштето за проверка на ученичките знаења се базира на следниве принципи:**

- Подобрување на учењето и постигањата на учениците;
- Обезбедување на целосни информации за учениците;
- Оценувањето на учениците станува составен дел од наставниот процес;
- При оценувањето се користат што е можно повеќе различни методи;
- Оценувањето се одвива континуирано;
- Проверката на ученичките знаења да биде праведна;
- Оценувањето да биде транспарентно;
- Да има валидност и релијабилност во оценувањето.

**Според Етичкиот кодекс за оценување во нашето училиште, учениците:**

- се залагаат за фер и праведно оценување на сите;
- се спротивставуваат и соодветно реагираат на необјективно оценување;
- ги почитуваат барањата и договорените процедури во врска со проверката на нивните знаења;
- се информираат за последиците од непочитување на договорените процедури за оценување;
- избегнуваат поставување на несоодветни и неприфатливи барања во врска со оценувањето;
- се трудат да ги почитуваат и прифаќаат советите на наставниците поврзани со поучувањето и учењето;
- користат дозволени постапки во тек на презентирањето на сопствените знаења и вештини (да не се препишува, да нема шепотење, поткажување и сл.);
- објективни се во барањата (посредно или непосредно);
- не ги преправаат оценките во дневниците.

**Родителите се сложуваат со следниве одредби од кодексот:**

- го поттикнуваат и подржуваат учењето на своите деца;
- настојуваат, нивните деца да бидат праведни при проверка на знаењата;
- се воздржуваат од некои активности (купување на подароци, покани за дружење и забави вон училиште, давање на пари, заканување и сл.), кои нивните деца неоправдано би ги довеле во повластена положба во однос на другите деца;
- ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца;
- кај своите деца поттикнуваат чесност и праведност во врска со оценувањето;

- ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди на своите деца, за користење на недозволени постапки за добивање на поголема или поповолна оценка од објективно дадената.

**Својата етичност во оценувањето, наставниците ја покажуваат преку:**

- промоција на високи морални вредности со сопственото однесување;
- нема дискриминација на учениците по ниту една една основа (пол, возраст, социјална состојба, националност, вероисповест и сл.);
- не примаат несоодветни и скапи подароци од учениците (накит, уметнички предмети, пари и сл.);
- оценките што ги даваат се објективни и се базираат врз проверки кои се направени со користење на различни методи;
- нивните деца кои учат во училиштето, имаат еднаков третман при оценувањето како и другите ученици;
- покажуваат разбирање и им пружаат помош и поддршка на учениците кои имаат најразлични проблеми и им помагаат со совети да ги решат истите;
- за совладување на наставната програма, на овие ученици им помагаат да добијат објективна оцена за учење со користење на различни методи и техники;
- собираат писмени докази за постигањата на учениците и ги известуваат за нивниот напредок;
- изготвуваат аналитички листи, холистички скали за процена, чек-листи и др. за изедначување на критериумите за оценување;
- за сите деца со послаб успех, организираат почести дополнителни часови;
- за сите талентирани и надарени деца организираат соодветна додатна настава;
- дадените оценки ги образложуваат јавно пред учениците и родителите;
- ги оценуваат проектите и трудовите кои ги изработиле учениците, а не нивните родители.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето изготвува план за следење и анализа на состојбите со оценувањето и унапредување и подобрување на оценувањето и да го организира и реализира истиот. Тој ја следи и врши проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, ја анализира состојбата со оценувањето во училиштето и дава поддршка на наставниците. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај. Акцискиот план за следење и анализа на состојбите со оценувањето и унапредување и подобрување на оценувањето е дел од оваа програма како прилог бр. 16од оваа програма.

Во училиштето се почитува процедурата за поплаки и жалби по добиени оценки, согласно Законот за основно образование. Родителите редовно, на родителските средби на крајот од учебната година се известуваат за оваа можност и за начинот на кој може да го сторат тоа.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето и стручната служба ќе изработат план со инструменти за следење и веднување и временска рамка за посета на наставните часови и воннаставните активности во основното училиште согласно програмата за работа на директорот и стручната служба во училиштето во текот на учебната година. Во плановите ќе бидат наведени наставните предмети, наставниците, воннаствните активности, периодот кога ќе бидат следени истите како и начинот и критериумите кои ќе бидат применети за следењето и вреднувањето на работата на наставниците.Планот е даден во прилог бр.17

## 16.4.Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2023/2024 година и ги опфати учебните 2022/2023 и 2023/2024 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните јаки страни во работењето на училиштето и слабите страни. За надминување на слабите страни, комисијата даде насоки за подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето и унапредување на воспитно-образовната работа. Училишниот тим за самоевалуација беше формиран и организиран по подрачја:

**Подрачје 1.**Планирање, настава и учење

| | |
|---|---|
| 1.1.Планирања на наставници | Елеонора Арсевска,Лилјана Ристовска,Василка Николова,Марија Димова<br>Слаѓана Лазарова,Слаѓана Спасова,Зорица Ефремова,Ивана Стојановска |
| 1.2 Настевн процес | |
| 1.3 Искуства на учениците од учењето | |
| 1.4. Оценувањето како дел од наставата | |
| 1.5. Воннаставни активности и натпревари | |

**Подрачје 2:** Постигањето на учениците

| | |
|---|---|
| 2.1 Постигања на учениците | Весна Јосифова,Златко Златев,Дејана Пантазиева,Мирјана Василева<br>Олгица Стојкова,Венцо Димчев,Марија З.Стојчева,Даниела Манева |
| 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | |

**Подрачје 3:** Училишна клима и односи во училиштето

| | |
|---|---|
| 3.1 Училишна клима | Елена Иванова,Ирена Кировска Богатинова |

| | |
|---|---|
| 3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците | Драгана Монева,Татјана Сетинова Трајчева<br>Емилија Смилкова,Валентина Ѓоргиева<br>Јорданчо Трендафилов,Татјана М.Анѓеловска |

**Подрачје 4:** Управување, раководење и креирање политики

| | |
|---|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишна политика | Валентина З.Ѓоргиева,Катерина Манева,Доцка Златева, Фросина Ѓоргиева,Емилија Смилкова,Гордана Панева,Силвана Доневска |

**Клучни јаки страни**

- Училиштето го има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Истите се реализираат во пропишаниот обем.
- Наставата се реализираше со одличен квалитет.
- Секој наставник индивидуално има изработено ИОП за учениците со посебни потреби во соработка со дефектологот во училиштето.
- Стручната служба ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата.
- Во училиштето се применуваат разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини.
- Училиштето води грижа за родовата и етничка поделеност.
- Наставниот кадар системски и со користење на разновидни техники ги препознаваат и водат грижа за образовните потреби на секој ученик, преку реализација на задолжителната настава и воннаставните активности.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.
- Училиштето негува позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите.
- Во училиштето постои процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби.
- Во училиштето се применуваат иновативни и современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржина.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат.
- Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво.

- Училиштето има  прилагоден пристап за лица со телесни пречки, инфраструктуратавоучилиштето и дел од просториите се специјално опремени  за нивно користење.
- Училиштето располага со адекватни простории и училници. Планот на училишната зграда е според сите стандарди.
- Училиштето располага со стабилен интернет.
- Училиштето овозможува професионален развој на кадарот.

**Слаби страни:**

- Училиштето не располага со задоволителен број наставни средства.
- Библиотеката нема доволен број книги со стручна, странска и педагошка литература како и литература за деца.
- Потреба од компјутери и компјутерска опрема за учениците.

**Предлог мерки:**

1.Со новата Концепција за основно образование од учебната 2024/25 година, училиштето да им понуди на учениците поголем избор на воннаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што ќе можат да се вклучат.

2.Училиштето да се насочи на поголемо следење и откривање на постигнатите цели кај надарените и талентираните ученици, но и кај учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал.

3.Наставниците да понудат повеќе активности преку кои   ќе се остварува поголема соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите.

4.Потребно е поактивно вклучување на родителите во организација и реализација на разни манифестации и јавни настапи кои се организираат по разни поводи.

5.Училиштето да се насочи кон изнаоѓање финансиски средства преку кои ќе се овозможи  опремување на кабинетите со нагледни средства, технички помагала и дидактички материјали, со цел да постигне поуспешна реализација на наставната програма. Потребно е да се набават компјутери за учениците, за непречено одвивање на образовниот процес според дадените насоки во новата Концепција за основно образование.

6.Училиштето треба да ја збогати училишната библиотека, со најразновидна стручна литература „прирачници“ сликовници, енциклопедии и лектирни изданија со цел на учениците и наставниците да им биде подостапна потребната едукативна литература со која ќе ги прошират своите знаења во одредени области.

Програмата за самоевалуација е дадена во прилог бр.18.

## 17.Безбедност во училиштето

Училиштето редовно превзема мерки за заштита и спасување и пред настанување на пожар: одржување на сите уреди, инсталации и постројки вградени во објектот (електрични, грејни, громобрански); редовно одржување во исправна и функционална состојба на уредите, инсталациите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар (протвпожарни апарати, вантрешна и надворешна хидрантска мрежа.); запознавање на вработените со причините за настанување на пожар, превентивните мерки за заштита од пожар и практична примена на уредите, инсталациите и средствата за заштита и гаснење на пожар (ПП-апарти, хидрантски приклучоци и др.).Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата. Училиштето има склучено меморандум за соработка со ДПД Свети Николе со чија помош ќе се реализира симулирана евакуација со учениците и вработените во училиштето ќ за некоја природна непогода, заради проверка на подготвеноста на училиштето за соодветно постапување и реагирање во вакви ситуации. Ваквавежба ќе се реализира со цел, да се провери подготвеноста на училишниот кадар за безбедна евакуација и заштита на учениците и вработените при евентуална временска непогода или друга потенцијално опасна ситуација.

Училиштето има изработено планови за евакуација за прв и втор спрат кои се прегледно нацртани и поставени на видни места во холовите на училиштето. Со истите се запознаваат и учениците и повремено се упатуваат на начинот на евакуација од училиштето а истотака има инсталирано видео надзор и алармен уред и соработува со полициската станица во Свети Николе и ДПД СветиНиколе со кои се реализира симулација за заштита од природни непогоди. Училишните згради се наменски градени за училишта, во голема мера се безбедни за учениците и вработените. За учениците кои патуваат од населените места: Црнилиште, Амзабегово, Трстеник и Сопот обезбеден е бесплатен и безбеден превоз кој ги зема и враќа учениците во нивните домови по завршувањето на часовите.

Училиштето овозможува осигурување на учениците и вработените. Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна основа, а изборот на осигурителни компании се врши согласно закон и по дадено мислење од советот на родители однсно наставничкиот совет.

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди во ООУ „ Гоце Делчев“ е во дел од оваа програма како прилог бр. 19.

ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА






## 18. Грижа за здравјето

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособуваат учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

**Програмски содржини:**

- одржување на хигиената во училиштето
- редовни систематски прегледи и вакцинации
- стоматолошки прегледи
- организирана исхрана на учениците
- реализација на едукативни предавања од областа на здравственото воспитување

Акцискиот план за унапредување на менталното здравје и унапредување на учениците со емоционални потешкотии (прилог бр. 15.2 )ќе ја реализираат сите вработени во училиштето, учениците и родителите во соработка со Здравен дом-д-р Ѓорѓи Гаврилски-Свети Николе - оддел за училишна возраст и Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница,Општинскиот центар за социјални работи, Заводот за ментално здравје на деца и младинци и МКФ. Истата ќе опфаќа водење грижа за хигиената во училиштето, систематски прегледи на учениците и вработените, редовни вакцини и ревакцини на учениците и едукација за здрава исхрана.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Во текот на годината, во училиштето ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита Велес. Ходниците, тоалетите, училниците, ќе се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена и ќе се дезинфицираат. Средствата за одржување на хигиената се чуваат и потреба се доделуваат од страна на домаќинот на училиштето. Ходниците се чистат редовно во текот на денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот. Генерално чистење ќе се изведува за време на зимскиот распуст и за време на летниот одмор.

Во текот на годината – континуирано, за време на училишните акции – Ден на екологијата и Ден на планетата Земја, учениците и вработените ќе се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него. Дворното место и зелената површина во училиштниот двор ќе се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал, учениците и наставниците.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи на учениците ќе се реализираат според нивната возраст и динамиката на програмата од Здравен дом „д-рЃорѓи Гаврилски“ од Свети Николе . Прегледите ќе се извршуваат пред или после завршувањето на наставните часови заедно со одделенскиот раководител. Програма за реализација на систематските прегледи на учениците ги опфаќа учениците од I,III, V, VII и IX одделение.
Во рамките на овие прегледи ќе се реализираат и ситематски прегледи на забите во кои ќе бидат опфатени ученици од I,III, V, VII и IX одделение. За другите одделенија ќе се одржат предавања за заштита на забите.Исто така и вработените подлежат на систематски и санитетски преглед.

## 18.3. Вакцинирање

Редовно вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одд.ќе се врши според Програма за имунизација на Здравен дом„ д-р Ѓорѓи Гаврилски“-Свети Николе. а се опфатени учениците на возраст од:

- 6 години (I одделение)
- 7 години (II одделение ) Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза )
- Детска парализа ( 1 доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање на 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза ( VI одделение ); Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња ) ( 3 дози ) - вакцинирање
- 14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање

Одговорни лица од училиштето се директорот и оделенските раководители. При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Едукацијата за здрава храна и формирањето на психички, физички и социјално здрава личност во текот на учебната година ќе се одвива преку работилници и предавања од страна на одделенскиот раководител, предметните наставници во рамките на содржините на наставниот предмет и стручни лица. Во рамките на активностите од еколошкото образование ќе се реализираат предавања и работилници за учениците полесно да го сфатат знаењето на здравата храна и здравиот начин на живеење.

## 19. Училишна клима

Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на задоволително ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба

да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата линост и идентитет.Училиштето има изготвено план за подобрување на училишната клима ( прилог бр. 20).

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно правилникот и етичкиот кодекс на однесување. На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата по катови. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите.
Изработен е правилник за должности на дежурни наставници и ученици ( прилог бр.27.3) а акцискиот план за подобрување на дисциплината е дел од оваа програма како прилог бр.21

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето придонесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Во училиштето се води сметка за естетското и функционално уредување на училниците и холовите. Во холовите и училниците има поставено паноа, ѕидни весници, изработки од учениците, свежо цвеќе. Во рамките на можностите се води сметка и за функционалноста на просторот, кое исто така е ограничено со веќе постоечките згради и распоред на простории со кои располагаме.

Училиштето има формирано тим од вработените и претставници од ученичкиот парламент кој има изработено план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето кој е дел од оваа програма како прилог бр. 22

### 19.3. Етички кодекси

Училиштето има кодекс за однесување со кој се запознаени сите структури во училиштето и произлегува од куќниот ред на училиштето. Кодексот е поставен на видно место во училиштето.
За учебната 2025-26 година се изработија новправилник за општи норми и кодекси за етичко однесување на
-учениците
-родителите
-наставниците
-стручните соработници
-останатите вработени во ООУ „ Гоце Делчев“

Со цел сите субјекти да се запознаат со нив, истите се поставуваат на видно место во училиштето а се ставени во прилог на оваа програма.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето оствaруваме континуирана конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникацијасе засновува на вистински вредности и принципи, кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Раководниот тим на училиштето преку континуирана соработка и состаноци со сите структури (Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, стручни активи) врши размена на идеи, искуства и начини за унапредување на работата на училиштето.

Односите со другите структури (родители, ученици) ќе продолжиме да ги развиваме преку почитување на одредбите во Законот за основно образование и интерните правилници, редовно информирање на родителите за постигањата и поведението на учениците, организирање на настава за учениците кои со потешкотии ги совладуваат наставните содржини и надарените ученици, ќе го унапредуваме здравјето на учениците преку редовни систематски прегледи, предавања, работилници и сл. Стручната служба ќе работи со родителите и учениците кои потешко напредуваат и се адаптираат во училишната средина, надминување на емоционални проблеми и друго, согласно индивидуалните потреби. Преку редовни анализи на успехот и поведението на учениците ќе ги идентификуваме евентуалните потешкотии и ќе работиме на нивно отстранување и подобрување на состојбите.Планот за подобрување на односи помеѓу структурите во училиштето е даден во прилог бр.24 на оваа програма

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции кои во оваа програма не можеме да ги планираме бидејќи не се најавени.

Согласно личните планови за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.

Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери за кои може училиштето и/или наставниците да покријат трошоци, а се потребни со детектираните приоритети.

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни.

Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето. Оваа учебна година нагледните и следените часови ќе бидат:

**Во одделенска и предметна настава:**

-Следење на реализацијата на новите наставни програми

-Следење на дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаење во предметна настава:

-Следење на дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаење

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на заедница на учење. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

## Училишна програма за професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници за учебната 2025-26година, ООУ „Гоце Делчев“ , Свети Николе

| КОМПЕТЕНЦИИ | ТЕМА/НАСЛОВ/ НОСИТЕЛ | АКТИВНОСТИ И ФОРМИ НА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ | ВИД НА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ | УЧЕСНИЦИ | УЛОГА НА УЧЕСНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II.4.7** **Користење на едукативни активности кои го поттикнуваат когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците.** | Користење на инструменти/пристапи и стратегии за познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби, Наставници и стручни соработници | Следење на активностите, постигањата и напредокот кај учениците Заедничко учење, Консултации Пребарување на интернет | Зголемување на самодовербата и мотивираноста кај учениците , создавања на поголеми работни навики и одговорност во завршувањето на работните задачи, постигнување на резултати и награди во учењето во пошироки размери. | Индивидуален, обука од БРО | Програми за работа по предмет Планови за час,стручна литература, примери на тестови, тестови, аналитички листи, анегдотски белешки, чек листи, листи за самооценување, формативно и сумативно оценување | Наставници, стручни соработници и ученици | Учесник | Во текот на цела учебна година |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **III.2.4 Организира стимулативна срединаза учење – стекнување на знаења надвор од наставната програма и заедница** | Користење на стратегии за развој на критичко мислење кај учениците и излегување во пресрет на нивните потреби, Наставници и стручни соработници | Колаборативно: Работилници, Заедничко учење, Консултации Информирање и организирање на посети на кино, претстави, квизови, натпревари и сл. | Зголемено задоволаство, самодоверба и динамичност во работата, поголема мотивираност, Стекнување на знаења надвор од наставната програма. Употреба на знаењата во реални ситуации, односно употреба на теоретските знаења во пракса. | Индивидуално во училиштето | Прирачници, стручна литература, пребарување на интернет, локална заедница, БРО | Наставници, стручни соработници и ученици | Учесник | Во текот на цела учебна година |
| **IV.1.3 Применување инклузивни стратегии за учење и поучување** | Инклузивни стратегии- Наставници стручна служба, родители,<br><br>Инклузивно образование во пракса- Наставници стручна служба, родители, | Работилници; Обуки Размена на искуства со колеги и тимот за инклузија; Планирање и реализирање на разни инклузивни стратегии за учење и поучување; Пребарување на интернет | Поголемапримена на нови наставни практики кои вклучуваат и инклузивни стратегии за учење и поучување на учениците, согласно индивидуалните цели и нивната потреба. | Индивидуален, обука од БРО | Прирачници, стручна литература, Финансиски сретства за обуката Тимот за инклузија, искуства на колеги кои работат со деца со ПОП и родителите на дете со ПОП. | Наставници и стручни соработници | Учесник | Во текот на цела година |
| **IV.1.6Изработување на план за работа и соработка со семејствата на децата со посебни образовни потреби/попреченост** | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | Колаборативно: Работилници, Заедничко учење, Консултации | Подобрување на начинот на реализирање на наставатасо учениците со посебни потреби/попреченост. Подобрасоработка со семејствата на истите | Индивидуален во училиштето, обука од БРО | Прирачници, стручна литература, хартија, печатење Финансиски средства Тимот за инклузија, искуства на колеги кои работат со деца со ПОП и родителите на дете со ПОП. | Наставници,стручни соработници | Учесник | Во текот на цела година |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV.1.10 Правење напрофесионално ориентирање на учениците и професионално ориентирање на учениците со ПОП** | Професионална ориентација на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој | Колаборативно: Работилници, Заедничко учење, Консултации | Поттикнување и насочување на учениците за полесно изразување во подрачјата каде што покажуваат особени афинитети, полесен избор на насоки во средното образование, кон идната професија и научните полиња | Индивидуален во училиштето, обука од БРО | Прирачници, стручна литература, Финансиски сретства за обуката Тим за професионален развој, стручни соработници | Наставници,стручни соработници | Учесник | Во текот на цела година |
| **VI.Б.6 Поттикнува и реализира заедничко истражување и учење за подобрување на наставните практики** | Спроведување на истражувања и рамена на искуства | Колаборативно: Заедничко учење, Консултации,отворени часови | Подобрување на начинот на реализирање на наставата | Индивидуален во училиштето | Прирачници, стручна литература Тим за професионален развој, стручни соработници | Наставници, стручни соработници, ученици | Учесник | Во текот на цела година |
| **II.2.1 Осмислување на начини за поттикнување на посебните способности на надарените ученици** | Користење на стратегии за развој на критичко мислење кај учениците и излегување во пресрет на нивните потреби, Мотивација за успех кај надарените ученици | Индивидуален: проучување стручни извори Колаборативен: стручен актив, консултации, заедничко учење, работилници | Изработка на различни материјали и извори за стимулација на учениците за истражување и учење, мотивација на наставниците за работа со надарени ученици | Индивидуален во училиштето | Хартија, печатење Тим за професионален развој, стручни соработници | Наставници, стручни соработници, ученици | Учесник | Во текот на цела година |
| **I.A.2 Подготовка, приспособување, предлагање и примена на соодветни стратегии за поучување** | Развој на критичко мислење Користење на стратегии за развој на критичко мислење кај учениците и излегување во пресрет на нивните потреби | Колаборативно: Заедничко учење, Консултации,отворени часови | Поттикнување и насочување на учениците да користат современи сознанија, поголема стимулација за учење и истражување, внесување иновации, зголемување на ефикасноста при учењето | Интерен во училиштето | Прирачници, стручна литература, хартија, печатење | Одделенски раководители, Раководители на паралелки, наставници, стручни соработници | Учесник | Во текот на цела година |

За поефикасна реализација на оваа програма наставниците и стручните соработници ќе посетат обуки:

- **ОБУКА ЗА НАСТАВНИЦИ :**
  1.Професионална соработка на наставниците(стручни активи,заедници за учење.менторства...
  2.Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост...
  3.Изготвување на тестови на знаење и оценување
- **СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ:**
  1.Професионална ориентација на учениците,зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој
  2.Инклузивно образование во пракса

## 20.2. Активности за професионален развој

Сите наставници, стручните соработници и директорот ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции Согласно личните планови  за професионален развој секој наставник ќе учествува и реализира одредени форми за професионален развој и ќе го евидентира истото.Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери за кои може училиштето и/или наставниците да покријат трошоци, а се потребни со детектираните приоритети. Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето.Стручните активи во согласност со својата програма за работа, планираат состаноци, дебати, размена на мислења и материјали, презентации, реализација на  нагледни часови и успешна реализација на приоритетите: Унапредување на планирањето и реализацијата на секциите и другите воннаставни активности, подобрување на начинот на оценување и користење современи приоди и методи согласно целите на наставата, потребите и можностите на учениците.

| **Акционен план за Професионален развој на наставници за учебна 2025 - 2026 год** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | активности | Време | носители | инструменти | очекуван и резултати | Одговорни |
| **Формирање на Тимот за професионален развој.** | Формирање на тимот за професионален развој на наставниот кадар,стручна та служба и раководниот кадар на училиштето. | Август 2025 | Раководен кадар,стручна служба и наставен кадар. | Информација за работа на тим. | Проширување и продлабочување со новитети од областа на воспитнообразовната работа | Раководен кадар,стручна служба и наставен кадар. |
| **Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности.** | Посета на задолжителни семинари организирани од МОН. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Обучувачи од страна на МОН | Извештаи од одржани семинари, видео часови. | Стекнува ње на нови и продлабо чени знаења од страна на наставни ците. | Директор, стручна служба,од говорни наставници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности.** | Посета на задолжителни семинари организирани од БРО. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Обучувачи од страна на БРО. | Извештаи од одржани семинари. | Стекнува ње на нови и продлабо чени знаења од страна на наставни ците. | Директор, стручна служба,од говорни наставници |
| **Еразмус + програма,учењ е преку индивидуални мобилности.** | Обука,размена на искуства од семинари и дисеминации. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор,стручна служба, наставници. | Извештаи од посетени семинари, извештаи од десиминации ,пос ети,анкети, прашалници | Стекнување нови продлабочени знаења кај наставни от кадар, размена на искуства, воведување новитети во воспитнообразовниот процес. | Координатори на тимовите. |
| **eTwinning – проекти,семин ари.** | Следење на семинари,сор аботка на проекти. | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор, стручна служба, наставници. | Изработка на проекти, извештаи, анкети и прашалници. | Стекнува ње нови продлабоени знаења кај наставниот кадар,размена на искуства, воведување новитети во воспитнообразовниот процес | eTwinning амбасадор |
| **Континуирано следење и поддршка на наставниците во реализација на професионалн иот развој.** | Следење на семинари,обуки,работилници ( формални и неформални). | Континуирано во текот на целата учебна година. | Директор, стручна служба, наставници | Извештаи од посетени обуки, семинари, работилници, наставнички портфолија | Мотивирани наставници за сопствен професионален развој. | Директор, стручна служба |
| **Споделување искуства и добри практики.** | Посета на отворени и нагледни часови | Континуирано во текот на целата учебна година. | Наставници | Дневни подготовки,и звештаи од посетени часови | Адекватен избор на форми,м етоди и наставни средства | Директор, стручна служба, наставници |
| **Соработка со невладини организации,Општина на Свети Николе** | Следење на семинари,пре давања,конфе ренции,презен тации,работил ници | Во текот на целата учебна година | Претставн ици од невладини организаци и и општина | Извештаи | Усовршување на професионалниот развој,продлабочу вање на знаењата | Директор, стручна служба,на ставници |

## 20.3. Личен професионален развој

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници прават личен план за професионален развој заради зајакнување на сопствените професионални компетенции, а врз основа на сопствена самоевалуација, резултатите од интегралната евалуација и од согледувањата од посетите од страна на директорот и советниците од БРО.

Личните планови за наредната учебна година се предаваат најдоцна до август до тимот за професионален развој, а извештаите за истите до јуни. Тимот за професионален развој врши увид во истите и ја согледува реализацијата на истиот. Врз основа на новите лични планови тимот за професионален развој ги определува приоритетите за работа и ги планира во планот за професионален развој на ниво на училиште.

## 20.4. Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени и нагледни  часови, работилници, дебати и сл.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето. Оваа учебна година нагледните часови ќе бидат со цел унапредување на оценувањето, унапредување на дополнителната и додатната настава и подобрување на планирањето и реалзиацијата на секциите во училиштето.  Стручните активи во училиштето (одделенска и предметна) веќе го имаат усвоено начинот на заедница на учење. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој. За секој од активните се изготвива план за работа кои се додадени какоприлози од оваа програма(1.10-Годишна програма за работа на стручниот актив на одделенска настава;; 1.11-програма на стручен актив на предметна настава)

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Кариерниот развој е многу важна алка во синџирот на напредување и наставниците сами си го создаваат својот кариерен развој во согласност со можностите, очекувања, преоритети и индикатори.Секој наставник си изготвува свој план кој би бил во можност да го имплементира и практицира на траекторија значајна за наставникот.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите се вклучени и партиципацираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителските средби и Училишниот одбор. Во училиштето успешно функционира Советот на родители кој се состанува еднаш на два месеци, а може и почесто. Составен е од родители од сите паралелки во училиштето . На почетокот на учебната година се ажурираат членовите (завршени ученици, недоаѓање на средби). Работи согласно својата програма за работа во која се планираат активности за соработка со училиштето и заедничко решавање на проблемите. Во

програмата за работа се планира информирање на родителите, давање идеи, предлози и се донесуваат одлуки преку советот на родители и училишниот одбор.
Училиштето е постојано отворено за родителите. Но, за да не се попречува наставата, средбите со наставниците може да бидат во точно определен термин во неделата. На родителското катче во училиштето е истакнат распоредот за прием на родителите (наставник, ден во неделата и време), кога може да дојдат родителите на разговор или консултации и многу други информации за родителите кои се во врска со нивните деца.
Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето соработката меѓу родителите и училиштето ќе се остварува и преку:

- индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители и предметните наставници;
- индивидуални контакти и соработка на родителите со стручните соработници и директорот;
- родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални и групни;
- родителски средби на ниво на училиште;

Индивидуалните средби со родителите ќе се остваруваат во текот на целата учебна година. Родителски средби на ниво на паралелка ќе се реализираат задолжително 4 - 5, а по потреба и повеќе во текот на оваа учебна година, на кои покрај информирањето за успехот и поведението на учениците ќе се разгледуваат и други актуелни прашања значајни за паралелката.
Општи родителски средби ќе се одржат две, а по потреба и повеќе. Првата ваква средба ќе се одржи во текот на месец септември 2025 година, а втората општа родителско-наставничка средба ќе се одржи во месец јануари/февруари, 2026 година.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Родителите постојано и континуирано непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, па и во учењето. Преку родителските средби, индивидуални средби, состаноците со Советот на родители и Училиштниот одбор редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници и од нивните деца.
Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници предвидена е соработка и поддршка од родителите за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и за напредување на учениците–таленти. Предвидена е и соработка и помош од родителите во прибирање на дидактички матерјали, помагала и други наставни средства и материјали. Вклучени се и при професионалната ориентација на учениците.
Советот на родители, а и родителите на родителските средби постојано учествуваат со свои предлози и иницијативи за вонаставните активности.
Постојано се известувани и самостојно одлучуваат при организирањето на екскурзиите во однос на програмата за реализација на екскурзијата: релацијата, цената, агенцијата. Редовно учествуваат во еколошките акции, општествено – хуманитарните активности и приредбите како непосредни учесници, помагатели и подржувачи.
Пред почетокот на учебната година училиштето изработува брошура, се подготвува и печати и се дели на родителите на првата општа родителска средба.
Сите овие активности се подетално изложени во акцискиот планот за соработка со родителите кој е дел од оваа програма како прилог бр.26.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

**- Едукација на семејство**

Училиштето ќе води грижа за сестрана едукација на родителите преку организирање на работилници, стручни предавања, родителски средби, индивидуални и групни средби, а по потреба и посета на семејството. За нивно подобро едуцирање и информирање за нашата воспитно образовна работа и резултатите од истата ќе се изготват брошури, предавања, флаери и извештаи.

**- Изработка на брошури за родители**

Со организацијата на воспитно - образовната работа на училиштето за оваа учебна години родителите ќе бидат информирани преку брошура на првата родителска средба.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето е во секојдневна пишана, електронска и лична комуникација со претставници од локалната самоуправа во вид на состаноци, неформални и формални средби.
Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посети на институции и фирми, преку собири, акции и прослави во и надвор од училиштето.
На веб страната од општината и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати, на проектите и слично. Со општината се соработува и во однос на реализацијата на проекти кои се иницирани од општината и во кои учествуваат образовните институции.
Се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, поетски читања,  театар, ликовни колонии.
Училиштето секојдневно соработува и со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид),  Сектор за основно образование како дел од општината (консултации и совети, барања, доставувања), основните училишта во непосредна близина, други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици) и факултети (предавања, вежбална за студенти, истражувања), фондации (реализација на проекти) и др. Се соработува и со спортски клубови од општината.
Поради важноста, училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: локалните амбуланти,Здравствен дом– Свети Николе (систематски прегледи, стоматолози и имунизација), центар за социјални грижи, фондот за здравство, Комисијата за категоризација итн.
Со цел на промоција, училиштето има веб страна и своја страна на социјалната мрежа facebook. Ќе соработуваме и со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др. Најголема е соработката со телевизија Свет.
Лице за контакт со медиуми од училиштето е директоротСузана Дермењџиева, со задача да да го претставува училиштето и училишните активности пред јавноста, да организира настани и активности програмата и проектите кои се реализираат и нивна промоција пред медиумите и јавноста, да ги координира активностие за известувања, соопштенија и промоција на училиштето или да овласти друг тоа да го прави.

Активностите од ова подрачје се подетално изложени во планот за соработка со заедницата кој е дел од оваа програма како прилог бр. 26

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Наставен план и програма** | Преку разговор,посета на часови<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Државен просветен инспекторет<br>БРО,МОН |
| **Постигања кај учениците** | Преку разговор,посета на часови<br>Записници од совет<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Педагог<br>Психолог<br>одделнески раководител<br>раководител на паралелка<br>родители | Директор<br>Совет на одделнски<br>Совет на предметна настава<br>Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>ДПИ |
| **Учење и настава** | Преку разговор,посета на часови<br>Записници од совет<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Педагог<br>психолог | Директор<br>Совет на одделнски<br>Совет на предметна настава<br>Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>ДПИ |
| **Подршка на учениците** | Преку разговор,посета на часови<br>Записници од совет<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Педагог<br>Психолог<br>одделнски раководител<br>раководител на паралелка<br>родители | Директор<br>Совет на одделнски<br>Совет на предметна настава<br>Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>ДПИ |
| **Ресурси** | Набавување, попис на материјални средства<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Набавувач<br>Економ – домакин<br>Комисија за јавни набавки<br>Пописна комисија | Наставнички совет<br>Останати вработени<br>Општина<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>ДПИ,МОН |
| **Клима** | Разговор,интервју,анкета<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | одделнски раководител и раководител на паралелка | Директор<br>Совет на одделнски<br>Совет на предметна настава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Наставнички совет<br>Училишен одбор<br>Совет на родители<br>ДПИ |
| **Раководство и креирање политика** | Разговор,интервју,анкетирање<br>Увид во документација, еднаш на крајот од секое тромесечје | Член на Училишен одбор<br>Директор | Училишен одбор<br>Совет на општина<br>МОН,ДПИ |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Во текот на учебната 2025/2026 година, училиштето ќе ги реализира и спроведува планираните активности, а воедно ќе врши следење и евалуација на акциските планови.

| **ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ 2025/2026 година** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | | | | | | **Следење** |
| **Активности од работатата на** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **очекувани резултати** | **одговорно лице** |
| Тим за увид во педагошка евиденција и документација | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | Начинот на спроведу вање и потребните ресурси за активностите се наведени во посебните | Инструмент ите се наведени во посебните | Очекуваните резултатиза активностит е се | |
| Тим за естетско уредување на училиштето и училиштниот двор | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Училишна заедница | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Стручен актив на одделенска настава | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за организирање на ученички екскурзии | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Стручен актив за предметна настава | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Еко тим | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | акциони планови за работа на тимовите | акциони планови за работа на тимовите | наведени во посебните акциони планови за работана тимовите | стручни соработници<br>директор |
| Тим за подобрување на следењето на планирањето на наставата и наставниот процес | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за подобрување на примената на стекнати знаења од обуките | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Програма за работа со надарени и талентирани ученици | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за подобрување на квалитетот на додатна и дополнителна настава | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за соработката со родителите | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за професионален развој на наставниците во училиштето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за меѓуетничка интеграција во образованието | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за превенција од насилното однесување во училиштето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |
| Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето | | | | | | | | | | | | | претседател на тим | | | | |

## 25.Заклучок

Годишната програма е изработена од старана на сите структури во училиштето со помош на планирањата на стручните активи, тимови, организации, стручни соработници, раководната и управувачката служба, административно-техничката служба, советот на родители и училишниот парламент. Истиот е структуриран од страна на Комисијата за изработка на годишната програма за работа на основното училиште. Пред да се започне со изработување на годишната програма на ООУ „Гоце Делчев “ –Свети Николе, се пристапи кон разгледување на извештајот за работа на училиштето од претходната година, од спроведената самоевалуација во училиштето, приоритетите одделени за оваа учебна година во Развојната програма, резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ.  При изработката на оваа програма целосно се имплементираше новиот правилник за изработка на годишна програма во основото училиште. За изработката на дел од програмата  беа изготвени акциски планови како прилози, а тој процес бараше поголемо и заедничко ангажирање за што училиштето формираше посебни тимови и/или комисии кои ги изработија и доставија до Комисијата за изработка на годишната програма. Комисијата ги разгледа сите доставени материјали, анализи, извештаи и слично и ја склопи оваа програма. Предлог годишната програма за работа на училиштето ќе биде дадена на разгледување на наставничкиот совет, советот на

родители и училиштниот одбор, а потоа со сите останати забелешки ќе се испрати на усвојување кај основачот. Годишната програма за работа на училиштето може да се измени и дополни во текот на нејзината имплементација.

## 26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисија за следење и евалуација на Годишната програма во состав:
Сузана Дерменџиева- директор
Драгана Монева- дефектолог
Биљана Санева– библиотекар
Деспина Лазева – предметен наставник
Татјана С.Трајчева– предметен наставник
Зорица Ефремова– Училиштен педагог
Олгица Стојкова– одделенски наставник
Дарио Виданчев-училишен парламент

## 27.Користена литература

- Закон за основно образование
- Закон за наставници и стручни соработници
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки

- Законот за организација и работата на органите на државната управа
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Статут на училиштето
- Стратегијата за образование 2018 – 2025
- Наставен план за основно образование
- Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства ;
- Концепцијата за инклузивно образование , Концепцијата за воннаставни активности ;
- Водич за инклузивните тимови во училиштето,Водичот за ученичко учество и организирање ;
- Стандардите за професионално однесување на наставниците и стручните соработници во основното училиште ;
- Програмата за развојна училиштето 2023-2027;
- Годишниот извештај на училиштето од учебната 2024/2025 година;
- Извештајот од самоевалвација на училиштето 2022/2024;
- Извештаите за финасиското работење на училиштето;
- Извештај од интегралната евалуацијаод 2019 година.

**Печат, датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.**

| | |
|---|---|
| директор на ООУ Гоце Делчев-Свети Николе<br><br>Сузана Дерменџиева<br>---------------------------------------------<br><br>Август, 2025 | Претседател на училишен одбор при ООУ Гоце Делчев-Свети Николе<br><br>Александра Апостолова<br>---------------------------------------------<br><br>Август, 2025 |

## 28.прилози на годишната програма за работа на ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе за учебната 2025/2026година


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Годишнипрограми за работа за учебната 2025/2026година | 99 |
| 1.1. | Годишна програма за работа на директорот на училиштето 2025/2026 година | 100 |
| 1.2. | Програма за работа на училишниот педагог за учебната 2025/2026година | 108 |
| 1.3 | Програма за работа на училишниот психолог за учебната 2025/2026година | 119 |
| 1.4 | Програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор за учебната 2025/2026година | 128 |
| 1.5. | Програма за работа на стручен соработник-училиштен библиотекар за учебната 2025/2026 година | 134 |
| 1.6. | Годишна програма за работа на училишниот одбор за учебната2025/2026 година | 138 |
| 1.7. | Годишна програма за работа на советот на родители за учебната 2025/2026година | 140 |
| 1.8. | Годишна програма за работа на наставничкиот совет за учебната 2025/2026година | 142 |
| 1.9. | Годишна програма за работа на одделенските совети за учебната 2025/2026година | 143 |
| 1.10 | Годишна програма за работа на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2025/2026година | 144 |
| 1.11. | Програма за работа на стручнит актив на предметна настава во ООУ „Гоце Делчев“ ,Свети Николе за учебната 2025/2026година | 146 |
| 1.11.1 | Годишна програма за работа на природно-математички актив за учебната 2025/2026година | 148 |
| 1.11.2 | Годишна програма за работа на општествено-јазичен актив за учебната 2025/2026 година | 151 |
| 1.11.3 | Годишна програма за работа на културно-уметнички актив за учебната 2025/2026 година | 153 |
| 1.12 | Годишна програма за работа на училишниот инклузивен тим за учебната 2025/2026 година | 154 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.12.1 | Програма за откривање и грижа на ученици со емоционални потешкотии за учебната 2025/2026 година | 156 |
| 1.13 | Годишна програма за работа на училишниот хор за учебната 2025-2026 година | 157 |
| 1.14 | Годишна програма за работа на училишниот оркестар за учебната 2025/2026 година | 159 |
| 1.15 | Ученичко организирање | 161 |
| 1.15.1 | Годишна програма за работа на зедницата на паралелката за учебната 2025/2026 година | 161 |
| 1.15.2 | Програма за работа на ученичкиот парламент за учебната 2025/2026 година | 163 |
| 1.15.3 | Програма за работа на ученичкиот првобранител за учебната 2025/2026 година | 165 |
| 1.15.4 | План на активности на Детската Организација | 167 |
| 2. | Работен календар за учебната 2025/2026 година | 168 |
| 3. | Поделба на класно раководство и ангажираностна наставниот кадар за учебната 2025/2026 год. во ООУ „Гоце Делчев“,Свети Николе | 169 |
| 3.1 | Распоред на часови и дежурни наставници за учебната 2025/2026година во ООУ „Гоце Делчев“-Свети Николе | 174 |
| 4. | Програма за работа во продолжен престој наООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе,учебна2025/2026 година(проширена програма) | 176 |
| 5. | Годишна програма за дополнителна настава за учебната 2025/2026година | 183 |
| 6. | Годишна програма за додатна настава за учебната 2025/2026 година | 184 |
| 7. | Годишна програма за унапредување на работата со надарени и талентирани ученици во ООУ „Гоце Делчев “,Свети Николе 2025/2026година | 186 |
| 8. | Секции/клубови | 188 |
| 8.1. | Годишна програма на библиотекарската секција за учебна 2025/2026 година | 188 |
| 8.2. | Годишна програма на новинарската секција за учебна 2025/2026 година | 196 |
| 9. | Програмаза вонннаставни активности на ООУ „ Гоце Делчев “ за учебната 2025/2026 година | 200 |
| 10. | Програма за општествено-хуманитарни активности за учебната 2025/2026 година | 202 |
| 11. | Екскурзии | 203 |
| 11.1 | Програма за изведување на есенски излет на ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната2025/2026 година | 203 |
| 11.2 | Програма за изведување на пролетен излет на ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната2025/2026 година | 204 |
| 11.3 | Програма за изведување на училишна екскурзија за III одделение во учебната 2025/2026 година | 205 |
| 11.4 | Програма за изведување на училишна екскурзија за VI одделение во учебната2025/2026 година | 207 |
| 11.5 | Програма за изведување на училишна екскурзија за IX одделение во учебната 2025/2026година | 219 |
| 12 | Натпревари | 211 |
| 12.1 | Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2025/2026година | 211 |
| 12.2 | План за динамика за реализација на натпревари за учебната 2025/2026година | 213 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Акциони планови за реализација на проектите во кои е вклучено училиштето за учебната 2025/2026 година | 216 |
| 13.1 | Акционен план за МИМО активности за учебната 2025/2026во ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе | 216 |
| 13.2 | Проект „ИНТЕГРАЦИЈА НАЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈАВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“ | 219 |
| 13.3 | Акциски план на проектот:ESARU-ЕДНЕВНИКво ООУ „Гоце Делчев “Свети Николе,учебна2025/2026година | 231 |
| 13.4 | Акциски план за проектот АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ во ООУ „Гоце Делчев“ , Свети Николе, учебна 2025/2026 | 232 |
| 14 | Програма за професиона ориентација на учениците во ООУ „Гоце Делчев “–Свети Николе за учебната2025/2026година | 235 |
| 14.1 | Програма за професионален развој на учениците од VIII одделение од ООУ „ Гоце Делчев“ за учебната 2025/2026година | 240 |
| 15. | Програма за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и напуштање, спречување дискриминација во ООУ „ Гоце Делчев“ за учебната 2025/2026година | 241 |
| 15.1. | Акциски план за превенција од насилно однесување во ООУ „ Гоце Делчев“ за учебната 2025/2026година | 242 |
| 15.2. | Акциски план на активностите за унапредување на менталното и физичкото здравје и на активностите за учениците со емоционални потешкотии во ООУ „ Гоце Делчев“ за учебната2025/2026 година | 245 |
| 16. | Акциски план за следење и анализа на состојбите со оценувањето ООУ „Гоце Делчев“, Свети Николе, 2025/2026година | 248 |
| 17. | План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар за учебната 2025/2026 година | 249 |
| 18. | Програма за самоевалуација на ООУ „Гоце Делчев“-Свети Николе за учебна 2025/2026 година | 255 |
| 19. | Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди во ООУ „Гоце Делчев“, 2025/2026година | 256 |
| 20. | Акциски план за подобрување на училишната клима во ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе,2025/2026год | 257 |
| 21. | Акциски план за подобрување на дисциплината во ООУ „Гоце Делчев “–2025/2026год. | 258 |
| 22. | Акциски план на активностите за естетско и функционално уредување на просторот во ООУ „Гоце Делчев“,2025/2026година | 259 |
| 22.1. | План на активности на тимот за естетско уредување на училиштето и дворот за учебната 2025/2026година | 260 |
| 23 | Етички кодекси | 260 |
| 23.1. | Етички кодекси за однесување на наставниците и стручните соработници и останатите вработени во ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе | 260 |
| 23.2 | Кодекс на однесување на родителите во ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе | 262 |
| 23.3 | Кодекс на однесување на учениците во ООУ „ Гоце Делчев“, Свети Николе | 263 |
| 23.4 | Куќен ред на ООУ,,Гоце Делчев,,-Свети Николе | 264 |
| 24. | Акциски план за подобрување на односите меѓу структурите во ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе, 2025/2026година | 266 |
| 25 | Акциски план за соработка со родителите/старателите во ООУ „ Гоце Делчев“ , Свети Николе,2025/2026 година | 267 |
| 26 | Акциски план за соработка со локалната заедница и ООУ „ Гоце Делчев“ , Свети Николе, 2025/2026година | 271 |
| 27. | Правилници и протоколи | 273 |
| 27.1. | Правилник за работа на училишната библиотека на ООУ „ Гоце Делчев“ , Свети Николе | 273 |

| | | |
|---|---|---|
| 27.2. | Правилник за избор на првенец на генерација, гордости ,пофалена паралелка, и пофалено одделение | 277 |
| 27.3. | Правилник за должности на наставници и дежурни ученици во ООУ „ Гоце Делчев “ , Свети Николе | 284 |
| 27.4. | Правилник за начинот и критериумите на организирање на училишните натпревари во ООУ„Гоце Делчев“-Свети Николе | 286 |
| 28 | Инструмент за подготовка, следење и евалуација на програмите и акоционите планови | 288 |


## *Прилог бр.1*.Годишнипрограмиза работа за учебната 2025/2026година

## *Прилог бр1.1*Годишна програма за работа на директорот на училиштето 2025/2026 година

Директорот на едно училиште се смета за клучен субјект од чии способности и умеења зависи процесот на развој и квалитет на работата на училиштето.

Неговите компетенции имаат пресудно значење за квалитетно остварување на визијата,мисијата и целите на училиштето. Денес улогата на директорот како раководен орган на училиштето добива на значење затоа што училиштата делуваат во се посложени друштвени услови а последниве години се повеќе се нагласува надворешното вреднување на работата на училиштето пришто примарно е изразена одговорноста на директорот за постигнатите резултати. Затоа од директорот на едно модерно современо училиште, се очекува успешно да ги остварува своите раководни функции со способност за успешно реагирање на трајно променливите цели и задачи кои се поставуваат пред самото училиште а за постигнување на сето ова горе наведено се јавува потребата за изработување на план и програма која ќе биде интегрален дел од Годишните програми и Развојниот план за работа на училиштето.

Оваа програма има за цел да се планираат и програмираат поставените задачи на директорот, да се определат форми, методи и рокови за успешна реалзација на воспитно-образовниот процес, како и да се следат, анализираат и проучуваат одредени проблеми, кои ќе се појават во текот на работењето. Оперативните задачи во Програмата за работата на директорот на училиштето ги опфаќаат активностите:

1.Раководење и управување (планирање и програмирање, координација, упатство и контролирање,извештаи, анализи и вреднувања, информирање,претставување)

2.Раководење на кадарот(надзор и контрола, поттикнување, вреднување и оценување, одржување ред и дисциплина, помош во надминување на проблемите,разрешување на конфликти)

3.Сопствен развој(учење и усовршување, креативност во работата, менаџмент на криза),

4.Обработка на информации(процена, вреднување, анализа и оценување, истражување, проверка и изведување заклучоци) и

5.Комуникација(соработка со локална средина, комуникации во колективот, административни дописи, информирање за работата и постигнувањања и презентации).

**Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“, Свети Николе, учебна 2025/2026**

Работата на директорот ќе биде насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа на училиштето и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. За остварување на сите поставени цели и задачи, истите ќе бидат остварувани во согласност на Законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето, која ќе биде појдовна основа за успешна реализација на севкупните планирања.
Оваа програма има за цел да се планираат и програмираат поставените задачи на директорот, да се определат форми, методи и рокови за успешна реалзација на воспитно-образовниот процес, како и да се следат, анализираат и проучуваат одредени проблеми, кои ќе се појават во текот на работењето. Ќе се настојува на зголемување на соработката со НВО од градот и Републиката и со странски донации за подобрување како на условите за работа на училиштето, така и за подобрување на самиот воспитно-образовен процес. Оваа соработка ќе се остварува преку организирање на трибини, советодавно-инструктивна работа и друго. Особено внимание ќе се посвети на што пообјективно оценување на учениците, а истото да биде спроведено во соработка со ученичката заедница. Исто така, во поглед на дисциплината и проблемите на учениците и нивно надминување, ќе се задолжи стручната служба, да го следат целокупниот воспитно - образовен процес и секојневно заеднички ќе се разгледува. Покрај тоа, програмава ќе овозможи: Усогласено организирање на работните задачи; Јасна и целосна ориентација и увид во реализацијата на програмските задачи; Успешно следење на воспитно-образовниот процес во училиштето; Анализа на работата и вреднување на резултатите од работата.

Во продолжение на програма ќе бидат дадени прегледи на програмските содржини и активности по подрачја, но покрај наведените задачи, ќе се реализираат и оние задачи кои не можат да се предвидат со изработката на оваа програма, а во даден момент ќе бидат актуелни.

| I АДМИНИСТРАТИВО _ ОРГАНИЗАЦИСКА РАБОТА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активности** | **Цели** | **Соработници** | **Форми на работа** | **Ефекти** | **Време на реализација** |
| Создавање на услови за работа воучилиште | Технички подготовки на училишните објекти за почеток на учебната година | Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година | Техничкикадар Хаусмајстор | Разговори Консулатции Набавки Решенија | Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година | VIII, IX. 2025 година |
| | Снабденост со мебел, опрема и наставни средства | | Секретар Домакин | | | |
| | Кадровскипрашања | | | | | |
| | Подготовки за прием на ученици на прв училишен ден во централното и подрачното училиште | Свечен прием на првачињата на прв училишен ден | Стручна служба Наставници | Тимскаработа | Промоција на работата на Училиштето | VIII. 2025 |
| | Создавање оптимални просторни и технички услови за престој и работа во ЦУи ПУ | Модернизирање на просторот и опремата | Домакин Технички кадар | Разговори Консулатции Набавки | Подобрување на условите за работа | тековно |
| Организација на воспитно образов | Формирањеодделенија и паралелки | Организација на воспитно образовната | Психолог Наставници | Соопштенија Договори Консултации | Успешна подготовка и организација на целокупното | VI, VII, VIII 2025 |
| | Распределба на часови и | | Наставници | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | задолженија | работа за учебна 2024/2025 год. | | Анализи | работење на училиштето за учебната 2024/2025 година | |
| | Утврдување на бројна состојба на ученици | | Психолог/наставници | Договори/Анализи | | |
| | Изработка и усвојување на Годишна програма за работа на училиштето | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Наставници<br>Психолог<br>Стручни активи | Тимскаработа | | |
| | Собирање на сите програми и планирања од наставниците | | Наставници<br>Стручни активи | | | |
| | Изготвување на распоред на часови | | | | | |
| | Распределба на задачи и задолженија за Тимови и поединци, изработка на нормативни акти | Организација на воспитно образовната работа за учебна 2024/2025 год. | Наставници<br>Стручни активи | Соопштенија<br>Договори<br>Консултации | Ефикснаработана училиштето | тековно |
| **Материјално финансиско работење** | Организација на пописи, пресметки, изработка на зафршна сметка, реализацијанафинансовплан | Запазување на законитоста во работењето на училиштето | Секретар<br>Училишен одбор<br>Наставници | Пописи<br>Пресметки<br>Договори<br>Соопштенија | Успешно финансиско работењена училиштето | тековно |
| **Потврда на идентификуваните способности кај учениците преку примена на прашалници за логичкоматематичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик кај оние ученици за кои наставниците** | Процес на идентификување на надарените ученици | Разговори со учениците Пополнување прашалници Набљудување | Септември 2025 Октомври 2025 | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Прашалници | Правилно идентификување на надарените и талентираните ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **идентификувале надареност, талент или креативност** | | | | | | |
| **Индивидуално запознавање на тимот со надарените ученици и видот на надареност** | Сов.консул.разговори со одд.настваници, ракововодители, предметни наставници,ученици и нивните родители | Разговори Комуникација Советодавни разговори | Септември 2025 Октомври 2025 | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записници | Проценка на специфичните способности на надарените ученици |
| **Добивање мислење од родителот за способностите на неговото дете** | Пополнување прашалник за надарени, талентирани, креативни ученици од страна на родителите | Комуникација Советодавни разговори | Ноември 2025 | тим за работа со надарении талентирани ученици | Прашалници Извештај | Вклученост на родителите во откривањето на надареноста и талентираноста на учениците |
| **Добивање мислење од соучениците во одделенијата во кои има идентификувано ученици со надареност, талентираност, креативност** | Пополнување прашалник за надареност, телантираност или креативност од страна на соучениците во одделенијата | Комуникација Разговор со учениците и давање насоки Пополнување прашалници | Ноември 2025 | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Прашалници Извештај | развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените учениците |
| **Градење правилен пристап кон надарените и талентираните ученици во училиштето** | Давање препораки на наставниците и родителите за работа со оваа група ученици. | Средби со наставниците во чии паралелки има ваков вид ученици | Ноември 2025 | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записник | Насочено и правилно поучување |
| **Поддршка на учениците и зголемување на мотивираноста за работа Излегување во пресрет на потребите на оваа група ученици** | Средби и активности со оваа група ученици, советодавна работа | Дискусии Советодавни разговори според потребите на учениците | Континуирано | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Записник | Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа |
| **Поддршка и насочување на наставниците за да ги мотивираат учениците кои се надарени, талентирани, да бидат истрајни да ги развиваат своите таленти и да учествуваат на натпревари,** | Континуирани средби и спработка со наставниците, размена на идеи, мислења, ставови | Дискусии Советодавни разговори според потребите на наставниците | Континуирано | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници | Записник | Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Промовирање на успесите на надарените и талентираните ученици ,а со тоа зголемување на нивната активност и мотивација за поуспешна работа** | Пофалби и награди за оваа група на ученици кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето | Според можностите или за Денот на училиштето | Во тек на учебна година | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници Директор | Благодарници Дипломи Книги | Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на надарените ученици |
| **Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца** | Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици | Анализа | Јуни 2026 | тим за работа со надарении талентирани ученици стручни соработници наставници | Извештај | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици |

## *Прилог бр.8***Секции/клубови**

## *Прилог бр.8.1***Годишна програма на библиотекарската секција за учебна 2025/2026**

**Вовед**

Во училиштето е формирана библиотекарска секција којашто ја организира и води библиотекарот на училиштето. Библиотекарската секција е наменета за учениците кои имаат особен интерес и навики за читање книги и коишто сакаат да ги продлабочат своите знаења и познавања за светот на литературата, како и функционирањето на училишните библиотеки. Преку формите на работа на библиотекарската секција, учениците имаат можност да читаат книги по слободен избор, да творат на различни теми и во различни форми, да истражуваат на теми поврзани со книжевноста и пошироко и да го прошируваат своето знаење за различни области на човековото знаење.

**Цели на секцијата:**

- развивање интерес и љубов кон книгата,
- поттикнување на учениците да читаат книга од различни жанрови и покрај обавезната литература,
- развивање на култура на читање на сите видови текстови,
- запознавање на учениците со различни жанрови литература според нивната возраст,
- запознавање на учениците со правилно користењена речници и лексикони,
- поддршка на ученици самостојно да пишуваат,
- учество на различни литературни конкурси,
- поттикнување и развивање на креативност кај учениците,
- создавање на работни навики,
- мотивирање на учениците за самостојна истражувачка работа,

- собирање информации,фотографии,декорирање паноа и изложби по повод најразлични настани во училиштето
- поттикнување на надарените и талентираните ученици за учество во најразлични културни активности организирани од училиштето,
- Одбележување на значајни датуми:месец на книга,патронен празник на училиштето,ден на македонската азбука,ден на авторско право, ден на мајчиниот јазик.

**Годишна програма за работа на библиотекарската секција на ООУ „ Гоце Делчев", Свети Николе**

| Ред.бр | Тема(активности) | Одговорен наставник | Одделение | Цели на активноста | Временска рамка | Просторни ресурси | Дидактички средства | Следење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Обновување на членството и зачленување на нови членови.<br><br>Запознавање на членовите на секцијата | Биљана Санева, училиштен библиотекар | VI-VIII<br><br>одделение | Формирање на секцијата | Септември 2025 | училишна библиотека. | Анкетни листови<br>Листи за евиденција на присуство | Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник.<br>Активноста и придонесот на секој ученик ќе бидат вреднувани од страна на соучесниците и на одговорниот наставник. |
| 2 | Разгледување и усвојување на програмата за работа.<br><br>Давање предлози за активности за работа | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Учење преку набљудување и поучување<br><br>Развивање на систематичност во работата | септември 2025 | Училишна библиотека. | Листови<br>Принтер<br>компјутер | |
| 3 | Запознавање на учениците со книжевниот фонд во библиотеката и негова техничка обработка<br><br>Изработка на правила за однесување во библиотека и нивно истакнување на пано. | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Истакнување на значењето на библиотеката | септември 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>пластификатор<br>Пластифицирани листови<br>илустрации | |
| 4 | Изработка на брошура за Свети Николе по повод 14 Септември, ослободување на Свети Николе | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | да се стекнат со знаења за минатото на Свети Николе и неговите | септември 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>Илустрации<br>брошури | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | знаменитости | | | | |
| 5 | Активности по повод ден на училтелот | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br><br>Ученички парламент | | Да се подигне свеста за значењето на учителската професија | Октомври 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>пластификатор<br>Пластифицирани листови<br>илустрации | |
| 6 | Активности по повод Детска недела | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br><br>Наставници | | Да се стекнат знаења за детските права и одговорности | октомври 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>пластификатор<br>Пластифицирани листови<br>илустрации | |
| 7 | Подготовки за прослава на месецот на книгата | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br><br>Наставници по македонски јазик, странски јазици и музичко образование | | Избирање на тема за работа по повод Месецот на книгата | октомври 2025 | Училишна библиотека. | Книги<br>Компјутер<br>Хамери<br>Маркери<br>Боички | |
| 8 | Месец на книгата-Литературен конкурс | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Да се развјат вештини за писмено изразување | октомври 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>листови | |
| 9 | Месец на книгата-Ликовен конкурс | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Да се развие њубов кон уметноста | октомври 2025 | училишна библиотека. | Компјутер<br>листови | |
| 10 | Месец на книгата-подготовка за изработка на изложбено пано. | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на креативноста на учениците | Ноември 2025 | училишна библиотека.<br>Хол на училиште | Хамери<br>Маркери<br>Боички | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 11 | Креативна работилница по повод Месец на книгата | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на креативноста на учениците | ноември 2025 | училишна библиотека. | Платна за изработка на костуми хартија | |
| 12 | Прослава на месец на књига | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Истакнување на значењето на книгата | ноем ври 2025 | Спортска сала | | |
| 13 | Техничка обработка на книги (ставање печат, налепница, инвентирање, сместување ). | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Запознавање на учениците со правилата за користење на книжниот фонд ,начинот на обработка и правилно сместување на книгите | ноем ври 2025 | Училишна библиотека. | Компјутер Налепници Печат Инвентарна книга | |
| 14 | Истражување и изработка на ППТ –Патот на книгата. | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на електронска култура преку истражување | Декември 2025 | училишна библиотека. | Компјутер Соодветна литература | |
| 15 | Изработка на виртуелена честитка на училиштето по повод Нова година | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Промоција на училиштето | декември 2025 | училишна библиотека. | Компјутер | |
| 16 | Обработка на текстови со новогодишна тематика | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Стекнување на вештини за разбирање на текстови | дек ември 2025 | училишна библиотека. | Соодветна литература костимографија | |
| 17 | Хуманитарна акција на дарување книги по повод Нова година | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Збогатување на книжниот фонд на | дек ември 2025 | Хол на училиште | Изложбено пано Книга за дарување | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Наставници<br>Стручна служба | | библиотеката | | | | |
| 18 | Истражување за потеклото и еволуцијата на македонскиот јазик | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br>Наставник по македонски јазик, Елена Иванова | | Продлабочување на знаења за македонскиот јазик | Февруари 2026 | училишна библиотека. | Компјутер<br>Соодветна литература | |
| 19 | Одбележување на светскиот ден на мајчиниот јазик | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br>Наставник по македонски јазик, Елена Иванова | | Истакнување на значењето на мајчиниот јазик | фев руари 2026 | Училишна библиотека. | Хамер<br>Боички<br>Брошури<br>флаери | |
| 20 | Тематско читање „Жената и книгата“ | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Истакнување на значењето на жената во литературата | Март 2026 | училишна библиотека. | Соодветна литература | |
| 21 | Литературен конкурс и активности по повод 8 Март | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање љубов кон пишаниот збор | Март 2026 | училишна библиотека. | Компјутер<br>хартија<br>печатар | |
| 22 | Посета на Градска библиотека „Гоце Делчев„, Свети Николе | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Збогатување на сопствените знаења и размена искуства | Март 2026 | Градска библиотека „Гоце Делчев„, Свети Николе | / | |
| 23 | Организирање изложба на книги „Ви препорачуваме“ | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на културен однос кон книгата | Март 2026 | Хол на училиште | Книги<br>Изложбено пано | |
| 24 | Истражување за библиотеки ,појава на првите библиотеки ,најголеми библиотеки | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Истакнување на значењето на библиотеките | Март 2026 | училишна библиотека. | Соодветна литература<br>Интернет ресурси | |
| 25 | Одбележување на светскиот ден на книгите за деца-2 Април | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на вештини за усно изразување и | Април 2026 | училишна библиотека. училница | Сликовници<br>Хамери<br>кукли | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Наставници од одделенска настава | | глума | | | | |
| 26 | Тематско читање на текстови со еко содржини и нивно пренесување на цртежи | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на еколошката свест и креативноста на учениците | Април 2026 | училишна библиотека. Хол на училиште | Хамер<br>Боички<br>Брошури<br>Флаери<br>литература | |
| 27 | Подготовки за учество на општински натпревар „ Млади библиотекари“ | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Збогатување на знаењата,развивање на натпреварувачкиот дух | Април 2026 | училишна библиотека. | Прирачник за млади библиотекари | |
| 28 | Одбележување на светскиот ден на книгата и авторското право-23 Април | Биљана Санева, училиштен библиотекар<br>Наставник по македонски јазик, Елена Иванова | | Истакнување на значењето на книгата | Април 2026 | Училишна библиотека. | Хамер<br>Боички<br>Брошури<br>Флаери<br>Литература<br>Компјутер<br>Изложбено пано | |
| 29 | Литературно читање посветено на Гоце Делчев. | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Стекнување на знаења на ликот на патронот низ литературата | Април 2026 | училишна библиотека. | Соодветна литература | |
| 30 | Литературен и ликовен конкурс по повод патрониот празник | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на писмено изразување и ликовно творење | Мај 2026 | училишна библиотека. Дом на култура „Крсте Мисирков“ | Компјутер<br>хартија<br>печатар | |
| 31 | Активности по повод патрониот паразник | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Оддавање почит на патронот<br><br>развој на сопствениот идентитет | Мај 2026 | Дом на култура „Крсте Мисирков“ | Хамер<br>Боички<br>Брошури<br>Флаери<br>Литература<br>Компјутер<br>Изложбено пано | |
| 32 | Изработка на анкета занајчитани | Биљана Санева, | | Стекнување на знаења | Мај 2026 | училишна | Анкетни листови | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | книги. | училиштен библиотекар | | за прибирање на податоци | | библиотека. | Книга за евиденција на позајмени книги | |
| 33 | Пишување на лични творби и креирање на ликовни илустрации на тема „Асоцијации на летото“ | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Развивање на креативноста на учениците | Мај 2026 | училишна библиотека. | Компјутер хартија печатар Хамер Боички | |
| 34 | Избор на најчитател | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Стекнување на знаења за прибирање на податоци | Мај 2026 | училишна библиотека. | Книга за евиденција на позајмени книги | |
| 35 | Избор на најчитана книга | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Стекнување на знаења за прибирање на податоци | Јуни 2026 | училишна библиотека. | Книга за евиденција на позајмени книги | |
| 36 | Активности по повод крај на учебната година | Биљана Санева, училиштен библиотекар | | Сумирање и пезебтирање на резултати од работата на секцијата | Јуни 2026 | училишна библиотека. | Изложбено пано | |

Во зависност од потребите и интересот на учениците во некои делови програмата може да биде изменета.
Биљана Санева,училиштен библиотекар

## *Прилог бр.8.2*Годишна програма на новинарската секција за учебна 2025/2026 година

**Вовед**

Во оваа секција членуваат учениците кои сакаат да се запознаат со новинарството, да бараат значајни или интересни информации, да ги промовираат своите идеи и достигнувања, како и оние на нивните соученици. Со работа и ангажирање во оваа секција, учениците усвојуваат новинарски стил и се запознаваат со различните жанрови на информации (вест, написи, извештаи), како и со литературни и новинарски жанрови (репортажа, патопис, интервју). Преку работата на секцијата, учениците се запознаваат со новинарската етика – новинарот треба да открие, да собира информации, да ја провери, да го напише текстот и да го потпише.

**Цели:**Оваа секција има за цел да ги воведе младите новинари во новинарската професија, поставувајќи ги основите врз кои ќе може да го проширувааат своето знаење (теоретско и практично) во новинарството; учениците да се стекнат со знаења за основните карактеристики на новинарската професија и нановинарскиот прозивод, за неопходниот минимум на една информација за таа да добие третман на вест, за поделбата на новинарските жанрови и основните карактеристики на секој од нив;следење на сите позначајни настани во нашето училиште и известување за истите;промоција на училиштето во пошироката јавност

**Исходи:** Учениците поседуваат способности да бараат значајни или интересни информации, да ги промовираат своите идеи и достигнувања, како и оние на нивните соученици, самостојно заклучуваат за своите новинарски способности и збогатени јазични говорни вештини и творечки настапувања;меѓусебна соработка,учество во тимска работа и развој на креативноста кај учениците

| Време на реализација | Ред.бр | Тема(активности) | Одговорен наставник | одделение | ресурси | Цели на активноста | Место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| септември | 1. | Формирање на новинарската секција, избор на раководство | Биљана Санева | Ученици од VIII одделение и IX одделение | Компјутер<br>Пристап до интернет<br>Листови<br>Соодветна литература<br>Весници | Анкетни листови<br>Листи за евиденција на присуство | библиотека |
| | 2. | Усвојување на планот и програмата за работа во учебната 2024/2025 година | | | | Учење преку набљудување и поучување<br>Развивање на систематичност во работата | библиотека |
| октомври | 3. | Анализа на претходните броеви на училишниот весник | | | | Развивање на систематичност во работата | библиотека |
| | 4. | Основни упатства за воведување на учениците во новинарската секција | | | | Учење преку набљудување и поучување<br>Развивање на систематичност во работата | библиотека |
| | 5. | Новинарското изразување, интервју, репортажа, извештај | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку истражување | библиотека |
| | 6. | Анализа на новинарски статии | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку истражување | библиотека |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ноември** | 7. | Развиток на новинарството и новинарството како професија | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку истражување | библиотека |
| | 8. | Видови средства за информирање и видови текстови | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку истражување | библиотека |
| | 9. | Посета на локално радио | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку практични примери | локално радио |
| **декември** | 10. | Посета на печатница | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку практични примери | печатница |
| | 11. | Посета на локална телевизија | | | | Развивање на вештини за комуникација и споделување на мислења | локална телевизија |
| **јануари** | 12. | Предлог рубрики кои ќе бидат застапени во новиот број на училишниот весник | | | | Давање на предлози<br><br>Развивање на тимска работа | библиотека |
| | 13. | Формирање работни групи и поделба на работни задачи, | | | | Систематичност во работата | библиотека |
| | 14. | Избор на насловна страна и статии кои ќе бидат застапени во весникот | | | | Развивање на вештини за комуникација и споделување на мислења | библиотека |
| **февруари** | 15. | Избор на фотографии кои ќе бидат застапени во весникот | | | | Развивање на вештини за комуникација и споделување на мислења | библиотека |
| | 16. | Интервјурање на наставници | | | | Развивање на комуникативни вештини | Наставнички кабинети |
| | 17. | Интервјуирање на ученици | | | | Развивање на комуникативни | библиотека |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | вештини | |
| **март** | 18. | Интервјуирање на стручни соработници | | | | Развивање на комуникативни вештини | Канцеларија за стручни соработници |
| | 19. | Интервјуирање на директор | | | | Развивање на комуникативни вештини | библиотека |
| | 20. | Разгледување и анализа на прибраните материјали | | | | Анализа на резултатите | библиотека |
| | 21. | Разгледување и анализа на прибраните материјали | | | | Анализа на резултатите | библиотека |
| **април** | 22-25<br>4 часа | Уредување на содржините на новиот број на училишниот весник | | | | Развување на информатички вештини | библиотека |
| | 26. | Лектура и коректура на содржините на новиот број на училишниот весник | | | | Развивање на лекторски вештини | библиотека |
| | 27. | Лектура и коректура на содржините на новиот број на училишниот весник | | | | Развивање на лекторски вештини | библиотека |
| | 28. | Печатење на училишниот весник | | | | Добивање на финален продукт | Печатница „Буба мара принт“ |
| | 29. | Светски ден на слободата на медиумите | | | | Уредување на изложбено пано | Хол на училиште |
| | 30. | Самостојно пронаоѓање на новинарска приказна, нејзиното разработување и начинот на нејзиното претставување | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку практични примери | библиотека |
| **мај** | 31. | Објективно, неутрално и навременоизвестување и | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку практични | библиотека |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | последиците од лажното известување | | | | примери | |
| | 32. | Интервју со ученици од нашето училиште за пороците на денешнината | | | | Развивање на комуникативни вештини<br><br>Развивање на свеста за пороци | библиотека |
| **јуни** | 33. | Интервју со сите ученици кои оваа учебна година освоија награди на државно ниво | | | | Развивање на комуникативни вештини, усно и писмено изразување | библиотека |
| | 34. | Следење на работата на ЕКО тимот на училиштето и изработка на ѕидни весници со пораки и творби за здрава училишна средина | | | | Развивање на еколошката свест | Хол на училиште |
| | 35. | Критички осврт за сопствените текстови (позитивен и негативен); | | | | Стекнување на знаења за новинарството преку практични примери | библиотека |
| | 36. | Анализа на работата на новинарската секција | | | | Систематизација и презентација на резултатите | библиотека |

Во зависност од потребите и интересот на учениците во некои делови програмата може да биде изменета.
Одговорен наставник:Биљана Санева,училиштен библиотекар

*Прилог бр.9***Програмаза воннаставни активности на ООУ „Гоце Делчев"за учебната 2025/2026година**

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ:**

- создавање пријатна атмосфера во училиштето;
- развивање креативност и фантазија кај учениците;
- да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата
- да се развие чувство за одговорност
- да се стекне навика за одржување на чиста и здрава околина
- да се развива почит и позитивен однос кон споменициte на културата и историското минато.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Приредба по повод првиот училишен ден** | 01 09 2025 | Наставници од одделенска | Ученици од | Создавање пријатна атмосфера во училиштето, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **посветена на првачињата** | | настава и училишен педагог | прво одделение | училницата и училишниот двор. Развивање позитивен однос кон другарчињата од своето училиште |
| **Одбележување на Светскиот ден на Озонската обвивка** | 15. 09. 2025 | Наставници по географија | Ученици од шесто до деветто одделение | Подигнување на еколошката свест кај учениците |
| **Активности од еко проекти,мимо проекти** | Септември 2025 јуни 2026 | учениците од био-еколошката секција | Ученици од трето до деветто одделение | Создавање пријатна атмосфера во училиштето, училницата и училишниот двор |
| **Активности по повод Детската недела-Работилница, хуманитарна акција, спортски активности** | Прва недела од октомври, 2025 | наставници | | Развивање позитивен однос кон другарчињата од своето училиште |
| **Приредба по повод свечениот прием на првачињата во Детската организација** | Прва недела октомври, 2025 | наставници | Ученици од прво одделение | Развивање позитивен однос кон другарчињата од своето училиште и надвор од него. |
| **Работилницапо повод Месецот на книгата** | октомври, 2025 ноември ,2025 | Библиотекар Членови на библиотекарската секција | | Создавање пријатна атмосфера во училиштето Развивање на љубов кон пишаниот збор и развивање на креативноста |
| **Работилницапо повод Светскиот ден на детето** | 20 ноември 2025 | Библиотекар Наставници по одделенска и предметна настава | ученици | Создавање пријатна атмосфера во училиштето Развивање на љубов кон пишаниот збор и развивање на креативноста |
| **Новогодишна хуманитарна акција** | Декември, 2025 | Стручна служба | ученици | Развивање позитивен однос кон другарчињата од своето училиште |
| **Новогодишна приредба** | декември, 2025 | Директор Наставници | Ученици | Развивање креативност и фантазија кај учениците; Организирање приредби за различни поводи. |
| **Одбележување на годишнина од раѓањето на Гоце Делчев историски час за ликот и делото на Гоце Делчев** | 04 февруари 2025 година | Директор Наставници | Ученици | Создавање пријатна атмосфера во училиштето Развивање на љубов кон пишаниот збор и развивање на креативноста |
| **Одбележување на 21 февруари, меѓународниот ден на мајчиниот јазик** | 21 02 2025 | Библиотекар Наставници по македонски јазик | Ученици | Развивање на љубов кон пишаниот збор и мајчиниот јазик, развивање на креативностакај учениците,подигнување на свеста на учениците за важноста на мајчиниот јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на 8 март, меѓународниот ден на жената**<br>**Ликовна и литературна работилница, изложба и приредба** | Март, 2026 | Библиотекар<br>Наставници по одделенска и предметна настава | Ученици | Развивање креативност и фантазија кај учениците; |
| **Активности по повод Денот на екологијата**<br>**Садење садници и цвеќиња, средување на училници и училишен двор** | 21 март 2026 | Наставници по одделенска и предметна настава | Ученици | Создавање пријатна атмосфера во училиштето, училницата и училишниот двор<br>- да се стекне навика за одржување на чиста и здрава околина |
| **Одбележување на патрониот празник на училиштето** | 04 05 2026 | Библиотекар<br>Наставници по одделенска и предметна настава | Ученици | - создавање пријатна атмосфера во училиштето;<br>- развивање креативност и фантазија кај учениците;<br>- да се развие чувство за одговорност |
| **Одбележување на 1 Јуни - светски ден на детето** | 01 06 2026 | Наставници по одделенска настава-1 одд. | Ученици | Развивање креативност и фантазија кај учениците;<br>Одбележување на празници |
| **Хепенинг по повод крајот на учебната година** | јуни 2026 | Библиотекар<br>Наставници по одделенска и предметна настава | Ученици | Развивање креативност и фантазија кај учениците;<br>Одбележување на празници.Организирање приредби за различни поводи. |

## *Прилог бр.10* **Програма за општествено-хуманитарни активности за учебната 2025 /2026 година**

| **Планирана активност** | **Цели** | **Реализатор** | **Форми и време на реализација** | **Целна група** | **Очекувани исходи ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уредување на училишната зграда и училишниот двор** | Формирање работни навики | Ученици ,<br>Одд .раководители,<br>технички персонал | работна акција<br>Септември 2025 | Ученици од IV до IXодд | Формирање на работни навики кај учениците |
| **Хуманитарна акција за собирање учебни помагала** | Подигање на свеста кај учениците за хуманитарна помош за своите другари | Ученици ,<br>Одделенески раководители, | Собирна акција<br>Октомври, 2025 | Ученици од IIдоIX одд | Поттикнување на хуманоста и солидарноста |
| **Одржување и негување на непосредната околина** | Работни навики за одржување чиста околина | Ученици ,<br>Одд раководители,<br>Домакин<br>технички персонал | работна акција<br>Ноември2025 | Ученици од I до IX одд<br>Наставници | Формирање на работни навики кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Новогодишни базар/Новогодишен хепенинг** | поттикнување на детската креативност | Ученици , Одд раководители, | ученички изработки Декември2025 | Ученици од III До IX родители Наставници | Негување интерес за Новогодишните празници |
| **Изработка на осмомартовски честитки/приредба по повод Осми Март** | Развивањекреативност | Ученици , Одделенески раководители, | ученички изработки Март2026 | Ученици од I До Vодд родители | Негување почит и љубов кон постарите |
| **Садење дрвја и цвеќе по повод Денот надрвото** | развивање работни навики и љубов кон природата | Ученици , Одд раководители, технички персонал | работна акција Март2026 | Ученици од I до IX одд Наставници | Формирање на работни навики кај учениците |
| **Изработка на експонати за Велигденски хепенинг** | Развивање креативност | Ученици , Одделенески раководители, | ученички изработки април 2026 | Ученици од I до IX одд Наставници | Негување интерес за Велигденски празници |
| **Организирање собирни акции(собирање Алишта,храна)** | Подигање на свеста кај учениците за помош на другарчињата | Ученици , Одделенески раководители, | Собирна акција Април2026 | Ученици од I до IX одд Наставници | Поттикнување на хуманоста и солидарноста |

## *Прилог бр.11*Екскурзии

Во годишната програма на ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе за учебната 2025/2026 година, а во согласност со Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, предвидени се следните излети и екскурзии:

- Есенски еднодневен излет наменет за сите ученици од училиштето
- Пролетен еднодневен излет наменет за сите ученици од училиштето
- Еднодневна екскурзија за учениците од трето оддделение
- Дводневна екскурзија за учениците од шесто оддделение
- Дводневна екскурзија за учениците од деветто оддделение

## *Прилог бр 11 .1*Програма за изведување на есенски излет на ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната2025/2026 година.

**1. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

- Истражување појави во природата;
- Развивање интерес за природата;
- Развивање интерес за спортски активности;
- Рекреација;
- Создавање навика за здраво живеење;
- Дружење;
- Социјализација.

**2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

- Заедничко пешачење насите ученици од училиштето доодредена локација;
- Спортски активности, рекреација и друштвениигри.

**3. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ:**

- Венцо Димчев (наставник по физичко и здраствено образование)
- Носители на содржините на активностите се сите наставници од ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе;
- Со излетот се опфатени учениците од 1-9 одделение.

**4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Еднодневен излет (ноември 2024)

**5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Со цел остварување на воспитно образовните цели предвидени со излетот, наставниците во континуитет ќе ја следат реализацијата на излетот.

За таа цел ќе се користат повеќе методи: поставување прашања за предзнаењата, отворање поширока дискусија со сите ученици, соодветно дообјаснување од наставниците што пак ќе им помогне на учениците да стекнат соодветни знаења за здравото живеење и социјализацијата, вештини и навики за почитување на еколошките убавини на нашата земја. Наставниците ќе ги запознаат учениците со Кодексот на однесување за секој сегмент од излетот и ќе даваат насоки за доследно почитување на истиот.

**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

Културно-историски локалитет – Била зора, Кнежје

**7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Пријавување на маршута по која ќе се движат учениците низ градот додека пешачат кон излетничкото место во МВР.

**8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Училишниот излет ќе се финансирана од средства на родителите/старателите на учениците.

*Прилог бр 11 .2* **Програма за изведување на пролетен излет на ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе за учебната2025/2026 година.**

**1. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**
Истражување појави во природата;
Развивање интерес за природата;
Развивање интерес за спортски активности;
Рекреација;
Создавање навика за здраво живеење;
Дружење;
Социјализација.
**2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**
Заедничко пешачење насите ученици од училиштето доодредена локација;
Спортски активности, рекреација и друштвениигри.
**3. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ:**
Венцо Димчев (наставник по физичко и здраствено образование)
Носители на содржините на активностите се сите наставници од ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе;
Со излетот се опфатени учениците од 1-9 одделение.
**4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ**
Еднодневен излет (мај 2025)
**5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**
Со цел остварување на воспитно образовните цели предвидени со излетот, наставниците во континуитет ќе ја следат реализацијата на излетот.За таа цел ќе се користат повеќе методи: поставување прашања за предзнаењата, отворање поширока дискусија со сите ученици, соодветно дообјаснување од наставниците што пак ќе им помогне на учениците да стекнат соодветни знаења за здравото живеење и социјализацијата, вештини и навики за почитување на еколошките убавини на нашата земја. Наставниците ќе ги запознаат учениците со Кодексот на однесување за секој сегмент од излетот и ќе даваат насоки за доследно почитување на истиот.
**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**
Излетничко место - Ѓуриште
**7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
Пријавување на маршута по која ќе се движат учениците низ градот додека пешачат кон излетничкото место во МВР.
**8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**
Училишниот излет ќе се финансирана од средства на родителите/старателите на учениците

*Прилог бр 11 .3* **Програма за изведување на училишна екскурзија за IIIодделение во учебната 2025/2026година**

**1. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

- Учениците да се запознаат и да ги воочат природните убавини во текот на патувањето;
- Учениците да се запознаат со местоположбата на градска населба од нашата татковина;
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- Запознавање со историјата на античкиот град Стоби;
- Запознавање со животинскиот и со растителниот свет на Дојранското Езеро;
- Да запознаат со потеклото на името на Дојранското езеро;
- Запознавање со местоположбата, животинскиот и со растителниот свет во и околу Колешинските водопади;
- Да се запознаат со потеклото на името на Колешинските водопади;
- Да бидат применети знаења во творење налитературни и ликовнитворби;
-

**2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

- Набљудување на текот на реката Вардар и набљудување на карактеристики на градска населба (општество);
- Историски час кај локалитетот Стоби (општество);
- Пешачење по двајца во колона (физичко и здравствено образование);
- Пеење изучени песни (музичко образование);
- Предавање и разговор со кустосот на локалитетот (општество и македонски јазик);
- Прошетка низ Стар Дојран покрај езерото- разгледување и разговор за животинскиот и растителниот свет (Природни науки во корелација со Физичко и здравствено образование);
- Фотографирање на мандрите (ликовно образование);
- Прераскажување на преданија за различните споменици и природни богатства (македонски јазик);
-

**3. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ:**

- Весна Јосифова (одделенски раководител на 3-2)
- Носители на содржините на активностите е тим од одделенски наставници на 3 одделение;
- Со екскурзијата се опфатени учениците од 3 одделение.

**4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Еднодневна екскурзија (октомври2025-мај 2026)

**5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Со цел остварување на воспитно образовните цели предвидени со екскурзијата, наставниците во континуитет ќе ја следат реализацијата на сите предвидени посети и активности.

За таа цел ќе се користат повеќе методи: поставување прашања за предзнаењата, отворање поширока дискусија со сите ученици, соодветно дообјаснување од наставниците што пак ќе им помогне на учениците да стекнат соодветни знаења, вештини и навики за културните, туристичките и еколошките убавини на нашата земја. Наставниците ќе ги запознаат учениците со Кодексот на однесување за секој сегмент од екскурзијата и ќе даваат насоки за доследно почитување на истиот.

**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

- Велес (Панорамско разгледување на градот)
- Стоби (Посета на археолошки локалитет)
- Дојран (Дојранско езеро)
- Струмица (Колешински водопади)

- За потребите на екскурзијата ќе се патува на релацијата Свети Николе-Велес-Стоби-Дојран-Струмица-Свети Николе

**7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна ескурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Во понудата треба да има предвидено високотуристички автобус со туристички водич и придружба од медицинско лице.

**8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставно-научната екскурзија ќе се финансирана од средства на родителите/старателите на учениците.

*Прилог бр 11 .4***Програма за изведување на училишна екскурзија за VIодделение во учебната 2025/2026година**

**1. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

- Учениците да се запознаат и да ги воочат природните убавини во текот на патувањето;
- Да се развие интерес и да се стекнат практични знаења кај учениците за историскиот развој и културните вредности на градот Крушево;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со споменикот “Македониум” и споменикот “Мечкин камен” и да се стекнат со информации за нашето поблиско и подалечно минато;

- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето  во западниот дел на земјата;
- Учениците да се запознаат и да стекнат информации за историскиот развој и културните вредности на градот Прилеп и Битола;
- Запознавањесо историјата на античкиот град Стоби;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Пелагониската котлина;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со рељефот во западниот дел од земјата;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби;
- Да бидат применети знаења во творење на литературни и ликовни творби.

**2.  СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

**Прв ден**

- Прошетка низ централното подрачје на Прилеп
- Фотографирање на природните убавини и знаменитости (техничко образование);
- Пристигнување во Крушево и пешачење со пеење изучени песни, до спомен куќата на Тодор Проески (физичко и здравствено образование, музичко образование);
- Посета споменикот "Македониум",
- Опис на споменици и цркви (македонски јазик, историја);
- Цртање на убавините на градот Прилеп и Крушево (ликовно образование );
- Ноќевање во Крушево

**Втор ден**

- Посета на споменикот "Мечкин камен"
- Дискусија за животинскиот и растителниот свет (биологија);
- Пристигнување и прошетка низ Битола со разгледување и разговор за историјата на градот (историја);
- Посета на спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк;
- Прераскажување на преданија за археолошкиот локалитет Хераклеа (македонски јазик);
- Собирање информации за археолошкиот локалитет Стоби.

**3. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ:**

- Валентина Ѓорѓиева,раководител на паралелка
- Носители на содржините на активностите е тим од класните раководители на  6 одделение;
- Со екскурзијата се опфатени учениците од 6 одделение.

**4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Дводневна екскурзија (октомври 2025 - мај 2026)

**5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Со цел остварување на воспитно образовните цели предвидени со екскурзијата, наставниците во континуитет ќе ја следат реализацијата на сите предвидени посети и активности.

За таа цел ќе се користат повеќе методи: поставување прашања за предзнаењата, отворање поширока дискусија со сите ученици, соодветно дообјаснување од наставниците што пак ќе им помогне на учениците да стекнат соодветни знаења, вештини и навики за културните, туристичките и еколошките убавини на нашата земја. Наставниците ќе ги запознаат учениците со Кодексот на однесување за секој сегмент од екскурзијата и ќе даваат насоки за доследно почитување на истиот.

**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

- Прилеп (Панорамско разгледување на градот)
- Крушево (Посета споменикот "Македониум", споменикот "Мечкин камен" и спомен куќата на Тодор Проески)
- Битола (Посета на спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и археолошкиот локалитет Хераклеа)
- Стоби - археолошкиот локалитет
- За потребите на екскурзијата ќе се патува на релацијата Свети Николе-Прилеп-Крушево-Битола-Стоби-Свети Николе.

**7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

ООУ„ Гоце Делчев" Свети Николе спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна ескурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Во понудата треба да има предвидено високотуристички автобус со туристички водич, хотелско сместување, оброци и придружба од медицинско лице.

**8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставно-научната екскурзија ќе се финансирана од средства на родителите/старателите на учениците.

*Прилог бр 11 .5* **Програма за изведување на училишна екскурзија за IXодделение во учебната 2025/2026година**

**1. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

- Учениците да се запознаат и да ги воочат природните убавини во текот на патувањето;
- Да се развие интерес и да се стекнат практични знаења кај учениците за историскиот развој и културните вредности на градот Охрид;

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошки ископини и со остатоците на Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео, Манастир „Св. Наум Охридски“ и да се стекнат со информации за нашето облиско и подалечно минато;
- Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското езеро;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во западниот дел на земјата;
- Учениците да се запознаат и да стекнат информации за историскиот развој и културните вредности на градот Струга, Гостивар, Дебар и Тетово;
- Учениците да се запознаат со приридните одлики и историјата на Струга: Природонаучен музеј;
- Запознавање со хидрогеолошки локалитет и богата биолошка разновидност на Вевчански извори (Вевчани);
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со хидроцентралите и вештачките езера во Дебар: ХЕЦ Шпиље, Косовраски бањи;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на текот на реката Црни Дрим и Кањонот на Радика, Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со рељефот во западниот дел од земјата;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби;
- Да бидат применети знаења во творење на литературни и ликовни творби.

**2. СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

**Прв ден**

- Пристигнување во Охрид
- Фотографирање на природните убавини и знаменитости (ликовно образование );
- Опис на споменици и цркви кои се посетуваат во Охрид: Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео, Манастир „Св. Наум Охридски“ (македонски јазик, историја);
- Пешачење и пеење изучени песни за Охрид (физичко и здравствено образование, музичко образование);
- Дискусија за животинскиот и растителниот свет (биологија);
- Ноќевање во Охрид

**Втор ден**

- Прошетка низ Струга и посета на Природонаучен музеј;
- Посета на Вевчанските извори;
- Разгледување на манастирот Јован Бигорски;
- Запознавање со хидроцентралите и вештачките езера во Дебар;
- Набљудување на кањонот на реката Радика по патот кон манастирот „Св. Георгиј Победоносец“ во с.Рајчица;

- Гостивар и Тетово - разгледување и разговор за историјата на градот (историја);
- Прераскажување на преданија за различните споменици и природни богатства (македонски јазик);
- Собирање информации за Лешок во Тетово.

**3. ОДГОВОРЕН НАСТАВНИК, ВКЛУЧЕНИ НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ:**

- Билјана Лазарова (класен раководител на 9-3);
- Носители на содржините на активностите е тим од класните раководители на 9 одделение;
- Со екскурзијата се опфатени учениците од 9 одделение.

**4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Дводневна екскурзија (октомври 2025 - мај 2026)

**5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Со цел остварување на воспитно образовните цели предвидени со екскурзијата, наставниците во континуитет ќе ја следат реализацијата на сите предвидени посети и активности.

За таа цел ќе се користат повеќе методи: поставување прашања за предзнаењата, отворање поширока дискусија со сите ученици, соодветно дообјаснување од наставниците што пак ќе им помогне на учениците да стекнат соодветни знаења, вештини и навики за културните, туристичките и еколошките убавини на нашата земја. Наставниците ќе ги запознаат учениците со Кодексот на однесување за секој сегмент од екскурзијата и ќе даваат насоки за доследно почитување на истиот.

**6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

- Охрид (Посета на Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов“ – Канео, Манастир „Св. Наум Охридски“)
- Струга (Посета на Природонаучен музеј)
- Вевчани (Вевчански извори)
- Дебар (ХЕЦ Шпиље, Косовраски бањи)
- Рајчица (Манастир „Св. Георгиј Победоносец“)
- Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“
- Гостивар (Изворот на реката Вардар „Вруток”)
- Тетово (Шарена џамија и Тетовско кале, Лешочки манастир „Св. Атанасиј“)

- За потребите на екскурзијата ќе се патува на релацијата Свети Николе-Охрид-Струга-Вевчани-Дебар-Рајчица-Бигорски манастир-Гостивар-Тетово-Свети Николе.

## 7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

ООУ„ Гоце Делчев“ Свети Николе спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна ескурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Во понудата треба да има предвидено високотуристички автобус со туристички водич, хотелско сместување, оброци и придружба од медицинско лице.

## 8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставно-научната екскурзија ќе се финансирана од средства на родителите/старателите на учениците.

*Прилог бр.12***Натпревари**

*Прилог бр.12.1***Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2025/2026година**

| Цели | Содржини/ Активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Подобрување и надградување знаења на учениците во образовниот процес** | **Учество на Училишни натпревари по сите предмети** | Предметни наставници по соодветните наставни предмети(поединечно и како тимови) | Февруари / Март 2026 | Подобрени и надградени знаења на учениците во образовниот процес |
| **Поттикнување интерес и развивање афинитети кон одредени активности** | **Учество на Општински натпревари по предметите**<br>**На кои се пласирани учениците** | Одговорни тимови и друштва<br>-Сојуз на друштва за македонски јазик и литература<br>-Алгоритам<br>-Друштво на математичари<br>-Друштво на биолози на<br>-Друштво на физичари<br>-Друштво на биолози<br>- тим составен од предметни и одделенски наставници од сите општински училишта | Март/Април 2026 | Зголемен интерес кон одредени активности според индивидуалните афинитети на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училниците да се постојано уредни, чисти и соодветно декорирани.** | Уредување и одржување на училниците | Разговор, практична работа | Во текот на целата учебна година | Одделенски раководители и ученици | Изработки од учениците, готови плакати, други наставни средства и помагала | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| **Училишниот хол и ходниците да бидат соодветно уредени.** | Уредување на училишниот хол и ходниците | Разговор, практична работа | Континуирано во текот на цела учебна година | Наставници и ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници | Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на креативност и естетски вредности |
| **Чист,уреден и функционален училиштен двор.** | Уредување и одржување на училишниот двор | Разговор, практична работа | Според планираните активности | Техничка служба, наставници, ученици, родители и вработени | Според планираните активности | Естетско уреден , функционален и чист училиштен двор |
| **Разивање на еколошка свест кај вработените и учениците.** | Еко уредување на училишниот простор | Разговор, практична работа | Континуирано | Наставници и ученици | Еколошки материјали, човечки ресурси | Развивање на еколошката свест |

*Прилог бр. 22.1* **План на активности на тимот за естетско уредување на училиштето и дворот за учебната 2025/2026 година**

| Време на реализација | Активност | Реализатор |
|---|---|---|
| **Септември** | Уредување на училишниот хол по повод 1 Септември, првиот училишен ден | Тим на наставници за естетско и функционално уредување<br><br>Одделенски и предметни наставници пред својата училница/кабинет |
| **Октомври** | Уредување на училишниот хол-есен<br>Уредување на пано по повод Детска недела<br>Изложба на ликовни и литературни творби по повод месец на книга | |
| **Ноември** | Месец на книга<br>Уредување на училишен хол-зима | |
| **Декември** | Уредување на пано по повод Новогодишните и Божиќните празници | |
| **Март** | Уредување на пано по повод 8 Март, Денот на жената<br>Уредување на пано по повод Ден на пролетта и екологијата | |
| **Април** | Уредување на училишниот хол по повод Велигденските празници<br>Уредување на пано по повод 22 Април, Ден на планетата Земја | |
| **Мај** | Уредување на пано по повод Денот на училиштштето - 4 Мај | |
| **Јуни** | Уредување на училишниот холсо дипломи, пофалници и благодарници по повод постигнатите успеси на учениците и наставниците - ментори во текот на учебната година | |

*Прилог бр.23* **Етички кодекси**

## *Прилог бр.23.1* ПРАВИЛНИК ЗА ОПШТИ НОРМИ И КОДЕКС ЗА ЕТИЧКООДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, РОДИТЕЛИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВОУЧИЛИШТЕТО

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1.**

Со овој Правилник се уредуваат однесувањето и меѓусебните односи на учениците, родителите односно старателите и сите вработени во Училиштето.

**Член 2.**

Во Училиштето се негуваат односи на меѓусебно разбирање и почитување на личноста на ученикот, сите вработени и родителите односно старателите. Вработените во Училиштето, со својата работа и своето однесување, имаат обврска да допринесуваат во создавање и негување на позитивна атмосфера.

Со почитување на Правилникот се обезбедува успешна воспитно – образовна работа, се подобрува дисциплината и безбедноста, се зачувува училишниот инвентар и се зголемува угледот на самото Училиште.

**Член 3.**

Личните податоци за ученикот, односно вранотениот заведен во евиденцијата се прибираат, се обработуваат, се чуваат и се користат само за потребите на воспитно – образовниот процес, согласно Закон за заштита на податоци.

Училиштето обезбедува мерки на заштита од неовластено користење на податоците од евиденцијата на податоци.

Министарството за образование обезбедува мерки на заштита од неовластено користење на податоците од евиденцијата на податоци во Е- Дневник.

Забранета е употребата на податоците за учениците и вработените, надвор од намената за која се прибрани.

За научно - истражувачки потреби, при обработка на податоците и нивна анализа, училиштето обезбедува заштита на идентитетот на личноста.

## II КОДЕКСИ НА ОДНЕСУВАЊЕ

### ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

**Член 4**

**Должност на наставникот е да**:

1) доаѓа во училиштето најкасно 15 минути пред почетокот на наставата и други облици на работа;
2) доаѓа навреме на часовите;
3) на време да го известува директорот за своето отсуство од работа за навремено организирање на наставата;
4) училишниот инвентар, училишна опрема и потрошниот материјал ги користи само за службена употреба;
5) не изнесува важни документи ,наставни средства, образци или лични податоци затоа што тоа претставува кривично дело и кршење на Закон;
6) доаѓа на настава уреден и пристојно облечен а со својот изглед, воспитно да делува на учениците;
7) го почитува распоредот на дежурства кој го одредува директорот;
8) се придржува на својот распоред на часови;
9) ги обавува работните задачи добиени по решение за распределба на работни задачи во време од 40 работни часа наделно и работни задачи регулирани со Правилникот за организација и систематизација на ООУ „ Гоце Делчев “ Свети Николе;
10) го почитува физичкиот и психичкиот интегритет на учениците;
11) ги почитува учениците, родителите / законските старатели и вработените;
12) ги почитува националните, верските, расните и разликите по пол;
13) не користи, не дава и не поттикнува употреба на психотропни супстанции односно алкохол, дрога и никотин;
14) не врши политичко организирање и делување во просториите на училиштето;
15) целосно, благовремено и совесно води педагошка евиденција;
16) дозволува увид на резултати, проверки на знања на ученицима, на родителите/старателите**.**

**Член 5.**

**На наставникот вработен во училиштето му е забрането да**:

1) носи оружјево училиштето и кругот на училиштето;
2) своеволно да ги решава меѓусебните судири со употреба на оружје, ладно орудие или физичка сила;
3) пуши во просториите на училиштето ;
4) доаѓа во училиштето во алкохолизирана состојба, да внесува алкохол или други опојни средства кои ја намалуваат работната способност;
5) незаконски да располага со средствата на училиштето, училишниот простор, опрема и имот кој е во владеење на училиштето;
6) користи за време на наставата и другите облици на воспитна работа мобилен телефон и други технички средства, освен ако истите се во контекст на учење, поучување и развивање на соодветни компетенции на ученикот т.е истите имаат воспитно – образовен контекст , а се во согласност со правилникот за употреба на мобилни уреди, електронски уреди и други средства на училиштето.

**Член 6.**

**Одделенскиот раководител/раководителот на паралелка е должен да**:

1) се грижи за работата и успехот на своите ученици;
2) уредно води евиденција во Е Дневник и другата пишана евиденција;
3) води евиденција за редовно остварување на распоредот на часови на своето одделение и го предупредува наставникот кој неуредно и ненавремено ја врши евиденцијата во Е Дневник;
4) ги оправдува изостаноците на учениците на основа на медицинско оправдание или оправдување од родител/старател на ученикот;
5) редовно и уредно врши евиденција на постигањата и редовноста на учениците во евидентните листови и ги известува родителите/старателите за истите;
6) соработува со родителите/старателите на учениците и обврзан е да реализира најмалку пет родителски состаноци во тековната учебна година а на истите транспарентно да ги информира за постигнувањата, мотивацијата за учење, напредувањето, изречените педагошки мерки или евентуални потешкотии и други прашања кои се од значење за воспитно – образовниот процес на учениците;
7) редовно остварува индивидуални средби со родителите/старателите на учениците и е во постојана комуникација со нив;
8) се грижи за своите ученици за време на реализација на ученичките екскурзии, излети, настава во природа, културни манифестации, спортски и други воннаставни активности во кои учествуваат учениците;
9) превзема мерки и активности при појава на секој вид насилство, прибира информации во случај на насилство, злоупотреба и занемарување, од сите ученици, непосредно или при сомнеж за постоење на такој случај и евидентира такви настани  и постапува во согласност со Правилникот/ Протоколот за заштита од дискриминација, насилство, злоупотреба и занемарување на учениците.

**Член 7.**

**Дежурни наставници**

1)Дежурство на наставниците се обавува на следните места :

- на приземје од главната училишна зграда
- Прв спрат од главната училишна зграда
- дворот на училиштето

2)Распоред на дежурствата на наставниците се носи на почетокот на учебната година и се истакнува во наставничката канцеларија заедно со редовниот распоред на часови ;

3)Дежурниот наставник е должен да дојде 20 минути порано пред почетокот на наставата и да дежура на големиот и малите одмори;

4)Дежурниот наставник ги проверува училниците за време на одморите и се грижат за редот и дисциплината во ходниците и училниците;

5)во случај на повреда на ученик, дежурниот наставник го известува одделенскиот наставник или директорот за навремено ззгрижување на ученикот.

**Член 8.**

**Меѓусебните односи на наставниците**, останатите вработени во училиштето и учениците се засновани на взаемно почитување, разбирање и соработка во остварувањето на воспитната улога на училиштето.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

**Член 9.**

**Должностите на стручните соработници:училиштен педагог, психолог, бибилиотекар и специјален едукатор и рехабилитатор-дефектолог се да:**

1) доаѓаат на време на работа ( 07:00-15:00 ч) ;
2) навремено го известуваат директорот на училиштето за своето отсуство од работа;
3) остваруваат соработка со наставниците, директорот и секретарот на училиштето;
4) остваруваат соработка со учениците и родителите/старателите на учениците;
5) извршаваат други обврски кои се во согласност со годишните програми за работа на стручните соработници и решенијата за распределба на работни задачи пропишани со Закон за основно образование;
6) даваат подршка како на учениците така и на наставниците и родителите/старатели со кои треба да се во постојана посредна или непосредна комуникација.
7) се усовршува преку читање стручна литература, посета на семинари;
8) разменува искуства со колеги и претставници од други институции.
9) прибираат информации за насилство,злоупотреба и занемарување, од сите учесници, непосредно по сознанието или сомневањето за настанот и истите ги евидентира и постапува во согласност со Правилникот/ Протоколот за заштита од дискриминација, насилство, злоупотреба и занемарување на учениците.
10) да реализираат советодавни средби со родителите/старатели на учениците;

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Член 10.**

**Должностите на помошно-техничкиот персонал во училиштето се да:**

1) ги обавува своите работни обврски во согласност на работното место а утврдени во решенијата за работни задачи и Статутот на училиштето за организација и систематизација;
2) навремено го известува директорот за отсуство од работното место;
3) одржува хигиена во училишните простории, училишниот двор и спортски терени;
4) помага на дежурниот наставник;
5) води евиденција за влези излез на трети лица во просториите на училиштето;
6) дежура за време на големите и малите одмори во својот реон и не се оддалечува од работното место без дозвола од директорот на училиштето;
7) го доставува потребниот материјал за работа на вработените;
8) во соработка со дежурниот наставник, одржува ред и мир во училиштето, се грижи за безбедноста на учениците, вработените и имотот на училиштето;
9) секојдневно ги прегледува училиниците, кабинетите и останатите простории во училиштето;
10) ја утврдува состојбата на објектите и опремата и за тоа го известува директорот на училиштето:
11) превзема мерки за заклучување на објектите на училиштето после завршување на работното време, гаси светла, ги проверува грејните тела, водоводната мрежа и други инсталации.

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Член 11.**

**Родителот односно старателот на ученикот е должен да /одговорен:**

1) за упис на детето во училиштето;
2) за редовно посетување на наставата;
3) за редовно посетување на дополнителна настава ;
4) веднаш, а најкасно во рок од 48 сати од моментот на спреченост на ученикот да ја посетува наставата, да го извести Училиштето, и да оправдува изостаноци на ученикот со соодветна документација;
5) да зема активно учество во сите облици на воспитниот процес на ученикот;
6) за секое непримерно поведение и кршење на Куќниот ред на училиштето од страна на ученикот;
7) да го почитува Кодексот на однесување.
8) родителот односно стрателот е должен да ја надокнади секоја материјална штета која ученикот ќе ја направи во училиштето.
9) го следи однесувањето, учењето и успехот на своето дете и редовно да се информира за тоа ;
1) соработува со одделенскиот раководител/раководител на паралелка;
2) соработува со психолошко – педагошката служба;
3) почитува одлуките и предлозите на дежурниот наставник ;
4) соработува со предметните наставници;
5) редовно присуствува на родителските и индивидуалните состаноци;

6) зема учество во вonнаставни активности и допринесува во остварувањето на планираните активности на училиштето;
7) доаѓа во училиштето прикладно и уредно облечен.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Член 12**

**Ученикот е обврзан да:**

1) ги почитува правилата на училиштетоодредени во овој Правилник како и Куќниот ред на училиштето, одлуките на директорот, наставниците и останатите вработени во училиштето;
2) го почитува времето на доаѓање на училиште (10 минути порано пред започнување на часовите)
3) го почитува времетраењето на наставта и распоредот на ѕвонење, малите одмори и големиот одмор
4) ги почитува правилата за дежурен ученик
5) го почитува работното време на секретарот и библиотекарот на училиштето
6) прикладно и уредно да се облекува за време на неговиот престој во училиште, да се грижи за хигиената во училницата и останатите простории на училиштето и да се однесува во согласност со правилата за еколошката етика;
7) да ја почитува личноста на ученик,наставник и секој вработен во училиштето
8) навремено да ги извршува задачите дадени од своите наставници
9) да не го уништува училишниот инвентар, нагледни средства, комплетите учебници и информатичкиот материјал во училиштето;
10) ученикот влегува во фискултурната сала и соблекувалните само со одобрение на наставникот во опрема која е одредена од предметниот наставник по ФЗО.
11) ученикот кој оправдано отсуствува од наставата по ФЗО, во салата влегува во чисти патики и седи на клупа од каде го следи текот на часот а доклку неоправдано не работи на часот, предметниот наставник го известува одделенскиот раководител. По завршувањето на часот, учениците ги прибираат користените реквизити и ги складираат на пропишано место.Потребните реквизите се изнесуваат од сала само со одобрение на предметниот наставник;
12) влегува во наставничката канцеларија само со одобрение на наставник.
13) Меѓусебните недоразбирање и судири на релација ученик-ученик или ученик-наставник (друг вработен во училиштето),ученикот ги пријавува во педагошко-психолошката служба и директорот кои ги решаваат на соодветен начин ;
14) дежурниот ученик се грижи за хигиената во училницата а неговите обврски траат една недела.Тој ја пријавува направената штета за време на наставата и одморите.Ја проветрува училницата и по барање на наставникот носи наставни средства и училишен прибор.Ги пријавува отсутните ученици;

**Член 13.**

**На ученикот му е забрането** да :

1) внесува алкохол, огнени оружја, ладни оружја и други средства кои можат да ја загрозат безбедноста на учениците и вработените;
2) да пуши во просториите на училиштето
3) касне на часовите, доколу закасне не смее да создава гужва и да го нарушува мирот на наставата туку влегува во училницата и добива одобрение од наставникот да ја следи наставата;
4) да постапува дискриминаторски кон соученик или вработен во училиштето
5) да постапува на начин со кој физички, психички, социјално, сексуално ќе ги злоупотреби своите соученици или било кој вработен во училиштето

6) да го нарушува достоинството, угледот и честа ( вербално или невербално) на било кој ученик или вработен во училиштето

**VIII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14.**

За спроведување на овие правила одговорен е директорот на училиштето.

**Член 15.**

Овие правила важат за сите креатори на училишниот живот во ООУ „ Гоце Делчев“ , вклучувајќи ги и третите лица кои влегуваат или излегуваат од училиштето.

**Член 16.**

Со овие правила треба да се запознаат сите структури на училиштето.

**Член 17.**

Се она што не е регулирано во овој правилник, ќе се применува она што е пропишано во Статутот на училиштето.

**Член 18.**

Овие правилник стапува на сила веднаш по неговото разгледување и усвојување од училишниот одбор и кодексите на однесување се истакнуваат на видливи места во училиштето.

## *Прилог бр23.2***Куќен ред на ООУ,,Гоце Делчев,,-Свети Николе**

**Член1**

Воспитно-образовната работа во училиштето се организира во две смени и тоа:
- првата смена започнува во 7:00 часот,а завршува во 13:00 часот;
- втората смена започнува во 13:00 часот ,а завршува во 19.30 часот;

**Член 2**

Наставата во училиштето се реализира согласно со наставните планови и програми и Годишната програма за работа на училиштето;

**Член3**

Ученикот има право и обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа;

**Член 4**

Почнувањето и завршувањето на часот се означува со ѕвонење на училишното ѕвоно, според утврден распоред.

**Член 5**

Наставниот час трае 40 минути;

**Член 6**

Не е дозволено родителите да го прекинуваат наставниот час и да разговараат со наставниците.
Разговорите со родителите се обавуваат во собата за родители за време на одморите или во други утврдени термини од страна на училиштето.

**Член 7**
За време на кратките одмори д 5 мин. учениците излегуваат од училницата само по потреба, а за време на големиот одмор кој трае 20 минути учениците излегуваат од училишната зграда.
**Член 8**
Во училиштето се организира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена помош во текот на наставната година;
Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети;
**Член 9**
По завршувањето на наставата, учениците се должни да ја напуштат училницата и училишната зграда
За учениците од прво одделение одговорниот наставник ги задржува до прифаќањето од нивниот родител/старател.
**Член 10**
Работното време на административниот кадар и стручните соработници започнува во 7:00 часот, а завршува во 15:00 часот;
Училишната библиотека започнува со работа во 7:00 часот, а завршува во 15:00 часот;
**Член 11**
Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот;
**Член 12**
Забрането е внесување на експлозив, оружје, нож, петарди и други опасни предмети;
**Член 13**
Во училиштето во секоја смена има по четири дежурни наставници кои се грижат за редот и дисциплината во училиштето;
**Член 14**
Дежурните ученици се должни:
-да ја прегледаат училницата и за настанатите штети да го известат одделенскиот раководител или дежурниот наставник;
- за време на одморот ги чуваат работите на учениците и да се грижат за инвентарот на училиштето;ги пријавуваат отсутните ученици;
**Член 15**
Штетата во училницата и училишната зграда ја надоместува сторителот, согласно Правилникот на училиштето.
**Член 16**
Известувањата на учениците се даваат преку огласна табла или преку писмени соопштенија што се пренесуваат во секоја училница.

*Прилог бр24***Акциски план за подобрување на односите меѓу структурите во ООУ „Гоце Делчев“ – Свети Николе, 2025/2026 година**

| Цел | Активност | Начин на спроведување | Време на реализација | Носители/ одговорни | инструменти/ ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Рекреација, ведар дух, позитивност,подобрување на** | Спортски натпревари | Организирање на спортски | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручни соработници, | Спортски реквизити, топки. | Подобрувањена односите, оптимизам. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **односите меѓу колегите.** | | натпревари. | | директор. | | |
| **Подобрување на односите меѓу колегите.** | Екскурзии, излети | Организирање на екскурзии и излети | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручни соработници, директор | Превоз, финансиски средства. | Поминување повеќе време заедно со колегите, организирање на активности за време на екскурзии кои придонесуваат во подобрувањето на меѓучовечките односи. |
| **Зедничко прославување соодветно на празникот.** | Организирање и прослава на празници | Прослава на празници, прослава на патрониот празник на училиштето. | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручни соработници, директор. | Финансиски средства, озвучување. | Забава, релаксација, дружење. |
| **Споделување на искуство, размена на идеи, подобрување на квалитетот на наставата.** | Организирање на интерни обуки | Собир на колегите за време на интерните обуки | Во текот на целата година | Наставници, стручни соработници, директор | Хартија, печатач, маркери, LCD проектор, компјутер. | Збогатување на знаењето за подобрување на наставата |
| **Корелација на часови, посета на часови, споделување на добри практики.** | Отворени часови | Организирање на отворени часови и покана за присуство на колегите | Во текот на целата година | Наставници, стручни соработници, директор. | Хартија, печатач, маркери, LCD проектор, компјутер. | Збогатување на знаењето за подобрување на наставата |
| **Разјаснување на дилеми, подобрување на односите, барање на совети.** | Консултација со стручни соработници, директор. | Повеќе заеднички средби за консултација | Во текот на целата година | Наставници, стручни соработници, директор | Човечки ресурси | Подобрени односи меѓу вработените, решавање на проблеми. |
| **Споделување на искуство, размена на идеи, подобрување на квалитетот на наставата** | Организирање на средби на стручни активи | Пренесување на искуства, идеи, активности. | Во текот на целата година | Наставници, стручни соработници, директор. | Хартија, печатач, маркери, LCD проектор, компјутер. | Збогатување на знаењето за подобрување на наставата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развивање на еколошка свест, чиста работна средина** | Еко акции | Организирање еколошки акции во текот на учебната година | По потреба | Наставници, стручни соработници, директор | Корпи за отпадоци, нараквици, вреќи, грибла. | Почиста средина за работа и развиена еколошка свест. |
| **Развивање на солидарност, хуманоста, желбата за помагање.** | Хуманитарни акции | Организирање на хуманитарни акции. | По потреба | Наставници, стручни соработници, директор. | Човечки ресурси. | Развиена хуманост и солидарност. |
| **Поддршка на колегите кои сакаат да напредуваат, промоција на училиштето** | Учество во комсии за унапредување на кадри | Организирање на комисии за поддршка на кадрите | По потреба | Наставници, стручни соработници, директор | Човечки ресурси. | Поголема поддршка на колегите кои сакаат да напредуваат |
| **Зголемување на соработката, заедничко планирање и изготвување на Годишната програма** | Изготвување на заедничка Годишна програма на училиштето. | Организирање тимови и нивни заеднички средби за изготвување на програмата. | јуни | Наставници, стручни соработници, директор. | Човечки ресурси, компјутер. | Квалитетно сработена Годишна програма. |

*Прилог бр25***Акциски план за соработка со родителите/стрателите во ООУ „ Гоце Делчев“ , Свети Николе, 2025/2026 година**

| Цел | Активност | Начин на спроведување | Време на реализација | Носители/ одговорни | инструменти/ ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запознавање на учениците со наставниците и училиштето** | Прием на првачињата во училиштето | Разговори<br>Посета – обиколка на училишната зграда и внатрешно разгледување | Септември | Директор, наставници, ученици | Програма за приредба | Да се запознаат со наставниците од прво одд. и нивно адаптирање во училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запознавање на родителите со воспитнообразовната работа во училиштето** | Родителски средби на ниво на паралелки | Родителска средба<br>Разговор<br>Претставување преку брошура | Септември | Наставници, родители | Годишна програма,понуди за исхрана,списоци за присутност на родители,записници од дневници | Да се запознаат со предметите кои ќе се изучуваат,продолжен престој и избор на родители за Совет на родители |
| **Информирање на родителите за успехот на учениците** | Приемни денови I-IX одд. | Огласна табла<br>Разговор | во текот на годината | Наставници I-IX одд., родители | Дневници,ученички портфолија | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| **Запознавање на учениците со понудените слободни ученички активности** | Анкетирање на ученици за избор на слободни ученички активности | Анкетни листови<br>Разговор | Септември | Наставници, ученици | Програми за слободни ученички активности, анкетен лист | Секој ученик да се определи за воннаставна ученичка активност која ќе ја посетува |
| **Активно учество на родителите во слободните ученички активности и воннаставните активности кои ги организира училиштето** | Вклучување на родителите во<br>определени СУА или воннаставни активности по проценка на наставникот и на начин ка кој родителот може да го направи тоа | соработка во изведувањето на слободната ученичка активност/вонназ авна та активност | во текот на годината | Наставници, родители | Програми за слободни ученички активности/планирањ а на воннаставни активности/записници | вклучување на родителите во<br>активностите на училиштето |
| **Вклучување на родителите во работилници за изработка на нагледни средства за прво одделение** | Организирање рабоилници со родителите за изработка на наставни материјали во согласност со новите наставни програми за прво одделение | работилници со родители според потребите и проценката на наставниците | октомври | наставници родители | наставни програми хартија и други<br>потребни материјали за работа | подготовка на квалитетни и прилагодени нагледни средства за работа во текот на годината |
| **Вклучување на родителите во работилници за изработка на нагледни средства за четврто одделение** | Организирање рабоилници со родителите за изработка на наставни материјали | работилници со родители според потребите и проценката на наставниците | октомври | наставници родители | наставни програми хартија и други<br>потребни материјали за работа | подготовка на квалитетни и прилагодени нагледни средства за работа во текот на годината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вклучување на родителите во процесот на донесување одлуки во врска со оценувањето на учениците** | Разгледување и ревидирање на етичкиот кодекс за оценување на совет на родители | Состанок на совет на родители | ноември | наставници родители стручна служба | предлог кодекс за оценување | Подобрување на квалитетот на наставата. Објективни оценки. поголема вклученост на родителите во донесување одлуки |
| **Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од првото тримесечие** | Родителски средби на ниво на паралелки I- IX | Родителска средба Евидентни листови Разговор | Ноември | Одделенски раководители , родители | Дневници, евидентни листови,записници од дневници, списоци за присутност на родители | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| **Вклучување на родителите во изработка на украси и предновогодишно украсување на училница/училиштето** | работилница со родители и ученици | организирање работилница за изработка на украси | Декември | Родители, наставници | Изработки од ученици и родители поребни материјали за правење изработки | Да изготват креативни рачни изработки кои ќе се изложат во училиштето а со тоа и ќе се украсат училниците/ училиштето |
| **Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие** | Извештаи за успехот и поведението на учениците | Родителска средба Евидентни листови Разговор | Јануари | Наставници, родители, Совет на родители | Дневници, извештаи | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие |
| **Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од третото тримесечие** | Родителски средби на ниво на паралелки I- IX | Родителска средба Евидентни листови Разговор | Јануари, Април | Одделенски раководители родители | Дневници, евидентни листи,список на присутни родители, записници од дневници | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| **Вклучување на родителите во еколошки акции за почиста училишна зграда и околина** | еколошки акции | организирани еколошки акции во присуство на родителите, наставниците и учениците | март | родители наставници ученици ЕКО-група од училиштето?? | записници за спроведените активности | Почиста околина, заштита на учениците и подобрени стандарди на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вклучување на родителите во работилница за изработка на велигденски украси и боење и украсување велигденски јајца** | работилница со родители и ученици | организирање работилница | Април | Родители, наставници | Изработки од ученици и родители | Да изготват креативни рачни изработки и да придонесат за вклучување на родителите во активностите на училиштето |
| **Запознавање со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација** | Родителска средба за деветоодделенци | Родителска средба<br>Посета на средни училишта<br>Презетации во училиштето од страна на средните училишта | Мај | Родители, одделенски раководители на осмо одделение, ученици | Флаери од средни училишта, анкетни листови, конкурси<br>објавени во дневен печат,список на присутни родители | Да се запознаат со мрежа на средни училишта, разгледување на конкурси за<br>запишување и соопштување на резултатите од анкетите за професионална ориентација |
| **Информирање на родителите за емоционалната, интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште** | Упис на првачиња за следната учебна година | Покана<br>Разговор<br>Тестирања | Мај | Родители, стручна служба | Набљудување на идните првачиња | Да се запознаат со емоционалната,интеле ктуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште |
| **Запознавање на родителите со успехот, поведението на учениците на крајот од учебната година** | Родителски средби на ниво на паралелки I-IX | Родителска средба<br>Евидентни листови<br>Разговор | Јуни | Одделенски раководители<br>,<br>родители | Дневници, ученички портфолија | Да се запознаат со успехот и поведението на учениците |
| **Разрешување на индивидуални проблеми** | Средби со директорот и стручната служба во училиштето | Разговор со родители и деца и стручна служба | Континуирано | Директор, стручна служба | Педагошка документација и евиденција | Разрешување на сите проблеми |

*Прилог бр.26***Акциски план за соработка со локалната заедница и ООУ „ Гоце Делчев“ , Свети Николе, 2025/2026 година**

| **Цел** | **Активност** | **Начин на спроведување** | **Време на реализација** | **Носители/ одговорни** | **инструменти/ ресурси** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запознавање на учениците со наставниците и училиштето** | Прием на првачињата во училиштето | Разговори<br>Посета и обиколка на училишната зграда и внатрешно разгледување<br>Приредба | Септември 2025 | Директор, наставници, Ученици, општина | Програма за приредба | Адаптирање во училиштето |
| **Соработка и размена на искуства,мислења и знаења** | Средби на литературни и ликовни дружини | Организирање литературни читања, изложби | во текот на учебната година | Членови на секции и одговорни наставници | Лични творби по избор и според барања | Соработка, дружење |
| **Размена на знаења и мислења за унапредување на работата на училиштата и наставната практика** | Соработка на стручен план меѓу училиштата | формални и неформални средби состаноци на ниво на стручни активи за споделување искуства, знаења, мислења | во текот на учебната година | Наставници, директори | Размена на искуства | Подобрување на работата на училиштата |
| **Натпревар меѓу училишта** | Организирање и учество на разни спортски манифестации и натпревари | Организирање и пријавување за учество на разни спортски манифестации и натпревари | Континуирано во текот на годината | Ученици,одговорни наставници | Спортски реквизити, игралишта | Освојување на награди и дружење меѓу учениците од училиштата на ниво на општината |
| **Соработка и размена на искуства,знаења, конкурси** | Културни средби | Организирање и учество на конкурси по различен повод | Според потребите | Ученици,одговорни наставници | По избор | Соработка, дружење |
| **Интегрирање на локалните ресурси** | Соработка со претпријатија и установи на ниво на општина | планирање и организирање проекти посети и други видови активности | Континуирано | Директор, наставници | Програми и проекти | Подобрување на работата во училиштето |
| **Имплементирање на училиштето во работата на локалната средина** | Соработка со институции и граѓански организации | остварување соработки според потребите на училиштето | По потреба | Училиштето,локалн ата средина | Годишни програми на наставниците | Взаемна соработка на училиштето со локалната средина |
| **Афирмирање на училиштето и унапредување на културната традиција** | По потреба манифестации организирани од општината | Учество во организацијата и реализацијата | Континуирано | Директор,наставниц и,општина | Програми од општината | Негување и издигнување на културно ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вклучување на општината и другите организации во настаните организирани од училиштето** | Информирање наГрадоначалникот и одговорните во општината за Денот на училиштето | Информирање за активностите и потребите за организирање на настаните за одбележување на Денот на училиштето | Мај2026 | Директор, претседател на училишен одбор | Програми,документи | Финансиска и друга помош |
| **Запознавање на учениците со структурите на Општината** | Едукативни запознавања на учениците со структурите на Општината | Организирани посети во рамки на наставните и воннаставните активности | Континуирано | Ученици, наставници, вработени во Општината | програми | Да се запознаат со структурите на општината |
| **Потврдување на јавност во работењето** | Презентирање на резултатите на училиштето остварени во текот на наставната година | Промовирање на постигнувањата на учениците промоција на резултатите на работата на училиштето, реализирани проекти преку страната на училиштето и медиуми | Мај 2026 | Директор, одговорни во Општината | Извештаи, Записници, документи | Афирмирање на училиштето |

## *Прилог бр.27***Правилници и протоколи**

## *Прилог бр 27.1* **ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКАООУ „ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ СВЕТИ НИКОЛЕ**

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Правилникот за работа на училишната библиотека(во понатамошниот текст:Правилник) ги утврдува правилата за работа,условите ио начинот на користење на библиотечен материјал,позајмување на библиотечниот материјал во ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе((во понатамошниот текст:училиште)

**Член 1**

Одредбите на овој правилник се применуваат на сите лица на кои училишната библиотека им ги нуди своите услуги

Училишната библиотека е наменета за потребите на воспитно-образовната работа во училиштето односно нејзиното остварување и унапредување.

**РАБОТНО ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА**

**Член 3.**

(1) Работното време на библиотеката е од 07,00-15,00h секој работен ден и се утврдува на почетокот на училишната година

(2) Работното време се истакнува на влезната врата од библиотеката

За промените за работата на библиотеката,библиотекарот е должен навремено да ги извести сите корисници на библиотечниот материјал а се прилагодува на распоредот на учениците.

Работното време подразбира работа со корисници,како и работа и обработка на билблиотечниот материјал.

**II КОРИСТЕЊЕ НА БИБЛИОТЕЧНИОТ МАТЕРИЈАЛ ВО БИБЛИОТЕКАТА**

**Член 4.**

(1) Библиотечниот материјал имаат право да користат учениците,како и останатите работници во училиштето(во понатамошниот текст корисници).

(2) Услугите во библиотеката се бесплатни

**Член 5.**

Библиотеката е должна да пружи услиги на сите корисници под еднакви услови а нејзината дејност е од јавен интерес.

**Член 6.**

Во просториите на библиотеката мора да биде воспоставен ред и мир.

Корисниците на библиотеката се должни да ги почитуваат правилата на добро и културно однесување ,како и да ги почитуваат одредбите од правилникот за Куќен ред.

Корисниците кои го нарушуваат редот и мирот во библиотеката,библиотекарот е овластен да ги отсрани од просториите на библиотеката.

**Позајмување и користење на библиотечен материјал**

**Член 7.**

Библиотечниот материјал на корисниците го позајмува библиотекарот.

Стручните работи на библиотечната дејност ги обавувабиблиотекарот.

Работата на библиотекарот подразбира:

- Планирање на работата во библиотеката,
- Обавување на стручно-библиотечни работи,
- Подучување на корисниците за употребата и користењето на библиотечниот материјал,
- Активно учество во планирањето и реализацијата на секој облик на воспитно-образовната работа во училиштето,
- Активно учество во планирањето и реализацијата на културниот и јавниот живот на училиштето,
- Соработка со другите библиотеки,книжари,издавачи и останати институции.

**Член 8.**

Библиотечниот материјалсе позајмува во текот на целата учебна година.

Библиотечниот материја кој е позајмен на користење надвор од просториите на библиотеката се раздолжува најкасно до 15 јуни,секоја учебна година.

**Член 9.**

Во просториите на библиотеката,корисниците можат да се служат секојдневно со книги,весници,списанија,енциклопедии до крајот на работното време на библиотеката.

За користење надвор од просториите на библиотеката корисниците можат да позајмуваат:

Ученици:одеднаш 2 книги на секои 15 дена

Наставници:повеќе книги во текот на целата учебна година

**Член 10.**

Надвор од библиотеката не можат да се користатприрачници,енциклопедии,лексикони,речници,

библиографии,атласи и сл.освен ако не станува збор за одделенска позајмица по барање на  наставникотили стручниот соработник.

**Член 11.**

Ако побарувачката за одреден материјал е зголемена тогаш библиотекарот е овластен да го скрати времето на користење определено во член 9 од овој правилник на тој материјал од корисникот

**Член 12.**

(1) За време на летниот и зимскиот распуст пропишани според календарот за работа на училиштето,за време на годишните одмори на вработените и кога постојат оправдани причини ,библиотекарот може да го продолжи време на позајмување на корисникот

(2) Оправданоста на причините од став 1 на овој член ги оценува библиотекарот самостојно

**Член 13.**

Корисниците се должни навремено да го вратат позајмениот материјал

Ако корисникот поради болест или некоја друга објективна причина не е во можност навремено да го вратат позајмениот материјал должен е да го извести библиотекарот а позајмениот материјал да го врати веднаш кога ќе бидат создадени услови за тоа.

**Член 14.**

Корисникот кој повремено нема да го врати библиотечниот материјал,библиотекарот ќе го опомени.

**Член 15.**

Во случај корисникот да ја изгуби/оштети книгата должен е во библиотеката да достави ист примерок

**Член 16.**

Училишната библиотека може да позајмува библиотечен материјал на други библиотеки и институции со слиучна дејност на основа на договор преку реверс за позајмување.

**Член 17.**

Директорот на училиштето може,на краток период,да овлати некој од наставниците од училиштето да ја обавува библиотекарската работа.

**Член 18.**

(1) во случај ученикот да се одселил во друг град или се запишал во друго училиште тогаш тој истиот е должен да ги раздолжи сите материјали кои ги должи во библиотеката пред потпишување на преведницата

(2)Работниците на кои им престанал работниот однос се должни да ги вратат материјалите кои ги должат во библиотеката

**III.БИБЛИОТЕЧЕН ФОНД**

**Член 19.**

(1) фондот на библиотеката се соджи:

Книги ,весници,списанија и друг печатен материјал,таблети

(2)известување за набавка на нов фонд врши библиотекарот како и отпис на застарен фонд

**Член 20.**

Библиотеката води инвентарни книги (пишана и електронска евиденција)

**НАБАВКА НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ**

**Член 21**

Библиотечниот материјал се набавува со купување,размена,поклони или донација

**Член 22.**

Средства за набавка на библиотечен материјал снабдува училиштето

**Ревизија на материјалот во библиотеката**

**Член 23.**

Ревизија и отпис се врши на страи книги,неактуелни книги,невратени книги(2 години) и изгубени книги

Ревидираните/отпишаните книги треба да се надокнадат

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 24.**

Во просториите на библиотеката се остварува индивидуална работа со ученици ,групана работа со библиотекарска секција  а се извршуваат вонаставни активности кои се испланирани во годишната ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА И САМОТО УЧИЛИШТЕ

Наставниот колектив може да организира активности со ученици во библиотеката по претходна најава

(3) доколку библиотекарот има активности во исто време предноста е на самиот библиотекар

**Член 25 .**

Со одредбите на овој правилник се запознаваат учениците преку своите одделенски раководители,старателите на учениците а истиот е достапен на сите структури во училиштето

**Член 26.**

Овој правилник стапува на сила од моментот на неговото донесување .

## *Прилог бр.27.2* Правилник за избор на првенец на генерација, гордости ,пофалена паралелка, и пофалено одделение

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

ООУ „Гоце Делчев“- Свети Николе со овој правилник сака да го стимулира посебното напредување, залагање, успехот во учењето, претставувањето на училиштето на општински, градски, регионални и државни натпревари, како и учеството на ученици, односно паралелки во хуманитарни, културно уметнички и општествено корисни активности кои се организираат во училиштето во една учебна година

**I. 1. Пофалби и награди**

**Член 2**

Учениците од училиштето кои се истакнуваат со својата работа и поведение можат да бидат пофалени и наградени

**Член 3**

Пофалбите и наградите се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа, паралелка и одделение во текот и на крајот од учебната година

**Член 4**

Ученикотсе пофалува и наградува за:
континуирано залагање и напредување во наставата
залагање и постигнат успех во слободните ученички активности
залагање и постигнат успех во додатна настава
учество во натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби и сл. - примерно поведение, позитивно однесување, развивање другарство, помагање на соучениците, почитување на наставниците и вработените во училиштето - редовност во извршувањето на обврските
залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина

**Член 5**

Пофалби и награди се доделуваат на:

- паралелка која посебно се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски
- група, секција или екипа која постигнала особени резултати

паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредени активности организирани во училиштето и надвор од него (општествена, хуманитарна, културна и сл.)

- одделение кое посебно се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

**Член 6**

Предлог за пофалби и награди дава одделенски наставник, предметен наставник, одделенски раководител, раководител на паралелка/класен раководител, стручна служба, одделенски совет

**Член 7**

Критериумите за избор на првенец на генерација и гордости се исти

По критериумите за првенец на генерација и гордости се номинираат и бодираат ученици од IX одделение во тековната учебна година

По критериумите за пофален ученик се номинираат и бодираат учениците кои посетуваат настава од VI до IX одделение.

Предлагачот на ученик е должен покрај името на ученикот да даде и кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслугите на ученикот

Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата и изборот на ученик на генерацијата игордости, како и при избор на пофалено одделение и пофалена паралелка.

**Член 8**

Пофалбите се доделуваат усно и писмено

Писмената пофалба се дава во вид на дипломи, пофалници и признанија.

Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за филмски и театарски претстави и друг вид културно уметнички манифестации)

**Член 9**

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин на 4 Мај - Патрониот празник на училиштето, но и на крајот од наставната година или учебната година или кога тоа ќе го дозволат условите.

**II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**II. 1. *Првенец на генерација***

**Член 10**

Од редот на ученици кои го завршуваат основното образование (деветто одделение) училиштето може да избере ученик кој ќе биде првенец на генерација.

**Член 11**

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот училиштен конкурс кој се истакнува на огласната табла во училиштето и на веб страната на училиштето.

Конкурсот по правило се истакнува во второто полугодие и задолжително ги содржи критериумите дадени во член 20 и 21 на овој правилник.

**Член 12**

Право да номинираат ученик за првенец на генерација и гордости има раководител на паралелка, кој води деветто одделение, наставник кој предава во деветто одделение, стручен соработник или наставник во одделенска настава кој им предавал на учениците кои се деветто одделение во тековната учебна година

**Член 13**

За првенец на генерација може да се кандидира и ученикот самоиницијативно

**Член 14**

Секој предложен или кандидиран ученик е должен до комисијата за пофалби и награди да поднесе пријава и соодветна документација предвидена со конкурсот

**Член 15**

Номинирањето на ученици за избор на првенец на генерација и гордости се врши на редовните состаноци на Одделенскиот и Наставничкиот совет во текот на учебната година

**Член 16**

(1) Бодирањето по критериумите за избор на првенец на генерација го врши трочлена комисија која ја предлага и избира Наставничкиот совет од своите редови.
Комисијата ја сочинуваат:
еден стручен соработник
еден предметен наставник, кој не е раководител на паралелка
еден одделенски наставник
Бодирањето по критериумите е составен дел од овој правилник и е даден во член 21, Бодирањето по критериумите за гордости се врши од страна на одделенскиот раководител/раководител на паралелката и се потврдува на Одделенски совет

**Член 17**

Во работата на комисијата учествува по еден ученик од секоја паралелка од деветто одделение, како преставник на Ученичката заедница/Ученички парламент на училиштето. Ученикот кој учествува во работата на комисијата не смее истовремено да е кандидат за првенец на генерација
Учениците ја следат работата на комисијата
Предлозите и забелешките од страна на учениците се дел од записникот на комисијата.

**Член 18**

Комисијата од член 16 став 1, ја разгледува приложената документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од членовите 20 и 21 на овој правилник, изготвува бодовна листа, утврдува предлог за првенец на генерација  и предлогот со бодовната листа го доставува до Наставнички совет.

**Член 19**

Одлуката за првенец на генерација ја донесува Наставничкиот совет

**Член 20**

За првенец на генерација, паралелка може да биде прогласен ученик кој се истакнал со посебното напредување, залагање, успехот во училиштето, претставувањето на училиштето на општински, градски, регионални, државни и меѓународни натпревари, екстерни или интерни конкурси, проекти како и учество на хуманитарни, културно уметнички и општествено корисни активности како и активно учество во ученичките организации.
За пофалено одделение важи се она што е наведено во став (1) од овој член.
Изборот за пофалено одделение го врши Наставничкиот совет, врз база на предлогот даден од одделенски совет.
За пофалена паралелка важи се она што е наведено во став (1) од овој член.
Изборот за пофалена паралелка го врши Наставничкиот совет, врз база на предлогот даден од одделенски совет.

**Член 21**

Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација- деветто одделение, комисијата за пофалби и награди го вреднува според бодовна листа за пофалби и награди за избор на првенец на генерација, пофалени и наградени ученици

Критериуми за избор на првенец на генерација и гордости се:

### *I КРИТЕРИУМ*

А) Континуиран одличен успех од IV - IX одд. – **10 бода**

Б) Примерно поведение од VI-IX одд. -**5 бода**

В)Да се нема изречено педагошка мерка. -**2 бода**

Г) Учество во слободни ученички активности и додатна настава.

Г1) За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-**2 бода**

Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставник на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.

Г2) За додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-**2 бода**

Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.

Д) За одговорна улога во ученички организации (Детска организација, Ученичка заедница
Ученички парламент)-**2 бода**

Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите организации за што и самиот наставник има доказ.

Ѓ) Учество во литературни и ликовни конкурси, смотри, училишни приредби,хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето - **2 бода**

Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите активности, за што и самиот наставник има доказ.

*** Наставникот , препораките ги докажува пред Комисијата.**

Е) Училишни натпревари:

1) Учество и награди на училишни натпревари на ниво на самото училиште, кои се организирани по сите правила и прописи кои ги бара МОН, согласно неговиот Правилник за организација и реализација на училишни натпревари и за тоа има соодветна документација и доказ од страна на наставниците кои ги организирале натпреварите во самото училиште.

| Натпревар | Училишен |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Учество со пофалница | 0,5 |
| Освоено 3 место | 1 |
| Освоено 2 место | 1,5 |
| Освоено 1 место | 2 |

**Критериум**

**А) Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**

| Натпревар | Општински | Регионален | Државен | Меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 4 | 6 | 8 | 10 |
| Освоено 3 место | 8 | 12 | 16 | 20 |
| Освоено 2 место | 12 | 18 | 24 | 30 |
| Освоено 1 место | 16 | 24 | 32 | 40 |

**Б) Учество и награди на групни  натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**

| Натпревар | Општински | Регионален | Државен | Меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 2 | 4 | 6 | 8 |
| Освоено 3 место | 2,5 | 4,5 | 6,5 | 8,5 |
| Освоено 2 место | 3 | 5 | 7 | 9 |
| Освоено 1 место | 3,5 | 5,5 | 7,5 | 9,5 |

**В) Учество и награди на индивидуални неакредитирани натпревари, музички натпревари, ликовни натпревари, литературни, драмски, рецитаторски натпревари и техничко творештво,  кои го промовираат училиштето**

| Натпревар | Општински | Регионален | Републички | Меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 2 | 4 | 6 | 8 |
| Освоено 3 место | 4 | 6 | 8 | 10 |
| Освоено 2 место | 6 | 8 | 10 | 12 |
| Освоено 1 место | 8 | 10 | 12 | 14 |

**Г) Учество и награди на групни неакредитирани натпревари, кои го промовираат училиштето**

| Натпревар | Општински | Регионален | Републички | Меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 1 | 3 | 5 | 7 |
| Освоено 3 место | 1,5 | 3,5 | 5,5 | 7,5 |
| Освоено 2 место | 2 | 4 | 6 | 8 |
| Освоено 1 место | 2,5 | 4,5 | 6 ,5 | 8,5 |

**Критериум:**
Јавно гласање на Одделенско совет за IX одд/наставници кои предаваат во IX одд.
Секој наставник на одделенскиот совет има право да гласа само за еден од кандидатите, како и обврска да даде кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, заради што го дал својот глас за кандидатот.
Јавно дадениот глас од секој наставник, како и неговото кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, влегуваат во записникот на Наставничкиот совет, како и во записникот на комисијата за целиот тек на изборната постапка.

**Член 22**

На ученикот кој е избран за првенец на генерација му се доделува Пофалница, на стандарден училишен образец, потпишана од директорот на училиштето и пригодна награда по избор на училиштето

**Член 23**

На учениците кои се избрани за гордости им се доделува Пофалница на стандарден училишен образец, потпишана од директорот на училиштето и пригодна награда по избор на училиштето

**Член 24**

На сите Пофалници се става округли печат на училиштето.

**Член 25**

На истиот начин се регистрираат сите награди кои во текот на учебната година ги дава училиштето на училишни натпревари, интерни конкурси по повод денот на училиштето, значајни датуми, акции и сл.

**Член 26**

**Пофалено одделение** е она кое има највисок среден успех на квалификациониот период на учебната година ( прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие, крај на наставната/учебната година), а во кое не се изречени педагошки мерки за неоправдани изостаноци или непримерно однесување за било кој ученик.
Во случај на изедначеност по претходните критериуми, пофалено е она одделение, кое има помал број на неоправдани изостаноци на квалификациониот период од учебната година.
На пофаленото одделение му се врачува Пофалница пополнета со називот на одделението, учебната година и наведената причина за доделувањето
За пофалена паралелка важи истото што и за пофалено одделение

На сите Пофалници се става округли печат

**Член 27**

Сите награди ги врачува директорот на училиштето, на Патрониот празник на училиштето-4 мај,на денот на издавање на сведителствата на учениците лично, а на пофаленото одделение како и на пофалената паралелка , во текот на учебната година, по квалификационите периоди (тримесечие, полугодие или крај на наставната година) или кога за тоа ќе се создадат услови.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

Резултатите од изборот на ученик на генерација и пофалени ученици се соопштува на Наставничкиот совет од страна на Претседателот на комисијата.

**Член 29**

Наставничкиот совет го потврдува изборот на ученик на генерацијата и гордости со одлука.

**Член 30**

Учениците кои не се прворангирани можат да поднесат приговор до Училиштниот одбор во рок од
3 дена од усвојувањето на изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет.

**Член 31**

Училиштниот одбор го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 5 дена.

**Член 32**

(1) Овој Правилник го донесува Наставничкиот совет, а влегува на сила со денот на донесувањето (2) Критериумите и образецот во кој се внесуваат бодовите, согласно критериумите за првенец за избор на генерација, гордости се во Прилог на овој Правилник

*Прилог бр. 27.3***Правилник за должности на наставници и дежурни ученици во ООУ „ Гоце Делчев " , Свети Николе**

**Должности за воспитно образовниот кадар во ООУ „Гоце Делчев"-Свети Николе**

1. Воспитно-образовниот кадар доага 10 минути пред почетокот на часот, а дежурните 20 минути пред почетокот на наставата.
2. Ако ученикот задоцни наставникот му дозволува да присуствува на час .
3. Исхраната на учениците со ладен оброк наставникот ја организира да се спроведе во кабинетот-училницата во согласност со претходниот договор на ниво на училиште.
4. Секој наставник е должен навреме да го отпочне и да го заврши наставниот час-работната активност.
5. Наставниците-воспитувачите се должни во исправна состојба да ги чуваат нагледните средства,кабинетскиот прибор и училишната опрема
6. По завршувањето на наставниот час-активност наставниците последни ја напуштаат училницата-кабинетот и ги потсетуваат дежурните ученици за нивните должности.
7. Сите наставници се должни да се грижат за одржувањето на редот, дисциплината и хигиената во училиштето.
8. Дежурните наставници се должни да обезбедат, влезната врата да биде отворена, а дежурствата да ги обавуваат во текот на целиот одмор.
9. Наставниците во кабинетите-училниците го определуваат распоредот на седењето на учениците.

10. Дежурните наставници во зависност од временските услови и должината на одморот определуваат дали учениците ќе се задржат во училишниот двор или училницата-кабинетот
11. Наставниците по завршувањето на наставата училниците-кабинетите ги заклучуваат.
12. Секој наставник се грижи училницата-кабинетот да биде украсена и уредена во склад со критериумите.
13. Дневниците за работа на паралелките по завршувањето на наставата се чуваат во Наставничката канцеларија.
14. Дневникот за работа на паралелката не смее да биде носен од ученик, родител, или друго лице надвор од училиштето.
15. Наставниците се должни навремено да ги уплаќаат собраните пари од учениците по разновидни основи.
16. На наставниците,директорот, педагогот, психологот забрането им е физички и психички да ги малтретираат учениците.
17. Забранета е употребата на алкохолот во училиштето од страна на вработениот воспитно образовен кадар.
18. Пушењето на цигари за воспитно-образовниот кадар НЕ Е дозволено во просториите на училиштето или во дворот на училиштето
19. Во училиштето е забрането било какво верско и политичко организирање - дејствување од страна на вработените.
20. Не е дозволена дискриминација на учениците заснована на: пол, раса, национална припадност, социјално потекло и верско убедување.
21. Строго е забранета злоупотребата на половите разлики на учениците
22. Секое отсуство на наставникот од наставата претходно се најавува, за да може наставата да се организира.
23. Мора да бидат почитувани термините за одржување на дополнителната , додатаната настава и слободните активности.
24. Задолжително е почитувањето на термините за индивидуалните и општите средби со родителите.
25. Ученичкото незадоволство од оценувањето, предавањето и односот на наставниците го искажуваат кај одделенскиот раководител и директорот.
26. Отсуство на наставникот на часот подолго од 5 минути ќе биде пријавено до директорот на училиштето од страна на дежурниот ученик.
27. Не е дозволен прием и разговор со родител или друга странка за време на одржувањето на наставниот час.
28. Вработените се должни со личен пример да влијаат врз учениците.
29. Јавното навредување и заканување на реалација наставник-ученик и наставник-наставник е забранета.
30. Забрането е искористувањето и уценувањето на учениците за придобивање на материјална корист.
31. Дежурните наставници го контролираат дежурството на учениците на влезната врата и се грижат за успешноста.
32. Секое отсуство на воспитно образовниот кадар на состаноците на училишните стручни органи и тела или нивно доцнење мора претходно да се најави, во спротивно ќе биде изречена парична казна од 5 проценти од платата во траење од еден до три месеци.
33. Главната книга и Одделенската книга ги води раководителот на паралелката.
34. Ученичките евидентни листи и свидетелствата ги пишува раководителот на паралелката.
35. Наставниците и стручните соработници во училиштето во текот на својот работен век се должни стручно да се усовршуваат.
36. Информациите кои се доставуваат до вработените, истите се должни да ги пренесуваат онака како што е кажано.
37. Советодавната работа со децата со проблеми се врши во присуство и соработка со раководиттелите на паралелката.
38. Наставници, вработени во матичното училиште, не можат да организираат додатна и дополнителна настава за ученици од истото училиште во домот.

**Правилник за улогата и задачите на дежурните ученици на влезот и ходникот на училиштето**

1.Дежурството на учениците е во означениот ден во време од 7:15 до 13:00 за претпладневната смена
2.Секоја промена треба да биде во согласност со одделенскиот раководител, директорот или педагошко- психолошката служба.
3.На часовите кога се работи писмена или контролна работа или по потреба на некој друг час, дежурните ученици присуствуваат на часот и се заменуваат со ученици од наредното одделение.
4.Ако има потреба од таква замена, учениците ја пријавуваат до одделенскиот раководител, директорот или педагошко- психолошката служба.
5.Забелешките од дежурството се вршат во книгата за дежурство.

6.Задача на дежурните ученици е да ги пријавуваат и да ја воспостават врската на лицето кое доаѓа однадвор по некоја потреба со вработените во училиштето.
7.Обврска на дежурните ученици е да извршуваат контрола на лицата коишто доаѓаат однадвор, да ги легитимираат и да ги спроведат до потребното место или бараното лице.
8.Доколку бидат забележани некои непожелни инциденти и состојби од страна на учениците или други лица, да бидат пријавени кај дежурниот наставник или стручната служба.
9.Влезната врата да биде постојано затворена, а по потреба да се отвора.
10.Да се извршуваат задолженија само во рамките на училиштните потреби;
11.Книгата за дежурство да се чува уредно од непотребни забележувања, вадење на листови и оштетување. Секое непотребно оштетување ќе се казнува.
12.Дежурните ученици се задолжени да бараат лична карта од оној кој влегува и ако имаат проблем некој да не сака да ја покаже, истото да го пријават кај дежурниот наставник;
13.Дежурните ученици треба на крајот од своето дежурство уредно да го потпишат од нив списокот и да дојдат за печат кај секретарот.
14.Постапката се повторува секој ден на секое дежурство.
15.Секоја повреда и неодговорност кон обврските на дежурните ученици повлекува предагошка мерка

*Прилог бр 27.4* **Правилник за начинот и критериумите на организирање на училишните натпревари во ООУ„Гоце Делчев"-Свети Николе**

**1.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**член 1**

Со овој правилник се утврдуваат начинот и критериумите за организирање и спроведување на улишни натпревари во ООУ„Гоце Делчев"-Свети Николе

**член 2**

Натпреварите се организираат со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењата,вештините , умеењата и способностите на учениците по одделен предмет.

Содржината на натпреварите е соодветна на возраста на учениците и се темели на наставниот план и програма за основното образование.

**член 3**

Натпреварите се организираат од страна на предметниот наставник т.е наставници кои го предаваат тој предмет во просториите на самото училиште

**Член 4**

На натпреваротсе пријавуваат ученици по сопствен избор, истотака одделенските –предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари

**Член 5**

На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумитена одржување) на натпреварите да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден.

**Член 6**

Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници во зависност од предмето за кој се организира натпреварот.

**Член 7**

Учениците имаат право да се пријават најмногу на 5  училишни натпревари, односно само по 5 наставни предмета

**Член 8**

Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите дабидат унифицирани за сите ученици.

**Член 9**

Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, треба да изготви список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци):
-едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија,
-вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)
-третиот, заедно со извештај за реализиран натпревар се доставува до библиотекарот на училиштето.

## 2.ЦЕЛИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

**член 10**

Цели на натпреварите се:вреднување на нивоата на стекнатите знаења, вештини и умеења на учениците,рангирање според постигањата на учениците,откривање на учениците кои се талентирани за одредена област

## 3.ОРГАНИЗИРАЊЕ,ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАТПРЕВАРИТЕ

**член 11**

-натпреварот го организира наставникот  т.е активот на наставници по одредениот предмет
-натпреварот се одржува во слободна просторија т.е училница во училиштето
-датумите за натпреварите се договараат на ниво на активите во училиштето најкасно два месеци пред да се одржат натпреварите
-тестовите ги изготвуваат активот на наставници
-прашањата од тестовите треба да соодветствуваат со наставниот план и програма

-на натпреварот можат да учествуваат сите редовни ученици кои покажуваат афинитети кон дадениот предмет по кој се одржува натпреварот
-резултатите од натпреварот (ранг листа)се објавуваат на огласна табла во училиштето најкасно пет дена од натпреварот
-рангирањето се врчи според бројот на освоени бодови
-доколку повеќе ученици имаат ист број на бодови,делат исто место и сите имаат еднаков ранг
-времетраењето на тестот и бројот на прашањата го определува самиот наставник
-доколку има услови наставникот може да повика набљудувачи на натпреварот
-наставникот е должен да изработи клуч на тестот во случај на приговор (кој се доставува во рок од 90 минути од завршувањето на тестот)
-прво,второ,трето место добиваат диплома од страна на училиштето
-Наставникот по завршувањето и рангирањето на учесниците изработува извештај кој се доставува до стручна служба на училиштето

**член 12**

Секој од учесниците на натпреварот има право на приговор и увид на тестот

*Прилог бр.27.5***Протокол за комуникација во училиштето**

Во секоја успешна работна организација од голема важност е квалитетна и успешна комуникација.
Овој комуникациски протокол е збир на одредени правила за размена на информациите помеѓу сите субјекти и помага сите инволвирани субјекти во училишното работење полесно да најдат одговор на прашањето:
Во случај на..
***Кому да се обратам?...***
***Кого да контактирам?..***

Истовремено со овој комуникациски протокол нашето училиште покажува дека се залага да ја гради и надградува комуникациската култура со што се истакнува како силен фактор за одржување на квалитетна и современа комуникација не само во училиштето туку и пошироко во заедницата.
Комуникацискиот протокол претставува обврзувачки документ за сите вработени во училиштето и секое прекршување претставува повреда на интегритетот и угледот на училиштето.
Овој протокол за комуникација е предмет на постојани надоградувања и надополнувања во согласност со потребите на училиштето и динамиката на одвивање на наставните процеси воопшто. За почеток, опфаќа дел од најчесто евидентираните проблеми во комуникацијата и дава можност истите да бидат канализирани и олеснети.
Во училиштето секогаш се поздравува. Се разговара на мирен тон, со доза на почит и уважување на личноста како и на аргументите од едната или другата страна. Секој вработен треба достоинствено да го претставува угледот на институцијата во која работи придржувајќи се во целост со правилата за работа и донесување пропишани во законот за основно образование, Законот за работни односи, Статутот, Правилниците, Куќниот ред и кодексите во училиштето.

**1. УЧЕНИЦИ**

**1.1** Во случај на проблем во училница или несогласување меѓу ученици:

- Претседател на класот (заедно со ученикот) го информираат класниот раководител,
- Класниот раководител (заедно со учениците) организира средба со предметниот наставник и се обидуваат да го решат проблемот
- Предметниот наставник (во случај да не може да се изнајде решение предметниот наставник и класниот раководител) ја информираат стручната служба и заеднички го решаваат проблемот.
- Стручната служба го разрешува проблемот (стручната служба секојдневно комуницира со директорот и го информира за случувањата во училиштето)
- Директорот го разрешува проблемот (во краен случај се вклучува и директорот во разрешување на проблемот).

**Проблемите од овој вид се решаваат по овој редослед и не треба да се прескокнува ниту една дефинирана инстанца).

**1.2** Во случај на здравствен проблем или повреда на ученик:

- Дежурен наставник/слободен наставник во наставничка канцеларија/стручна служба
- Класен раководител (во случај да не присутен во моментот се информира стручната служба)
- Стручна служба (го евидентира случајот) и повикува некој од членовите на Тимот за прва помош (во случај да има потреба за интервенција кај повреден ученик).

** Доколку има потреба дежурен наставник или било кој слободен наставник повикува брза помош и ја известува стручната служба и директорот.

**1.3** Во случај да треба да се најави отсуство на ученик:

- Класен раководител
- Предметни наставници
- Стручна служба (за подолго отсуство на ученикот)

**1.4** За потреби од административна природа, потврди, документи и сл

- Секретар
- Класен раководител

**1.5** Кога треба да се пријави изгубен/најден предмет:

- Дежурен наставник
- Класен раководител
- Стручна служба

**1.6** Во ситуација кога цел час напуштил час:

- Класен раководител
- Стручна служба
- Родители

**Законските прописи не дозволуваат самоволно и масовно напуштање на часеви и предвидува казнени мерки по кои се постапува.
***Се закажува наставнички совет и вонредна родителска средба.

**1.7** Во случај на проблем во училница или несогласување на ученици од класот со предметен наставник:

- Предметниот наставник (заедно со учениците организира средба со класниот раководител и се обидуваат да го решат проблемот)
- Стручна служба (во случај да не може да се изнајде решение предметниот наставник и класниот раководител ја информираат стручната служба и заеднички го решаваат проблемот)

***Стручната служба секојдневно комуницира со директорот и го информира за случувањата во училиштето така што во краен случај и директорот може да се вклучи во решавање на проблемот и само тогаш кога ќе добие информација од стручната служба дека тоа е неминовно.

**1.8** Во случај на подолго отсуство на ученик поради здравствен проблем или повреда на ученик

- Класен раководител
- Стручна служба
- Предметни наставници

***Заедно со стручната служба се договараат за начинот на информирање на предметните наставници за случајот.

## 2. НАСТАВНИЦИ

2.1 Во случај кога се потребни информации и податоци за кои е претходно информиран класниот раководител дека треба да ги собира и евидентира (активности на ученици со предметни наставници, тел.броеви и емаил адреси, список на ученици и сл.)

- Одговорен наставник на актив/генерација
- Стручна служба,директор (во зависност од побарувањето)

2.2 Во случај на несогласување со друг наставник, родител или вработен во училиштето:

- стручна служба;
- директор.
-

2.3 Во случај на ненадејна спреченост да дојде на работа:

- директор;
- секретар;
- стручна служба;

2.4 Во случај на ненадејна потреба да замине порано од работно место:

- директор
- лице од стручна служба кое е на смена.

2.5 Во случај за потреба од слободен ден:

- директор (се поднесува барање за слободен ден до директорот, и при тоа отсутниот наставник навремено си обезбедува/организира соодветна замена).

2.6 Во случај на отсуство од работа поради боледување:

- директор;
- стручна служба (организира замени за деновите на отсуство).
- секретар.

2.7 Да пријави непочитување на куќен ред:

- дежурен наставник;
- стручна служба;
- директор.

*** Дежурниот наставник е должен да ја информира стручната служба и директорот.

2.8 Во случај кога одреден ученик/ици се вклучени во активност со специфична задача (натпревар, проект, манифестација и сл):

- класен раководител;
- предметни наставници.

*** Класниот раководител треба да има детален увид на активностите на учениците од својот клас. Тој е единствен извор на информациа за тоа кои ученици треба да бидат наградени и пофалени, а предметните наставници треба да доставуваат имиња и презимиња на класниот за активностите а тој ја води евиденцијата.

2.9. Во случај кога наставникот има лична потреба за разговор со директор:

- најавува разговор барем 1 ден порано.

**НАДВОРЕШНИ ЛИЦА**

Во случај кога лице од надвор доаѓа во училиште за време на траење на часот и бара наставник:

- Помошниот персонал разговара со лицето помагајќи му да потврди присуство на лицето кое го бара и му укажува дека треба да почека до завршувањето на часот.

Во случај кога лице од надвор има административна потреба:

- Помошниот персонал го упатува до секретар на училиштето/стручната служба.

Во случај кога за време на часовите лицата од Помошниот персонал се соочуваат со прекршување на куќниот ред на училиштето од страна на ученици:

- интервенира со тоа што разговара со ученикот и изнаоѓа решение во согласност со куќниот ред и кодексите за однесување.

*** Дежурниот наставник е оној кој треба да процени како треба да постапи во соодветната ситуација со ученикот. За груби нарушувања на правилата на однесување во училиште ја известува стручната служба а во случаи на исклучоци поради специфична потреба на ученикот или неговата здравствена состојба реагира соодветно на ситуацијата.

**РОДИТЕЛИ**

Во случај да треба да се оправдаат изостаноци за своето дете потребно е да се обратат до:

- класен раководител.

Во случај да треба да се најави отсуство за своето дете потребно е да се обратат до:

- класен раководител.

Доколку родител сака да разговара со предметен наставник:

- Помошниот персонал или дежурен наставник дава информации на родителот и доколку треба да почека му кажува дека треба да почека до завршување на часот.

Во случај на разрешување на проблем:

- класен раководител;
- предметен наставник;
- стручна служба.

Во случај на здравствен проблем или повреда:

- класен раководител (во случај да не е присутен во моментот ги информира предметниот наставник и стручната служба).

За потреби од административна природа, потврди, документи и сл.:

- класен раководител;
- секретар;
- стручна служба.

Во случај кога имате потреба за разговор со директор:
најавува разговор барем 1 ден порано преку обезбедување или секретар/пом. Директор

*Прилог бр.27.6***Протокол,правила и постапки при појава на пушење и внесување и конзумирање алкохол во училиштето**

Протоколот е изготвен врз основа на Кодексот на однесување и Куќниот ред на училиштето и важи за сите субјекти кои се вклучени во воспитно образовниот процес (наставниците, стручните соработници, учениците, родителите, раководниот кадар и ненаставниот кадар).

Протоколот вклучува правила во однос на внесување и користење цигари и алкохол во училиштето, како и постапки во случај на непочитувње на правилата и протоколот.

**<u>Правила за учениците:</u>**

- ✓ Не е дозволено внесување и користење на алкохол и цигари во училиштето и училишниот двор;
- ✓ Не е дозволено доаѓање на учениците под дејство на алкохол;
- ✓ За учениците кои не ја почитуваат забраната се реализира разговор со одделенски раководител;
- ✓ Се повикува родител од страна на одделенскиот раководител кој после информирањето на родителот и разговорот со него, го упатува на советување кај стручен соработник;
- ✓ Доколку оваа постапка не даде резултат се повикува на повторно советување и се дава временски период од две недели за ученикот да го коригира своето однесување;
- ✓ Ако и после ова нема позитивна промена кај ученикот се изрекува педагошка мерка и се намалува поведение.

**<u>Правила за наставниците и останатиот кадар во училиштето,технички персонал,надворешни соработници:</u>**

- ✓ Не е дозволено пушење и конзумирање алкохол од страна на вработените, внатре во просториите на училиштето;
- ✓ Не е дозволено доаѓање на наставниците и останатиот кадар под дејство на алкохол;
- ✓ Надвор од училишната зграда се одредува простор каде вработените можат да пушат, но по можност тоа да биде одредено дискретно место;
- ✓ За повторување на прекршокот повеќе пати од страна на некој вработен, директорот поведува дисциплинска постапка против вработениот;
- ✓ Надворешните соработници се должни да го почитуваат Кодексот и Куќниот ред, како и протоколот на училиштето.

**<u>Правила за родителите:</u>**

- ✓ Родителите се должни да го почитуваат Кодексот и Куќниот ред, како и протоколот на училиштето;
- ✓ Родителите се должни да ја прифатат поканата за советување доколку се повикани од страна на одделенскиот раководител, стручните соработници или директорот, а која се однесува на нивните деца;
- ✓ Родителите се должни да соработуваат со училиштето за сузбивање на појавата на пушење и конзумирање алкохол во училишната зграда и двор.

**Протоколот содржи постапки кои се превземаат во случај на непочитување на Кодексот и Куќниот ред во врска со пушењето и алкохолот:**

<u>Доколку се однесува на ученик:</u>

- ✓ реагира одделенскиот раководител-разговара и го советува ученикот,
- ✓ информира родител и го повикува на разговор. Притоа го запознава со правилата на однесување, Кодексот и Куќниот ред на училиштето;
- ✓ го информира за последиците од непочитувањето на претходното;
- ✓ Го упатува ученикот на советување од страна на стручен соработник и директор;
- ✓ Изрекува педагошка мерка за ученикот кој го повторува делото;
- ✓ Училиштето организира работилници или предавања за зависности од злоупотреба на цигари и алкохол.

<u>Доколку се однесува на вработен:</u>

- ✓ Директорот го повикува и опоменува;
- ✓ Му укажува на последиците од непочитување на правилата на однесување, Кодексот и Куќниот ред на училиштето;
- ✓ Директорот покренува дисциплинска постапка против вработениот;

Доколку се однесува на родител:

- ✓ Било кој вработен му укажува на родителот дека се тоа забранети дејствија во училиштето и мора да се почитуваат;
- ✓ Повикува обезбедување да го упати родителот надвор од училиштето;
- ✓ Информира директор;
- ✓ Доколку дејствието се повторува, директорот може да го пријави лицето во подрачната полициска станица кои спроведуваат своја постапка.
- ✓ Го информира Советот на родители и бара претставниците на паралелките да ги информираат останатите родители и да укажат на задолжително почитување на Кодексот и Куќниот ред на училиштето.

**Дополнителни препораки**:

- ✓ Потребно е да се покаже подготвеност од сите чинители во тек на секоја етапа од процесот за да се надмине појавата на неприлагодено однесување;
- ✓ Потребно е внимателно да се пристапи при користење на алкохол и да се истражи колку често се употребува и кои се причините за тоа;
- ✓ Понекогаш промените во однесувањето и ризичното однесување може да биде последица на посериозни проблеми на младите или во нивното семејство. Потребно е да се има во предвид поширокиот контекст во третирање на промените на однесувањето;
- ✓ Случаите е потребно да се третираат посебно, секој ученик е индивидуа сама за себе и реагира различно. Искуствата од претходните случаи не се секогаш применливи на новите случаи;
- ✓ Стручниот соработник треба да создаде атмосфера на доверба со цел ученикот отворено да може да разговара за причините на своето однесување;

- ✓ Не смее да се навредува личноста на ученикот;
- ✓ Правилата и постапките важат подеднакво за сите.

## *Прилог бр28*Инструмент за подготовка, следење и евалуација на програмите и акоционите планови

| **Година 2025/2026** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Временска рамка(месец)** | | | | | | | | | | | | | | | **Следење** | | | |
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начинна спроведување** | **инструменти** | **Очекуван иизрезултати** | **Одговорнолице** | **√x** | **Потребенбуџет** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | **(ресурси)** | | | | | |
| **Подготовка и следење на програмата на директорот** | X | x | x | x | x | x | X | x | x | x | | x | директор | ИКТ, тим за Годишна програма | Евидентени листови, увиди, наблудување | Унапредување на ВОР | Тим за изготвување на ГП | | - |
| **Подготовка и следење на програмата на дефектолог** | X | x | x | x | x | x | X | x | x | x | | x | директор | ИКТ, Тим за ГП | Евидентни листови, увид, разговор, осврти | Помагање на организацијатаи планирање на активностите | директор | | |
| **Подготовка и следење на програмата на психологот** | | | | | x | | | | | x | x | x | психолог | Годишеен извештај, самоевалуациј а, концепција за деветгодишно образование, план за развој | Евидентни листови, днеевник за работа, извештаи, анализи, наблудување | Помагање на развојот на учениците, помагање на ВОР | Тим за изготвување, на ГП, директор | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на програмата на педагогот** | | | | | x | | | | | x | X | x | педагог | Годишеен извештај, самоевалуациј а, концепција за деветгодишно образование, план за развој | Евидентни листови, дневник за работа, извештаи, анализи, наблудување | Помагање на развојот на учениците, помагање на ВОР | Тим за изготвување, на ГП, директор | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на програмата на библиотекарот** | | | | | x | | | | | x | | x | библиотекар | Концепција за основно образование, програма за директотрот | Евидентен лист, извештај, осврт | Поттикнување на интересот на учениицте за читање книги | директор | | |
| **Подготовка и следење на програмата на УО** | | | | | x | | | | | x | | x | Претседател на УО | Развоен план, Годишна програма, финансов план , финансов извештај | Записници | Успешно управување и подигнување на квалитетот на наставата и работата на училиштето | Вработен и во училиштето, Совет на родители, локална самоуправа | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на програмата на СР** | | | | | x | | | | | x | | x | Претседател на СР | Годишен програма, ГПП, Раззвоен план | Записници | Успешно вклучување во работата на училиштето, подигнување на квалитетот на учење, подобрување на ученичкиот стандард | Комисии од родители | | |
| **Подготовка и следење на програмата на Наставнички совет** | | | | | x | | | | | x | | x | директор | Годишен извешштај, Развоен план, самоевалуациј а, ГП, наставни планови и програми | Записници, Одлуки | Унапредување на целокупната ВОР | Тим за самоевалуација | | |
| **Подготовка и следење на програмата на на стручни активи** | | | | | x | | | | | x | | x | Одговорни наставници | Годишен извештај развоен план наставни програми | Записници | Унапредување на наставата | Директор | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на планот за заштита на животна средина** | | | x | | x | | | x | | x | | x | Одговорни наставници | Акционен план, материјали од семинари | Дневни и годишни планирања, увиди во одделенски дневници | Успешна примена на еко стандардите | Директор, еко одбор | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Следење на реализација на МИО активности** | | | | | | | | | x | | | x | Тим за училишна интеграција | Материјали од семинари и акционен план | Прашалник за самоевалуација | Подигнување на свеста и потребата од почитување на другите етнички заедници | Директор, ментори од МИО | | |
| **Подготовка и следење на програмата за елементарни непогоди** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | | x | Одговорни лица | Правилник за заштита и спасување, План за евакуација | Извештај | Подобрување на безбедноста во училиштето | Комисија | | |
| **Подготовка и следење на реализацијата на ученичките екскурзии** | | | x | | x | | | | | x | | x | Одговорни наставници | Програми, Правилник за екскурзии | извештај | Проширување на знаењата на учениците за непосредното опкружување | Совет на родители, училишен одбор | | Сопствени средства на родителите |
| **Подготовка и следење на програмата на ученичките натпревари** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | X | x | Одговорни наставници | План за натпревари, годишен извештај, развоен план | Извештај од натпревари | Постигнување солидни резултати на натпреварите ,а фирмирање на училиштето | Одговорни наставници,директор,помошник на директор, ППС | | Спостевни средства на училиштето |
| **Подготовка и следење на програматаза општествено-хуманитарна работа** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | | x | Директор | План за работа | извештај | Оттикнување на хуманоста кај учениците | Директор, помошник директор | | Собрани средства од хуманитарни акции |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на програмата на УЗ** | | | x | | | x | | | x | | | x | Претседател на УЗ | План и програма за работа, самоевалуациј а, развоен план | Записници, трудови | Пттикнување , насочување и мотивирање на учениците за вклучување во креативни актоивности | Педагог, психолог, одделенски раководители, директор, помошник директор | | |
| **Подготовка и следење на програмата за соработка со локалната средина** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | X | x | Одговорни наставници | Програма за работа, извештај | Записници, одделнски дневник, годишен извештај | Успешна соработка соработка со локалната средина | Директор, одговорен на детска организација | | |
| **Подготовка и следење на програмата за грижа за здравјето на учениците** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | x | x | Одговорни наставници | Самоевалуациј а, Развоен план , извештај, | Записници, одделнски дневници, извештај | Едуцирање учениц за превенција, зачувување и негување на здравјето | Директор, одговорни наставници | | |
| **Подготовка и следење на програмата за јавна и културна дејност на училиштето** | X | X | x | x | x | x | X | x | x | x | x | x | Одговорни наставници | Програма за работа, развоен план | Одделенски дневник | Афирмирање на учениците и нивните постигања во локалната средина | Директор, помошник директор, одговорен наствник на детска организација | | |
| **Подготовка на распоред на часови** | | | | | | | | | | x | x | x | Одговорни наставници | Наставен план , распределба на часовите, потребите на ученците, просторните услови | Формулар со распоред | Квалитетна организација на наставата | Директор, помошник директор, дежурни наставници | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка и следење на програмата на инклузивен тим** | | X | x | x | | x | X | x | x | | | x | Одговорни наставници | Материјали од семинари, ИОП програми, тестови | Евидентни листови, досие, ИОП, тест на емоционална интелегенциј а, | Вклучување на учвенцита во паралелката, нивно прифаќање од учениците и наставниците | Тим за инклузивност | | |
| **Подготовка и следење на програмата за професионална ориентација** | | | | | | | | x | x | | | | Одговорни наставници | Анкети, самоевалуациј а, интернет, презентации | Разговор, дискусија, презентации, прашалник | Информирање на учениите и ориентирање, откривање на интересите за идно занимање | Одделенски раководители | | |
| **Подготовка и следење на програмата за следење, вреднување и унапредување ВОР** | | X | x | x | | x | X | | x | x | | x | Директор, педагог, психолог,деф ектолог | Планирања на наставниците, наставен план и програм, ГП | Евидентен лист, педагошки картон, професионално досие | Унапредување на ВОР | Директор, педагог, психолог, ДПИ | | |
| **Подготовка и следење на правилникот за однесување ( куќен ред)** | | | | | | | | | | | | x | Секретар, директор, Училишен одбор | Закон за ОБ, статут на училиште, Правилници | Наблудување, анкета | Подобрување на квалитето на односуте во училиштето, почитување на работните обврски | Директор, секретар, помошнии директор | | |